**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1079**
**Скопје, 16 јуни 2014 година**

**Издание на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

Бр. ____________
_5.8. 2013_
Скопје

**Предмет:** **Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.
Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***д***', '***п***', '***т***', '***г***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѐ**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.
Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).
Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.
Ви благодариме за соработката.
Со почит,

**Проректор**
**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1079 од 16 јуни 2014 година**


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Вреднувањето на наставните материјали по англиски како странски јазик во Република Македонија,** изработена од **м-р Гордиана Ѓоргова,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје......8-13
2. Реферат за избор во звањето вонреден професор од научните области применета лингвистика и англофонски културолошки студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Емилија Саржоска-Георгиевска)**......14-28

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Евалуација на значењето на клиничко-патолошките и молекуларните маркери во раната идентификација на пациенти со биолошки сигнификантен карцином на простата: нов дијагностички алгоритам,** изработена од **д-р Сотир Ставридис,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје......29-33

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(Василка Дуброва Коцева, Ана Кузмановска)**......34

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот за учебник **Ментално здравје во заедница** од **доц. д-р Иван Трајков,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје......35-40
2. Рецензија на ракописот за учебник **Вештини и техники во социјалната работа** од **доц. д-р Иван Трајков и доц. д-р Софија Георгиевска,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје......41-45

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање-асистент на група наставна програма-композитни материјали, на предметите: производи од иситнето дрво, фурнири и фурнирски плочи, познавање на фурнири и плочи, технологија на отпресоци, плочи од иверки и влакна, фурнири и плочи, специјални пресувани производи, примарна преработка на дрвото, како и предметите дрвноиндустриско градежништво, дрво во градежништвото и дрвени монтажни објекти на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје **(м-р Виолета Јакимовска Поповска)**......46-50

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Љупка Панчевска, Јована Темелковска, Горан Мојаноски, Бојан Васиќ, Марија Ангеловска, Драгана Стоилковиќ, Горан Милковски, Ивана Тортеска, Гордана Клинчарова, Хејлио Богоев, Љупка Пандиловска, Елена Софијанова)**......51-52

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Зоран Јосифовски)**......53

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на развојот на софтвер базиран на компоненти врз изградба на квалитетни информатички системи,** од **м-р Флоринда Имери,** пријавена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје......................................................................................................54-58
2. Рецензија на докторската дисертација Методи за детекција и анализа на сврзните делови од протеинските структури и нивна примена за одредување на функции на протеини, од **м-р Георгина Мирчева**, пријавена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје...........................................................................................59-69

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Управување со внатрешната финансиска криза во претпријатијата во функција на одржување на континуитетот во работењето,** изработена од **м-р Фросина Николовска,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.................................................................................70-74
2. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на животниот стил на потрошувачите врз промотивните стратегии на компаниите**, од **м-р Душица Неделкоска,** пријавена на Економскиот институт во Скопје..........................................75-82
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Јасмина Тодоровска, Моника Ѓорѓиева, Иван Стефанов, Владимир Стефановски, Анастасија Стефановска, Даниела Трпкоски-Николовска, Даниела Поповска, Катерина Лазаревска, Атина Поповска-Самојленко, Андријана Јовановска, Емилија Тноковска, Сања Манчева, Милица Ристевска, Цветан Стојановски, Емилија Петреска, Татајана Папастеревска, Марија Љубиновска, Ана Матевска, Магдалена Мартиновска, Ана Карапалева, Билјана Ивановска, Дарко Златески, Елена Наумова, Влатко Тасевски)**........................83-86

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изрaбока на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Сања Илиевска, Ивана Макаровска, Уна Карановиќ, Моника Мустафовска, Душица Бојковска, Николина Радевска Христовска, Марија Хаџи-Арсова, Сања Саздовска, Ивана Димковска, Саветка Проданова, Драгана Коцева, Санер Ахмедов, Орхан Фетаху, Ангела Ѓоргиева, Фросина Димова, Елизабета Атанасова, Костадин Иванов, Иван Пеновски, Елена Кочова, Снежана Ѓоргиева, Сандра Смиљковиќ, Менсур Красниќи, Ивана Булеска, Есмир Селмани, Николина Николовска, Далибор Анчевски, Мартин Поповски, Петар Митев, Сашко Стаменков, Евица Славковска, Кристина Арсова, Вера Мароска, Маријана Столевска, Симона Николовска, Габриела Стаменковска, Емилија Ванчевска, Александра Трајановска, Габриел Станчески, Славица Милошевска, Бујар Дардхишта, Антоние Димовски, Оливер Нес療роски, Габриела Николоска, Николче Давев, Кристина Христовска, Калиопи Ташева, Елена Наковска, Глигор Париш, Емилија Локвенец, Ивана Јовановска, Симона Трендафилова, Билјана Стефанова, Дејан Алексов, Александра Алексовска Николова, Дарко Аврамовски, Александра Додевска, Ангел Шојлев, Оливера Василевска, Мартин Спасовски, Александар Шалевски, Александра Шарац, Адела Бојчевиќ, Моника Сибиновска, Ивана Христовска, Стефан Ристовски, Андријана Димовска, Кире Манински, Катерина Маљцева, Александра Димоска, Ивана Талевска, Симона Гулевска, Стефанија Васкова, Весна Стојковска, Наташа Лелифановска, Миљаим Алиу, Јане Павлов, Александра Настоска, Гоце Велков, Елена Богдановска, Александра Николовска, Дијана Петковска, Никола Аризанов, Фросина Ташковска, Јован Камчев, Андријана Наумовска, Марија Василевска, Маја Јадровска, Кристина Костоска, Мартина Најдановска, Сандра Димовска, Благоја Каламатиев, Соња Тантарова Груеска, Габриела Стефановска, Јосип Гргас, Филип Стојиљковиќ, Перица Богдановиќ, Дамир Незири, Димитар Вандовски, Синиша Ивановски)**..........................................................................87-105

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(сци Аксу Самет)**..........106
2. Преглед на одобрена теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Сања Кипријановска, Кети Вељанова, Арита Сабриу, Маја Доновска Лукаревска, Марина Грамова, Виолета Ацовска, Марија Петковска, Марија Соклевска, Томче Филиповски)**..........107-108
3. Рецензија на докторската дисертација **За размилсувањето од повисок ред при изучувањето на електростатиката и правата струја кај учениците од гимназиите,** изработена од **м-р Фадил Ајредини,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје..........109-113

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Реферат за избор за наставник во насловно звање во научната област применета кинезиологија по предметот кошарка, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје **(д-р Борче Даскаловски)**..........114-121
2. Рецензија на учебникот **Баскет „3 на 3“**, од авторите: **проф. д-р Милан Наумовски, вонр. проф. д-р Миодраг Коциќ** и **асс. д-р Борче Даскаловски,** пријавен на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје..........122-123

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Реферат за избор на еден истражувач во сите научни звања во Одделението за средновековна македонска литература при Институтот за македонска литература во Скопје **(д-р Маја Јакимовска-Тошиќ)**..........124-145
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје **(Магдалена Марковска, Наталија Георгиевска, Симона Танасковска, Виолета Шамбар, Лара Прокопиева)**..........146-148

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област техничка механика и механика на цврсто тело на Машинскиот факултет во Скопје **(д-р Христијан Мицкоски)**..........149-161

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Рана интервенција во ЕИНТ: тактилно-кинестетичка стимулација и недоносени со многу ниска родилна тежина** изработена од **м-р Валентина Дуковска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје..........162-167
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Соња Николова)**..........168

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје **(Елизабета Крстевска)**..........169

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Архитектонскиот факултет во Скопје **(Енис Хоџа, Ива Петрунова, Кирил Уневски, Елена Аспровска, Ерзана Исмаили, Драган Симоновски, Андреа Јамакоска, Кристина Јордановска, Елвис Муслији, Дренуше Саити, Валерија Димитровска, Јасемин Хоџа, Филип Момиќ, Егзона Зендели)**..........170-172

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(Ленче Мојсоска, Мартина Хаџи-Тоневска)**..........173

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Горан Сигеров, Ана Стојмановска, Ефтим Петковски, Марија Здравковска)**........174

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): дефектологија, методика, ран третман (реедукација) на психомоторика), знаковен јазик, дислекција и дисграфија на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Александра Каровска Ристовска)**........175-185

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за избор на асистент од областа на земјотресното инженерство во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје **(м-р Никола Наумовски)**........186-192

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Животното и капитално-пензиското осигурување и економскиот развој,** изработена од **м-р Игор Ивановски**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје........193-198

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор во звањето виш научен соработник/вонреден професор во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Софија Грандаковска)**........199-202

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Геометриско претставување на објекти во интерактивна аугментна реалност** изработена од **м-р Ташко Ризов,** пријавена на Машинскиот факултет во Скопје........203-206

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за научните области (дисциплини): социјална работа, (здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница), теорија на социјална работа, социјален развој и ментално здравје во заедница на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Иван Трајков)**........207-222
2. Рецензија на докторската дисертација **Структурата и епистемолошката вредност на научното познание во современата филозофија на науката,** изработена од **м-р Мартин Поповски,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........223-234

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Екохидролошки пристап во интегралното управување со речните сливови** од **м-р Димитрија Сековски,** пријавена на Градежниот факултет во Скопје........235-240

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор-преизбор во соработничко звање-асистент на група наставна програма ботаника и дендрологија на Шумарскиот факултет во Скопје **(м-р Бојан Симовски)**........241-244
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје **(Виктор Вулгаракис)**........245

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ВРЕДНУВАЊЕТО НА НАСТАВНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ ПО АНГЛИСКИ КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ГОРДИАНА ЃОРГОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На својата четириесет и трета редовна седница одржана на 19.3.2014 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација под наслов „Вреднувањето на наставните материјали по англиски како странски јазик во Република Македонија“, изработена од м-р Гордиана Ѓоргова. Рецензентската комисија беше избрана во следниов состав:

1. д-р Екатерина Бабамова, редовен професор
2. д-р Марија Јанеца-Михајловска, редовен професор
3. д-р Зозе Мурговски, редовен професор
4. д-р Анжела Николовска, вонреден професор
5. д-р Красимира Илиевска, редовен професор.

По разгледувањето на дисертацијата, Комисијата има чест на Наставно научниот совет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1.Образложение на темата

### 1.1. Потреба од вреднување на наставните материјали во наставата по англиски јазик во Р. Македонија

Учебниците и наставните материјали претставуваат суштинска компонента во процесот на учење и усвојување знаења, без оглед на тоа во каква форма и на кое ниво се применуваат. Токму затоа, во повеќето образовни системи, традиции и школи наставните материјали се предмет на истражување, дефинирање, стандардизирање и вреднување.

Во светски рамки, се повеќе програми за обука на наставниците ја вклучуваат компонентата за изработка на наставни материјали. Мошне често за тематика на меѓународните конференции за наставата по англиски како странски јазик се поставува проблематиката на пишување, употреба и вреднување на наставните материјали.

Во рамките на проектите на ЕЦМЈ (Европскиот центар за модерни јазици) во Грац, изготвена е и алатка за професионална надградба за наставниците (Портфолио за наставници по странски јазик), во која е поместен широк спектар на дескриптори за способностите на наставниците да ја вреднуваат соодветноста и ефективноста на наставните материјали.

Во нашиот образовен систем, по традиција, учебникот зазема клучна улога во наставниот процес. Во последнава декада постои сериозен исчекор во однос на подобрувањето на квалитетот на наставните материјали, зголемувањето на понудата и изборот на учебници, особено во наставата по англиски јазик.

Посебна мотивација и потреба за пристапување кон изработка на својата дисертација, м-р Ѓоргова најде и во фактот што законските одредби, на почетокот на нејзиното истражување, дозволуваа одобрение на повеќе наслови за еден наставен предмет, при што наставниците преку стручните активи донесуваа одлука за конечниот избор. Иако законските одредби се подложни на промени, сепак постојат стручни тела, комисии кои треба да извршат избор од огромната понуда на пазарот.

Искуствата покажале дека наставниците своите одлуки за избор не секогаш ги базираат на систематска проценка и вреднување на наставните материјали, туку повеќе на интуитивна одлука или, пак, претходно искуство со наставни материјали од одредена издавачка куќа или автор.

Во нашиот образовен систем, според наодите на м-р Ѓоргова, досега не се правени истражувања кои би ги довеле во корелација методолошко-дидактичката обработка на наставните содржини и степенот на успешноста во усвојувањето на јазичните способности.

Воведувањето на матурскиот испит во средното образование, во кој испитот по англиски јазик има екстерен карактер, уште повеќе ја актуализира потребата од соодветна подготовка на учениците, а со тоа и потребата за избор на наставни материјали кои ќе соодветствуваат на целите на наставната и испитната програма и ќе бидат целосно во функција на развивање на бараните јазични вештини.

**1.2. Цели на истражувањето**

Врз основа на изнесените потреби, кандидатката ги дефинирала и целите на своето истражување:

- да се изработи инструмент за вреднување на наставните материјали по англиски јазик;

- да се утврдат критериумите преку кои се врши изборот на наставните материјали;

- да се утврди какви наставни материјали се користат во наставата по години на изучување и степен на образование;

- да се изврши вреднување на наставните материјали по англиски јазик кои се употребуваат во Р. Македонија, од страна на наставниците и учениците.

**1.3. Хипотези на истражувањето**

При дизајнирањето на своето истражување, м-р Ѓоргова ги дефинираше следниве хипотези:

- наставните материјали кои се користат во наставата по англиски јазик кореспондираат со целите на наставните програми и со испитната програма по англиски јазик за Државната матура;
- наставните материјали по англиски јазик соодветствуваат со современите научно-методолошки основи и стандарди за изработка на учебник.

**1.4. Методологија на истражувањето**

Применувајќи квантитативни и квалитативни методи во својот пристап, методолошки истражувањето е дизајнирано на следниов начин:

-анализа на учебниците кои се употребуваат во паралелки каде што англискиот се изучува како прв странски јазик во основните и средните училишта;

-селекција на субјектите – наставници по англиски јазик и ученици од паралелките кои го изучуваат англискиот како прв странски јазик;

-увид во наставните програми и во матурската испитна програма;

-изготвување на инструменти за прибирање на податоците;

-прибирање податоци од прв и втор ред *(непосредни*: анкети, интервјуа со ученици, наставници и рецензенти на учебници, присуство на часови, и *посредни:* мислења, ставови изнесени во стручни трудови, рецензии, препораки).

Податоците од инструментите се квантифицирани и статистички обработени.

**1.5. Запазување на етичките правила во истражувањето**

При реализацијата на целокупниот тек на истражувањето, се водела сметка за етичките правила и заштита на податоците кои се однесуваат на имињата на сите учесници и соработници во истражувањето. Тоа се однесува на имињата на учениците, наставниците, но и авторите на учебници, при што за да не се нанесе несакана штета или загрозување на професионалните интереси на издавачките куќи, учебниците се обележани шифрирано.

**2. Структура на дисертацијата**

Наодите од своето истражување м-р Ѓоргова ги изнела на 209 страници, распоредени во пет поглавја, на кои им претходи вовед со целосно образложение на мотивацијата, потребите, методологијата, хипотезите и очекуваните резултати. На крајот е дадена обемна литература, како и примерок од користените инструменти за прибирање на податоците.

**2.1. Прво поглавје: наставни материјали.**

Во ова поглавје, најнапред е даден преглед на развојот на пристапите, методите и наставните материјали за настава по англиски јазик во дијахронија. Потоа е направена контрастивна анализа на истите аспекти во текот на последните десет години, со посебен акцент на состојбата во Р. Македонија. На крајот е даден осврт на улогата на информатичката технологија како нов елемент во наставните материјали за изучување на англискиот како странски јазик. Во резимето на ова поглавје, м-р Ѓоргова ги истакнува позитивните карактеристики на современите учебници од аспект на психолонгвистиката и мотивациските фактори, од аспект на развивање интеркултурни компетенции, како и способност за самостојна работа. Во анализата на проектите за примена на информатичките технологии во Р. Македонија, констатирано е дека стратегиите за развој на е-технологиите засега не предвидуваат развој на е-содржини по англиски јазик, поради констатацијата дека на ИНТЕРНЕТ веќе постојат бројни наставни материјали за истата намена.

**2.2. Второ поглавје: Вреднување на наставните материјали по англиски како странски јазик.**

Ова поглавје поаѓа од дефинирање на поимот вреднување во контекст на наставниот процес. Следува образложение на потребите од вреднување на наставните материјали, при што е даден широк преглед на литературата за утврдување методологии за вреднување, како и примери на скали за вреднување на релевантните елементи кои треба да се вградени во секој учебник по странски јазик. Интересен е примерот на Грант (1987), кој го дизајнирал популарниот тест КАТАЛИСТ (акроним изведен од англиски, во кој секоја буква е симбол за една неопходна карактеристика).

**2.3. Трето поглавје: улогата на наставниците во процесот на вреднување на наставните материјали**. Овој раздел дава акцент на оспособувањето на наставниците по странски јазик за вреднување на наставните материјали преку обука за користење на алатката Портфолио за наставници по странски јазик (EPOSTL) уште во периодот на нивната иницијална обука. Понатаму следува анализата на можностите за перманентно стручно усовршување на наставниците во насока на целите на истражувањето. Во резимето од ова поглавје, покрај квалитативната анализа на карактеристиките на споменатата алатка, авторката сугерира Портфолиото да најде примена не само во наставата по методика на соодветните катедри, на семинарите и работилниците за стручно усовршување на наставниците, туку и во програмите на националните тела за сертифицирање на наставниците, како, на пример, приправничкиот испит во образовниот систем во Р. Македонија.

**2.4. Четврто поглавје: приказ и анализа на резултатите од теренското истражување**.

Во ова, според содржината централно поглавје од дисертацијата, кандидатката потсетува на целите на истражувањето, основните истражувачки прашања, а потоа преминува на анализа и дискусија на податоците добиени од прашалникот за наставници (ПН 2010), потоа прави споредбена анализа на одговорите од прашалникот за наставници и оние на прашалникот за ученици (ПУ 2010), проследени со анализа на резултатите од дизајнираниот инструмент за вреднување на учебник (ИБУ 2010).

Во резимирана/скратена форма, квантитативната и квалитативната анализа ги дава следниве податоци:

-спроведено е акнетирање на 110 наставници и 663 ученици од основните и од средните училишта во Р. Македонија;

-демографски гледано, наставниот кадар во анкетираните училишта е релативно млад, но и покрај тоа недоволно мотивиран за членство и учество во работата на професионалните здруженија;

-планирањето на наставата се прави според наставната програма, но голем дел за тоа се ориентираат и според учебникот;

-голем дел од наставниците не ја согледуваат важноста во планирањето да ги вклучат потребите на учениците, сообразно со индивидуалните карактеристики;

-мал број од наставниците се запознаени со суштината на ЗЕРЈ, како основен документ во наставата по странски јазик воопшто;

-мал број наставници се запознаени со постоење на инструмент или каков било документ со критериуми за вреднување на наставните програми и наставните материјали;

-во врска со користењето на ИКТ, 48% од наставниците се изјасниле дека доволно користат ИКТ во наставата, додека само 9% се искажале дека овие технологии ги користат во голема мера;

-учебниците по странски јазик содржат и работна тетратка, која со законската регулатива спаѓа во незадолжителна литература, што претставува ограничувачки фактор во самиот процес на наставата;

-релативно мал број наставници се изјасниле дека на час користат видеокасети, што не изненадува, со оглед на фактот што видеоплеерите се веќе застарена и во голема мера амортизирана опрема во училиштата;
-само 22% се изјасниле дека еднаш во месецот користат и материјали што сами ги изготвиле;
-за мошне важниот критериум за еден учебник, неговата усогласеност со наставната програма, 47% рекле дека е усогласен, а 30% дека е недоволно усогласен;
-во врска со мотивираноста за самостојна работа, наставниците во најголема мера го истакнуваат интернетот како избор на учениците;
-интересна е дискрепанцата во одговорите во врска со мотивациската вредност на учебникот и на работната тетратка: само 34% од наставниците се искажале во корист на учебникот и 27% за работната тетратка; учениците, пак, во висок процент (61%) го заокружиле учебникот, а 46% ја заокружиле и работната тетратка како значаен мотивирачки фактор во процесот на учење;
-за одбележување е и нискиот степен на корелација меѓу содржините по англиски јазик и содржините од другите наставни предмети.

Обемот на параметрите опфатени со критериумите за вреднување е огромен, како и корелациите прикажани во контрастирањето на одговорите на ниво ученик – наставник. Изнесените податоци даваат приказ за состојбите во врска со квалитетот на самите учебници, оспособеноста на наставниците објективно да ги проценат учебниците и другите наставни материјали според дадени критериуми и проверка на нивната објективност преку согледувањата на самите ученици.

**2.5. Заклучни согледувања**

Во овој дел од својата дисертација, м-р Гордеана Ѓоргова ги сумира наодите во однос на проверката на поставените хипотези и истражувачки прашања и, преку сумарен опис на сите фази од теренското и квалитативното истражување, дава заклучни согледувања и коментари во однос на теоретските и практичните аспекти на темата.

Во однос на поставените цели дефинирани на почетокот на истражувањето, таа заклучува дека тие се реализирани, со тоа што е утврдено какви материјали се употребуваат во наставата по англиски како странски јазик во Р. Македонија. Околу 90% од наставниците и учениците одговориле дека на секој час се употребува учебникот, потоа работната тетратка, потоа ЦД и делумно ресурси од интернет, додека останатите материјали, како весници, списанија, аудио и видеокасети, литературни текстови се употребуваат ретко.

Во однос на втората цел, кандидатката констатира дека јасно се согледани ставовите на наставниците и учениците кон наставните материјали, при што се констатира дека помалку од половината наставници сметаат дека учебниците се целосно усогласени со наставната програма. Останатите материјали имаат уште пониски оценки од учебниците во тој поглед.

Мислењата на наставниците се поделени во врска со улогата на учебникот како мотиватор за самостојно учење, давајќи му предност на интернетот.

Во врска со третата цел, по прегледот на стручната литература и на одговорите на наставниците и учениците, изготвен е оригинален мерен инструмент за вреднување на учебник и наставни материјали.

Конечно, четвртата цел, проверка на ставовите на наставниците и учениците во врска со изготвениот инструмент, е реализирана со конкретни податоци за тоа кои делови се сметаат за релевантни, а од кои испитаниците се помалку задоволни.

Првата хипотеза, дека наставните материјали кореспондираат со наставните програми, само делумно се потврди.

Втората хипотеза, дека наставните материјали се во согласност со современите методички и технички стандарди за изработка на учебници, во голема мера се потврди, со тоа што повеќе од две третини од наставниците и учениците дале потврден и аргументиран одговор на прашањата од кои се извлекува овој заклучок.

М-р Ѓоргова на крајот дава и одредени препораки кои произлегуваат од податоците добиени преку теренското истражување, но и врз основа на сопственото неспорно теоретско и практично искуство во наставата.

**3. Заклучок и предлог**

Кандидатката м-р Гордиана Ѓоргова избрала предмет за своето истражување кој е мошне значаен, особено во денешниов миг на практично неограничена понуда на учебници и наставни материјали на компетитивниот пазар.

Таа умешно ја користи методологијата на научноистражувачка работа, поставувајќи релевантни цели и работни хипотези, кои ги проверува преку квалитетно изработени инструменти. Преку систематизирање и компарирање на одговорите од инструментите, но и преку непосреден контакт и увид во наставата, таа успева да создаде мошне издржан инструмент за вреднување на наставните материјали по англиски како странски јазик. Покрај неспорно корисните констатации и насоки во однос на наставата, кои можат да послужат и за понатамошни продлабочени истражувања, креирањето на таа алатка – инструмент е најголемата практична придобивка од дисертацијата, која веруваме дека ќе најде соодветна примена при селекцијата на учебници во иднина, бидејќи, како што констатирале и големото мнозинство ученици, учебникот е се уште најзначајниот извор на кој се потпираат.

Имајќи го предвид изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет да го прифати овој извештај и да ја повика м-р Гордиана Ѓоргова на усна одбрана.

Рецензентска комисија

Д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, с.р.
Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.
Д-р Зозе Мурговски, редовен професор, с.р.
Д-р Анжела Николовска, вонреден професор, с.р.
Д-р Красимира Илиевска, редовен професор, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ПРИМЕНЕТА ЛИНГВИСТИКА И АНГЛОФОНСКИ КУЛТУРОЛОШКИ СТУДИИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата четириесет и четврта редовна седница одржана на 28.4.2014 г., избра Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Емилија Саржоска-Георгиевска на конкурсот објавен во весниците *Вечер и Коха* од 1.4.2014 година, за избор на еден наставник (во сите звања) од научните области *применета лингвистика и англофонски културолошки студии.* Рецензентската комисија во состав: д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор и д-р Елени Бужаровска, редовен професор, по разгледувањето на доставениот материјал на Наставно-научниот совет му го предлага следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**<u>Биографски податоци</u>**

Д-р Емилија Саржоска-Георгиевска е родена на 23.9.1957 година во Скопје. Основното и средното образование го завршила во Велика Британија и во англо-американското училиште и англиската гимназија во Софија, Република Бугарија. Во учебната 1975/76 се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје, на Катедрата за англиски јазик и книжевност и дипломирала во јуни 1980 г. Како апсолвент, во 1979 г. се вработила хонорарно во Републичката комисија за културни врски со странство, каде што работела како преведувач и толкувач во подготовките за Деновите на македонска култура во Велика Британија. Веднаш по дипломирањето се запишала на постдипломските студии по англистика и наука за јазикот на Универзитетот во Белград и ги завршила сите предвидени испити.

Од 1981 до 1994 г. работела како професор во Центарот за странски јазици каде што предавала англиски јазик на сите степени, и подготвувала групи слушатели за полагање на меѓународно важечките испити (Cambridge Advanced & Proficiency, IELTS, TOEFL). Во тој период учествувала на неколку семинари за подобрување на наставата по англиски јазик како странски организирани во Скопје, Охрид, Белград и Загреб.

Од 1989г. до 1992 г. престојувала со семејството во Карачи, Пакистан, каде што предавала англиски како странски јазик во американското училиште на групи ученици од разни националности на возраст од 6 до 18 години.

Во септември 1994 г. примена е на Филолошкиот факултет во звањето лектор по современ англиски јазик на Катедрата за англиски јазик и книжевност. Во 1998, 1999 и во 2000 г. реализирала три студиски престои во Брисел, Белгија, и Хајделберг, Германија, во рамките на Темпус-Фаре-проектот за воведување на студии по конференциско толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Исто така, во 1998 г. се запишала на постдипломските студии на Универзитетот во Дарам, Велика Британија. Под менторство на еминентниот професор Мајкл Бајрам, во 2000 г. магистрира со тезата под наслов: *Текстуалниот вокабулар и*

*стекнување на културолошка компетенција: анализа на учебници по англиски јазик како странски издадени на англиски јазик и на македонски.*

Од август 2001 до јануари 2002 г. реализирала студиска посета на Државниот универзитет во Темпи, Аризона, САД. Посетувала настава на постдипломските студии во научната област применета лингвистика по предметите: анализа на дискурс, прагматика и методологија на научно истражување.

Докторската дисертација под наслов *Контрастирање на дискурси: кохерентност во пишани состави на македонски и на англиски јазик* ја одбранила во април 2009 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески”, под менторство на проф. д-р Екатерина Бабамова. Во септември 2009 г. била избрана за доцент по граматика на англискиот јазик.

**Активности по изборот во звањето доцент**
**Наставно – образовна дејност**

**Прв циклус студии**

Во периодот од изборот во звањето доцент до денес, од учебната 2009/2010 г. до 2013/2014 г. на Катедрата за англиски јазик и книжевност има изведувано настава од првиот циклус студии по следниве предмети:

- *британска историја и цивилизација, со фонд на часови 2+2,*
- *консекутивно толкување и техники на бележење* 1 (петти и шести семестар), со фонд на часови 2+2,
- *академско пишување 7 и 8* , со фонд на часови 0+2;
- *двонасочно толкување и подготовка за преведување*, со фонд на часови, 0+2;
- *преведување од англиски на македонски и обратно*, со фонд на часови 0+2.

**Втор циклус студии**

Од зимскиот семестар 2009 г. до денес вклучена е во наставата на постдипломските студии во рамките на постдипломските магистерски студии по конференциско толкување (во соработка со Генералната дирекција за толкување при Европската комисија во Брисел) по следниве предмети:

- *конференциско консекутивно толкување и техники на бележење*,
- *интеркултуролошки студии (културолошки студии – англиски).*

**Настава во интензивни курсеви и работилници**

Неизоставен дел од студиите по конференциско толкување се педагошките работилници. Од 2009 г. до денес има учествувано на повеќе педагошки работилници по конференциско толкување со педагошки асистенти од Генералниот директорат за толкување, Европската комисија, Брисел.
9 – 10.12.2011 г. во Скопје, Педагошка работилница со Крис Фишер.
17 – 18.05.2013 г. во Скопје, Педагошка работилница со Хедер Сејер.
27 – 28.3.2014 г. во Скопје, Педагошка работилница со Михаил Пик.

Во периодот 1.3.- 23.3.2014 г. изведувала настава во рамките на обуката насловена *Вовед во теоријата и практиката на толкувањето,* наменета за оние дипломирани студенти кои во текот на нивното студирање не можеле да

следат настава по консекутивно и симултано толкување. Реализирала настава по предметот *вовед во консекутивно толкување и техники на бележење*.

**<u>Консултации со студенти</u>**

Во рамките на наставно-образовниот процес одржува консултации со студентите во врска со изработка на магистерски тези, индивидуални истражувачки проекти и дипломски трудови, семинарски работи.

**Научноистражувачка дејност**

**<u>Ментор на девет магистранди</u> од** кои пет веќе ги одбраниле своите трудови:

Радева Билјана, *Толкување култури:интеркултуролошки вештини при толкување од македонски на англиски и обратно* (2013 г.)

Здравев Емица, *Усвојување на вокабуларот на англискиоткако странски преку настава базирана на задачи* (2013 г.)

Донев Драган, *Анализа на реториката на убедување* (2013 г.)

Талевска Викторија, Лексички јазови при симултаното толкување од англиски на македонски јазик (2013 г.)

Атанасовска Наташа, *Проблеми при симултаното толкување на фразеолошки изрази од македонски на англиски јазик* (2014 г.)

**<u>Ментор е на уште четири магистерски трудови кои се при крај на изработка</u>**:

Димитријевска Искра: *Консекутивно толкување од македонски на англиски: Стратегии за надминување на интеркултурни предизвици.*

Митева Гордана: *Кохерентност во писмени состави на англиски и на македонски јазик кај ученици во средно стручно образование.*

Илиева Ѓурѓица: *Двонасочното толкување како дискурсен процес.*

Долгоска Елеонора: *Улогата на работната меморија при конференциско толкување.*

**<u>Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура</u>**: во периодот 2009/2014 г. била член на 4 комисии за оцена и одбрана на магистерски тези (Клаудија Петровска, Дулевска Марија, Димитриевска Кате и Зорица Петковска).

**<u>Учесник во национален и меѓународен проект</u>**

Учесник е во меѓународниот проект за размена на професори и студенти како и размена на искуства и наставни практики во областа на конференциското толкување со Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Софија, Република Бугарија и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Македонија, финансиран од европските институции и кофинансиран од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје; учество во првата размена: Софија, 25-27 март 2013 г. и втората размена во Скопје, 22-24 април 2013 г.

Последователна евалуација на проектот „Академско пишување", University Writing Project, Катедра за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје, 25-26 октомври 2012 г.

**<u>Учесник на научен/стручен собир со реферат – усна презентација</u>**

*Coherence in University Students' EFL Essays in Macedonian L1 and English L2,* презентација на Меѓународната научна конференција организирана од Филолошкиот факултет на Универзитетот во Белград, 4-6 декември 2009 г.

*Coherence in University Students' EFL Essays in Macedonian L1 and English L2,* усна презентација на Меѓународната научна конференција организирана од Факултетот за јазици, култури и комуникации, при ЈИЕ-универзитетот во Тетово, 2010 г.

*Coherence: Implications for Interpreter Training*

Усната презентација на Меѓународната научна конференција „Јазични и културни проникнувања", организирана од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и Катедрата за преведување и толкување, 26-27.9.2012 г.

*A Study in Coherence: Implications for Teaching Writing.*

Усна презентација на Меѓународната конференција 7th ELTAM – IATEFL-TESOL International Biannual Conference Continuing Professional Development – Opportunities and Challenges. Pedagogical Faculty, 27-28.10.2012 г. Педагошки факултет, Скопје.

*Rhetorical Conventions in Written Discourse (Реторички конвенции во пишаниот дискурс)*

Усна презентација на Меѓународната научна конференција од обласа на англо-американски јазични и литературни студии „The Beauty of Convention", организирана од Универзитетот во Црна Гора, Цетиње, 4-6 октомври 2012 г.

*Coherence: Implications for Interpreter Training*, усна презентација на Меѓународната конференција за применета лингвистика, „Практиката во јазикот, јазикот во практиката" одржана на 7-8 јуни 2013 г. на ФОН-универзитетот во Скопје, Р. Македонија.

*Implications of a Study in Coherence on Interpreter Training.*

Постер-презентација на Меѓународната конференција насловена „Talking to the World Conference for the Interpreting Profession and Interpreter Trainers" – организирана од Универзитетот во Њукасл, Велика Британија, 11-12 септември 2013 г.

**<u>Список на трудови во периодот од 2009 до 2014 г.</u>**

Саржоска-Георгиевска, Е. Талевска, В. (2014). Проблеми со непреводливи зборови при симултано толкување од англиски на македонски јазик. *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески" Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје* (во печат)

Sarzhoska-Georgievska, E. (2013) Rhetorical Conventions in Written Discourse. *Folia Linguistica et Litteraria Journal of Language and Literary Studies*, Vol.7. Institute of Language and Literature, Faculty of Philosophy, University of Montenegro.

Sarzhoska-Georgievska, E. (2013) A Study in Coherence: Implications for Teaching Writing. *Proceedings of the 7th ELTAM – IATEFL-TESOL International Biannual Conference Continuing Professional Development – Opportunities and Challenges*. Pedagogical Faculty, Skopje.

Sarzhoska-Georgievska, E. (2013) Coherence: Implications for Interpreter Training. *Proceedings of the International Scholarly Conference: Language and Culture Interactions via Translating and Interpreting*. Faculty of Philology “Blazhe Koneski” Skopje. (forthcoming).

Sarzhoska-Georgievska, E. (2013) Interpreter Training: Coherence. *Proceedings of the International Conference for the Interpreting Profession and Interpreter Trainers: Talking to the World*. University of Newcastle, Newcastle, UK. 11-12 September, 2013. Book of Abstracts.

Саржоска-Георгиевска, Е. (2012) Тематска структурална анализа на пишани состави на Ј1 и Ј2. *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”-Скопје*, книга 38, 2012.

Саржоска-Георгиевска, Е. (2011). Споредување на организациските шеми на состави на Ј1 и Ј2. *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”-Скопје*, книга 37, 2011.

Саржоска-Георгиевска, Е. (2010) Дискурсни маркери и кохерентност. *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”-Скопје*, книга 36, 2010.

**Преводи**

Саржоска-Георгиевска, Е. Превод на Извештајот на втората последователна (Follow-Up) евалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, 2011 г.

Превод од англиски на македонски јазик на *Cat Magazine*, магазинот на мултинационалната компанија „Катерпилар“ (Caterpillar), кој се издава три пати во годината и се дистрибуира од дилерите на Caterpillar во Европа, Блискиот Исток и Африка. Cat Magazine, Caterpillar,S.A.R.L. 76, Route de Frontenex, P.O. Box 6000, 1211 Geneva 6, Switzerland.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Д-р Емилија Саржоска-Георгиевска има дваесетгодишно работно искуство во наставата по англиски како странски јазик на универзитетско ниво. Од особено значење е нејзиното усовршување во доменот на конференциското толкување и говорниот и пишаниот дискурс, за што сведочат учествата на неколку значајни научни конференции и публикации. Уште едно дополнување на најзиниот профил е нејзиниот интерес да ги збогати културолошките познавања на студентите со користење на интеркултуролошкиот пристап во наставата по *британска цивилизација и интеркултурна комуникација* во прв и втор циклус студии. Уште повеќе, иако наведените вкупни активности изразени во бодови се над предвидените, работниот ангажман на д-р Саржоска-Георгиевска се одликува со особини што не се опфатени со аритметичките операции во бодовната листа. Таа има исключително љубезен однос со студентите, што се рефлектира и во

кумулативната оценка од самоевалуацијата која изнесува 9,71. Таа е постојано готова за соработка со колегите и колешките, така што со своите наставно-педагошки квалитети и стручно-научни остварувања дава голем придонес во работата на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Врз основа на овие согледувања, произлезени од приложените материјали, и по направениот увид и анализа на севкупната активност на д-р Емилија Саржоска-Георгиевска, Комисијата во состав: д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор и д-р Елени Бужаровска, редовен професор, со задоволство констатира дека д-р Саржоска-Георгиевска, со оглед на реализираните стручно-научни и наставни активности, како и на резултатите кои ги постигнала со учество на меѓународни проекти и конференции во земјата и во странство, во целост ги исполнува сите услови за избор во звањето вонреден професор во областите применета лингвистика и англофонски културолошки студии.

Од личното искуство во досегашната соработка со д-р Емилија Саржоска-Георгиевска и од увереноста дека таа ќе ја продолжи својата успешна работа на Катедрата, ни претставува чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја избере д-р Емилија Саржоска-Георгиевска во звањето вонреден професор во областите применета лингвистика и англофонски културолошки студии.

Рецензентска комисија

Д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, с.р.

Д-р Марија Јанева-Михајлова, редовен професор, с.р.

Д-р Елени Бужаровска, редовен професор, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Емилија Теодосије Саржоска Георгиевска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факлултет „Блаже Конески“ - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: применета лингвистика, конференциско толкување и англофонски културолошки студии**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава (предавања и вежби) од прв циклус студии во зимскиот семестар 2009/10 г.<br>1) Британска историја и цивилизација: 2+2<br>2) Современ англиски јазик 7 (превод): 0+4<br>3) Академско пишување 7: 0+2 | 6 |
| 2. | Одржување на настава (предавања и вежби) од прв циклус студии во летен семестар 2009/10 г.<br>1) Двонасочно толкување(подготвка за превод): 0+2<br>2) Современ англиски јзик 8 (превод): 0+4<br>3) Академско пишување 8: 0+2 | 4,8 |
| 3. | Одржување на настава (предавања и вежби) од прв циклус студии во зимскиот семестар 2010/11 г.<br>1) Британска историја и цивилизација: 2+2<br>2) Консекутивно толкување и техники на бележење 1: 2+2<br>3) Академско пишување 7: 0+2 | 6 |
| 4. | Одржување на настава (предавања и вежби)<br>од прв циклус студии во летен семестар 2010/11 г.<br>1) Консекутивно толкување 2: 2+2<br>2) Консекутивно толкување 4: 2+0<br>3) Академско пишување 8 0+2 | 4,8 |
| 5. | Одржување на настава (предавања и вежби) од прв циклус студии во зимскиот семестар 2011/12 г.<br>1) Британска историја и цивилизација: 2+2<br>2) Консекутивно толкување и техники на бележење 1: 2+2<br>3) Академско пишување 7: 0+2 | 6 |
| 6. | Одржување на настава (предавања и вежби)<br>од прв циклус студии во летен семестар 2011/12 г.<br>1) Консекутивно толкување и техники на бележење 2: 2+2<br>2) Консекутивно толкување и техники на бележење 4: 0+2<br>3) Академско пишување 8 0+2 | 4,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Одржување на настава (предавања и вежби) од прв циклус студии во зимскиот семестар 2012/13 г.<br>1) Британска историја и цивилизација: 2+2<br>2) Консекутивно толкување и техники на бележење 1: 2+2<br>3) Академско пишување 7: 0+2 | 6 |
| 8. | Одржување на настава (предавања и вежби)<br>од прв циклус студии во летен семестар 2012/13 г.<br>1) Консекутивно толкување и техники на бележење 2: 2+2<br>2) Консекутивно толкување 4: 0+2<br>3) Академско пишување 8 0+2 | 4,8 |
| 9. | Одржување на настава (предавања и вежби)<br>од прв циклус студии во зимски семестар 2013/14 г.<br>1) Британска историја и цивилизација: 2+2<br>2) Консекутивно толкување и техники на бележење 1: 2+2<br>3) Академско пишување 7: 0+4 | 7,2 |
| 10. | Одржување на настава (предавања и вежби)<br>од прв циклус студии во летен семестар 2013/14 г.<br>1) Консекутивно толкување и техники на бележење 2: 2+2<br>2) Академско пишување 8: 0+4 | 4,8 |
| 11. | Одржување на настава од **втор циклус** студии во зимски семестар 2009/2010 г.<br>1) Конференциско консекутивно толкување и техники на бележење (МК – EN)<br>2) Културолошки студии (англиски ) | 1 |
| 12. | Одржување на настава од **втор циклус** студии во летен семестар 2009/2010 г.<br>1) Конференциско консекутивно толкување и техники на бележење (МК – EN)<br>2) Културолошки студии (англиски) | 1 |
| 13. | Одржување на настава од **втор циклус** студии во зимски семестар 2010/2011 г.<br>1) Конференциско консекутивно толкување и техники на бележење (МК – EN)<br>2) Културолошки студии (англиски) | 0,75 |
| 14. | Одржување на настава од **втор циклус** студии во летен семестар 2010/2011 г.<br>1) Конференциско консекутивно толкување и техники на бележење (МК – EN)<br>2) Културолошки студии (англиски) | 0,75 |
| 15. | Одржување на настава од **втор циклус** студии во зимски семестар 2011/2012 г.<br>1) Конференциско консекутивно толкување и техники на бележење (МК – EN)<br>2) Културолошки студии (англиски) | 1 |
| 16. | Одржување на настава од **втор циклус** студии во летен семестар 2011/2012 г.<br>1) Конференциско консекутивно толкување и техники на | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | бележење (МК – EN)<br>2) Културолошки студии (англиски) | |
| 17. | Одржување на настава од **втор циклус** студии во зимски семестар 2012/2013 г.<br>1) Конференциско консекутивно толкување и техники на бележење (МК – EN) | 0,65 |
| 18. | Одржување на настава од **втор циклус** студии во летен семестар 2012/2013 г.<br>1) Конференциско консекутивно толкување и техники на бележење (МК – EN) | 0,65 |
| 19. | Одржување на настава од **втор циклус** студии во зимски семестар 2013/2014 г.<br>**1)** Конференциско консекутивно толкување и техники на бележење (МК – EN; EN - МК) (27 x 0.05) | 1,35 |
| 20. | Одржување на настава од **втор циклус** студии во летен семестар 2013/2014 г.<br>1) Конференциско консекутивно толкување и техники на бележење (МК – EN; EN - МК) 29 часа (29 x 0.05) | 1,45 |
| 21. | Реализација на обука по конференциско консекутивно толкување и техники на бележење: *Вовед во теоријата и практиката на толкувањето*. Филолошки факултет „Блаже Конески" Скопје, 1.3. 2014 г. - 23.3. 2014 г. | 1 |
| 22. | **Работилница** по конференциско толкување со Крис Фишер педагошки асистент од Генералниот директорат за толкување, Европска комисија, Брисел, **9-10.12. 2011 г.** | 1 |
| 23. | **Работилница** по конференциско толкување со Хедер Сејер педагошки асистент од Генералниот директорат за толкување, Европска комисија, Брисел, **17-18.5. 2013 г.** | 1 |
| 24. | **Работилница** по конференциско толкување со Михаел Пик педагошки асистент од Генералниот директорат за толкување, Европска комисија, Брисел**, 27-28.3.2014 г.** | 1 |
| 25. | **Подготовка на нов предмет (2009/10)**<br>1) Британска историја и цивилизација – предавања<br>2) Британска историја и цивилизација - вежби<br>3) Културолошки студии – јазик и култура (втор циклус) - предавања<br>4) Консекутивно толкување 1 и 2 - предавања<br>5) Консекутивно толкување 1 и 2 - вежби | 4 |
| 26. | **Консултации со студенти**:<br>1)2009-2010: 100 зимски + 100 летен<br>2) 2010-2011: 100 зимски + 100 летен<br>3) 2011 – 2012: 250 зимски + 100 летен<br>4) 2012 – 2013: 150 зимски + 70 летен<br>5) 2013 – 2014 : 90 зимски + 60 летен | 2,24 |
| 27. | **Ментор на дипломска работа**:<br>Јакимовска Ема, Величковска Сашка, Цубалевска Христина, | 1,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Димитриоска Лепа, Гугушовска Наталија, Јасмина Бурнеска, Маргарита Василевска | |
| 28. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура**:<br>Клаудија Петровска, Марија Дулевска, Кате Димитриевска | 0,9 |
| 29. | **Интерна скрипта од предавања** по предметот *Британска историја и цивилизација* | 2,4 |
| 30. | **Пакет материјали по предметот** *британска историја и цивилизација* | 1 |
| 31. | **Пакет материјали за вежби** по предметот *академско пишување 7 и 8* | 1 |
| 32. | **Ментор на индивидуален истражувачки проект од насоката преведување/толкување**<br>март, 2013 г. *Stress and Stress Management in Simultaneous and Consecutive Interpreting*<br>10.06.2013г. *A Study of Subtitling: Translation & Interpretation on Television*<br>8.11.2013 *Gideon Toury on Translation as a Norm-Governed Activity* | *(3x0,2= 0,6)* |
| 33. | **Семинарски трудови**<br>2010/2011 г. (2x 0.03= 0.06)<br>2011/2012 г. (5x0.03=0.15)<br>2013/2014 г. (1x0.03=0.03) | 0,24 |
| | **Вкупно** | **81,88** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Ментор на одбранети магистерски трудови**: | |
| 1. | *Толкување на култури: интеркултуролошки вештини при толкување од македонски на англиски и обратно* (Радева Биљана, 2013 г.).<br><br>*Анализа на реториката на убедување* (Донев Драган, 2013 г.).<br><br>*Усвојување на вокабуларот на англискиот како странски преку настава базирана на задача* (Здравев Емица, 2013 г.),<br><br>*Лескички јазови при симултаното толкување од англиски јазик на македонски* (Талевска Викторија, 2013 г.).<br><br>*Проблеми при симултаното толкување на фразеолошки изрази од македонски на англиски јазик* (Атанасовска Наташа, 2014г.). | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Ментор на магистерски трудови во изработка:**<br>Димитријевска Искра: *Консекутивно толкување од македонски на англиски: Стратегии за надминување на интеркултурни предизвици.*<br><br>Митева Гордана: *Кохерентност во писмени состави на англиски и на македонски јазик кај ученици во средно стручно образование.*<br><br>Илиева Ѓурѓица: *Двонасочното толкување како дискурсен процес.*<br><br>Долгоска Елеонора: *Улогата на работната меморија при конференциско толкување.* | |
| | **Учесник во национален и меѓународен научен проект** | |
| 2. | Последователна евалуација на проектот *Академско пишување, University Writing Project,* Скопје, октомври 2012 г. | 3 |
| 3. | Меѓународен проект за размена на професори и студенти, како и размена на искуства и наставни практики во областа на конференциското толкување со Универзитетот „Св. Климент Охридски” во Софија, Република Бугарија и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Република Македонија, финансиран од европските институции и кофинансиран од Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје, учество во првата размена: Софија, 25-27 март 2013 г. и втората размена во Скопје, 22-24 април 2013 г. | 3 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| 4. | Дискурсни маркери и кохерентност. *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески“,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Скопје, книга 36, 2010.<br><br>Споредување на организациските шеми на состави на Ј1 и Ј2. *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески”,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, книга 37, 2011.<br><br>Тематска структурална анализа на есеи на Ј1 и Ј2. *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески”,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, книга 38, 2012.<br><br>Проблеми со непреводливи зборови при симултано толкување од англиски на македонски јазик. *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески”,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, 2013г. (во печат) | (4x4=16) |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | A Study in Coherence: Implications for Teaching Writing. *Proceedings of the 7th ELTAM – IATEFL-TESOL International Biannual Conference* Continuing Professional Development – Opportunities and Challenges. Pedagogical Faculty, Skopje 2012 г..<br><br>Coherence: Implications for Interpreter Training. *Proceedings of the International Scholarly Conference: Language and Culture Interactions via Translating and Interpreting*. Faculty of Philology "Blazhe Koneski" Skopje. Зборник на трудови од Меѓународната конференција „Јазични и културни проникнувања во преведувањето и толкувањето", 2014 г.(во печат). | 4 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 6. | Rhetorical Conventions in Written Discourse. *Folia Linguistica et Litteraria Journal of Language and Literary Studies*, Vol.7. Institute of Language and Literature, Faculty of Philosophy, University of Montenegro, 2013. | 3 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 7. | *Coherence in University Students' EFL Essays in Macedonian L1 and English L2,* презентација на Меѓународна научна конференција организирана од Филолошкиот факултет на Универзитетот во Белград, 4-6 декември 2009 г.<br><br>*Coherence in University Students' EFL Essays in Macedonian L1 and English L2,* усна презентација на Меѓународната научна конференција организирана од Факултетот за јазици, култури и комуникации, при ЈИЕ – Универзитетот во Тетово, 2010 г.<br><br>*Coherence: Implications for Interpreter Training*<br>Усна презентација на Меѓународната научна конференција „Јазични и културни проникнувања", организирана од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и Катедрата за преведување и толкување, 26-27.9.2012 г.<br><br>*A Study in Coherence: Implications for Teaching Writing.*<br>Усна презентација на Меѓународната конференција 7th ELTAM – IATEFL-TESOL International Biannual Conference Continuing Professional Development – Opportunities and Challenges. Pedagogical Faculty, 27-28.10.2012 г. Педагошки факултет, Скопје.<br><br>*Rhetorical Conventions in Written Discourse (Реторички конвенции во пишаниот дискурс)*<br>Усна презентација на Меѓународната научна конференција од | 6,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | областа на англо-американски јазични и литературни студии „The Beauty of Convention", организирана од Универзитетот во Црна Гора, Цетиње, 4-6 октомври 2012 г.<br><br>*Coherence: Implications for Interpreter Training*, усна презентација на Меѓународната конференција за применета лингвистика, „Практиката во јазикот, јазикот во практиката", одржана на 7-8 јуни 2013 г. на ФОН – Универзитет во Скопје, Р. Македонија.<br><br>*Implications of a Study in Coherence on Interpreter Training*<br>Постер-презентација на Меѓународната конференција насловена „Talking to the World Conference for the Interpreting Profession and Interpreter Trainers" – организирана од Универзитетот во Њукасл, Велика Британија, 11-12 септември 2013 г. | |
| | **Апстракт објавен во зборник на конференција** | |
| 8. | Меѓународна научна конференција на Универзитетот во Белград, *English Language and Literature Studies, Image, Identity, Reality (ELSIIR) Book of Abstracts*, 4-6 декември 2009 г.<br><br>Меѓународна научна конференција организирана од ЈИЕ-Универзитетот во Тетово, *Current Trends in ELT*, 9-11 април 2010 г.<br><br>Меѓународна конференција за применета лингвистика: *Практиката во јазикот, јазикот во практиката,* Универзитет ФОН, Скопје, Република Македонија, 7-8 јуни 2013 г. | 2 |
| | **Вкупно** | **46,5** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Превод на книга:**<br>*Втора надворешна последователна (Follow-Up) евалуација на УКИМ*<br>Follow-up Evaluation Report on Ss. Cyril & Methodius University, Skopje. Translated by Emilija Sarzhoska-Georgievska. Publisher: Prof. Velimir Stojkovski, Rector of Ss. Cyril & Methodius University. 2011. | 3 |
| | Превод од англиски на македонски јазик на меѓународното списание на мултинационалната компанија „Катерпилар" | |

| | | |
|---|---|---|
| | (Caterpillar*), Cat Magazine,* кое се издава три пати во годината и се дистрибуира од дилерите на Caterpillar во Европа, Блискиот Исток и Африка. Cat Magazine, Caterpillar, S.A.R.L. 76, Route de Frontenex, P.O. Box 6000, 1211 Geneva 6, Switzerland. | 7,5 |
| | Рецензија на труд: "Учебниците по англиски јазик како странски јазик за основно образование како носители на родова дистинкција" од Анета Наумоска, објавен во *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во* Скопје, книга 38, 2012 . | 1 |
| | Рецензија на труд: "Пишан дискурс кај говорителите на англискиот јазик како немајчин: фактори кои влијаат на правилно разбирање на даден текст" од Мира Беќар. *Годишен зборник на Филолошкиот факултет* „Блаже Конески" во Скопје, книга 37, 2011. | 1 |
| | Рецензент на труд: „The Influence of the European Union Integration Process on the Language Professions„ од Ценевска Наташа. Зборник трудови од Меѓународната научна конференција *Јазични и културни проникнувања во преведувањето и толкувањето* (во печат).<br><br>Рецензент на труд: "Researching Linguistic and Professional contexts: student voices" од Елена Ончевска. Зборник трудови од Меѓународната научна конференција *Јазични и културни проникнувања во преведувањето и толкувањето* (во печат).<br><br>Рецензент на труд: "A Case Study of Student Performance in Macedonian to English Translation of Passive Constructions" од Салтировска Кристина. Зборник трудови од Меѓународната научна конференција *Јазични и културни проникнувања во преведувањето и толкувањето* (во печат). | 3x1=3 |
| | Член на Организацијата на бивши студенти на Универзитетот во Дарам, Велика Британија *(University of Durham Alumni Association)* | 2 |
| | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа | 2x0,1=0,2 |
| | Член на Рецензентска комисија во врска со пријавите на м-р Соња Китановска, м-р Јане Бојаџиевски и м-р Милена Саздовска на конкурсот за избор на асистент по предметите теорија и практика на преведувањето и толкувањето, 2012 г. | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Член на фалкултетски комисии:** | |
| 1. | Член на Комисија по приговори, 2011 г. | 0,5 |
| 2. | Член на Комисија за избор на главен уредник на Меѓународното списание за лингвистика, 2012 г. | 0,5 |
| 3. | Член на Комисија за евалуација , 2013 г. | 0,5 |
| 4. | Член на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Член на Комисија за попис на библиотечниот фонд, ноември 2009 г. | 0,5 |
| | **Вкупно бодови од стручно-апликативната дејност** | **20,7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **81,88** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **46,5** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **20,7** |
| **Вкупно** | **149,08** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Екатерина Бабамова, претседател, с.р.
2. Д-р Марија Јанева Михајловска, член, с.р.
3. Д-р Елени Бужаровска, член, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ЕВАЛУАЦИЈА НА ЗНАЧЕЊЕТО НА КЛИНИЧКО-ПАТОЛОШКИТЕ И МОЛЕКУЛАРНИТЕ МАРКЕРИ ВО РАНАТА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИ СО БИОЛОШКИ СИГНИФИКАНТЕН КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА: НОВ ДИЈАГНОСТИЧКИ АЛГОРИТАМ", ИЗРАБОТЕНА ОД Д-Р СОТИР СТАВРИДИС, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј " Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 6.5.2014, година, по предлог на Научниот одбор, а врз основа на Законот за високото образование на Република Македонија и член 33 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, определи Рецензентската комисија во состав:

**1. проф. д-р Слободан Ристовски**
**2. проф. д-р Гордана Петрушевска**
**3. проф. д-р Кочо Димитровски,**

за оцена на докторската дисертација изработена од ас. д-р Сотир Ставридис, мр.сци, вработен на Универзитетската клиника за урологија во Скопје, под наслов:

**ЕВАЛУАЦИЈА НА ЗНАЧЕЊЕТО НА КЛИНИЧКО-ПАТОЛОШКИТЕ И МОЛЕКУЛАРНИТЕ МАРКЕРИ ВО РАНАТА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИ СО БИОЛОШКИ СИГНИФИКАНТЕН КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА: НОВ ДИЈАГНОСТИЧКИ АЛГОРИТАМ.**

По разгледувањето на приложената документација, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет да го поднесе слениов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација со наслов „Евалуација на значењето на клиничко-патолошките и молекуларните маркери во раната идентификација на пациенти со биолошки сигнификантен карцином на простата: нов дијагностички алгоритам" од ас. д-р Сотир Ставридис, м-р сци, ги содржи сите поглавја на еден научноистражувачки проект: вовед, мотив, цели, материјали и методи, резултати, дискусија, заклучоци и цитирана литература.

1. **Воведот** е поделен на седум поглавја.

1.1. *Епидемиологија* – кандидатот укажува на огромните разлики во инциденцата и морталитетот на болеста во зависност од возраста, географската застапеност и расната припадност. Како специфични етиолошки фактори одговорни за развој на карциномот на простатата укажано е на значењето на возраста на пациентот, расата, факторот на наследност, егзогените фактори како што се пушењето, исхраната, вазектомијата и хормонските причини.

1.2. *Ризик-фактори* – кандидатот се занимава со можната етиологија на карциномот на простатата, како и со варијациите во инциденцата во различни делови од светот.
1.3. *Патохистологија* – кандидатот укажува на молекуларните и патофизиолошките збиднувања во етиоогијата на карциномот на простатата. Опишано е значењето на интраепителијалната неоплазија како можен претходник на карциномот на простатата и потребата од внимателно следење на оваа промена. Презентирани се хистопатолошките карактеристики на карциномот на простатата, како и патиштата на неговото ширење.
1.4. *Дијагноза* – кандидатот ги опишува специфичните симптоми и знаци на заболувањето. Особено внимание е насочено на историјатот, биохемиските карактеристики, физиологијата и улогата на серумскиот простата специфичен антиген (ПСА) во детекцијата на карциномот на простатата. Како главна дијагностичка алатка е потенцирана тријадата составена од дигиторектален преглед, ниво на серумско ПСА и изведување на тренсректален ултразвучен преглед на простата (ТРУЗ). Особен осврт е направен на ПСАигустината и нејзината улога во подобро дијагностицирање на карцином на простата. Дефинирано е значењето на биопсијата и ребиопсијата на простатата, како и нивните модификации и можни компликации. Определено е значењето на скенот на коски, компјутерската томографија и магнетната резонанција во дијагностиката и клиничката проценка за екстензивноста на болеста.
1.5. *Стадиуми и степен на карциномот на простатата* –дефинирани се карциномите на простатата со низок, интермедиерен и висок степен и нивното клиничко значење. Детално е опишан ТНМ системот, Глисон градус системот и Глисон-збирот како најзначајни прогностички фактори на карциномот на простатата.
1.6. *Терапевтски модалитети за лекување на карцином на простата* – прикажан е комплетен преглед на сите терапевтски модалитет за различни стадуми на болеста.
1.7. *Прогностички фактори и фактори на карциномска прогресија* – кандидатот укажува на проблемот на постоење на голем број латентни, клинички несигнификантни карциноми на простата и дилеми за неговата можна еволуција. Кандидатот ја потенцира потребата од откривање на нови фактори на карциномска прогресија и разбирање на веќе постојните прогностички фактори како и развивање на нови терапевтски и превентивни стратегии и маркери. Цитирана е студија на Колеџот на американските патолози за сите прогностички биолошки маркери за карцином на простата. Неброени се сите значајни, современи биомаркери, хромозомски промени и гени кои имаат улога во онкогенезата кај карциномот на простата.

**2. Мотивот** за изработка на оваа дисертација се темели на потребата од евалуација на најадекватен биоптички пристап кај пациенти со сомнение за карцином на простата и негова надградба со нов дијагностички алгоритам кој ќе овозможи прогностички да се евалуираат раните карциноми на простата во Република Македонија и да се воспостават критериуми со кои прецизно ќе може да се направи дистинкција помеѓу сигнификантни и несигнификантни карциноми на простата.

**3. Целите на студијата** се јасно дефинирани и се состојат во утврдување на епидемиолошките и иницијалните клинички карактеристики кај пациенти со сомнение за карцином на простата, евалуација на најадекватен биоптички пристап, евалуација на стандардните клиничко-патолошки параметри, нивото на серумското ПСА, туморски волумен, Глисон-градус и клинички стадиум. Исто така треба да се направи евалуација на детекцијата на Ki-67, p53, Her-2 и Bcl-2 со помошна имунохистохемиски методи кај пациенти со карцином на простата и нивна валоризација во рутинската дијагностика на карцином на простата. Има потреба од воспоставување на критериуми за диференцијација на сигнификантни од несигнификантни карциноми на простата и изработка на предоперативен дијагностички алгоритам кој ќе овозможи прогностичко дефинирање на раните карциноми на простата во РМ и стратификација на пациенти со карцином на простата кон понатамошен терапевтски пристап.

**4. Материјал и методи** претставува поглавје во кое кандидатот дава образложение за дизајнот на студијата и користените методолошки постапки врз основа на што согледавме дека користените материјал и методи ги задоволуваат критериумите за остварување на дефинираната цел и покажаа дека кандидатот успешно дошол до поставените цели. Според методологијата, студијата е проспективна и се изведувала во период од една година на Универзитетската клиника за урологија и на Институтот за патологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Студијата опфаќа 63 пациенти со карцином на простата дијагностицирани по точно дефинирана методологија на биопсија на простата. Инклузиони критериуми биле: покачено ниво на серумско ПСА над 4 нг/мл и/или сомнителен наод на дигиторектален преглед. Контролната група ја сочинуваат 63 пациенти со бенигна простатична хиперплазија. За утврдување на дистрибуцијата на фреквенцијата на карциномот на простатата според одделни варијабили биле анализирани возраста, коморбидитети, стадиумот на болеста, вредноста на серумско ПСА, ПСА-густина, резултати од ТРУЗ, биопсија на простата, хистопатолошка анализа на биоптичкиот препарат и Глисон-збир. Материјалот добиен со биопсија на простатата по претходно утврдена методологија се анализирал на Институтот за патологија и во примероците со карцином на простата биле правени понатамошни анализи за детекција на експресијата на биомолекуларните маркери: Хер-2, Ки 67, п53 и Бцл-2 со помош на имунохистохемиски методи. Податоците за пациентите кои припаѓаат на испитуваната и контролната група биле добиени преку анкетирање со помош на специјално изготвен, нестандардизиран прашалник.

**5. Статистичката обработка** на резултатите е изведена со статистички програм STATISTICA 7.1 и SPSS 13.0 for Windows. Во обработката на податоците кај сериите со нумерички белези била одредена просечната вредност, стандардната девијација, ±95% конфиденс интервал и минимална и максимална вредност. Разликата во вредностите на параметрите кај серии со нумерички белези била тестирана со t-тест за независни примероци (T). Кај серии со атрибутивни примероци бил одредуван процент на структурата. Разликата во вредностите на анализираните параметри кај серии со атрибутивни белези се тестирала со Mann-Whitney U тест (U/Z). Постоењето на асоцијација помеѓу одредени анализирани параметри е анализирано со $\chi^2$ - тест. Односот помеѓу

серии со атрибутивни белези бил испитуван со изработка на Spearman Rank Correlation (R), додека со изработка на логистичка регресиона анализа била проценувана предиктивната улога на Хер-2, п53 и Ки 67 кај карцином на простата и истовремено била одредена специфичноста, сензитивноста и глобалната точност на биолошките маркери. Дистрибуцијата на податоците кај сериите со нумерички белези била тестирана со: Kolmogorov-Smirnov test; Lillifors test; Shapiro-Wilks test.

**6.** Поглавјето **Резултати,** се состои од 6 одделни дела во кои соодветно се анализираат резултатите добиени од студијата и тоа за секој маркер одделно. Анализиран е бројот на позитивните примероци од простата, со бројот на вкупно земени примероци, и анализирана е разликата кај нив. За секој од маркерите се направени корелации, споредби и разлики со секој од факторите на карциномска прогресија поодделно. Направена е анализа на логистичка регресија за Глисон-скорот, годините и ПСА-густината, како и за Глисон скорот и градусот со сите маркери одделно. Анализирани се резултатите и кај контролната група и исто така се утврдени разликите помеѓу испитуваната и контролната група за сите маркери одделно.

**7.** **Дискусијата** претставува поглавје во кое докторандот прави анализа на добиените резултати од неговото истражување со досега објавените студии во светската литература. Според авторот, тие коинцидираат освен оние за експресијата на биомаркерот Бцл-2, кој за разлика од досега објавените резултати во литературата покажува позитивитет кај 30-40% од пациентите со карцином на простата, во неговата серија тој изнесува 0% и претставува корисен показател за исклучување на малигна болест кај пациенти со гранични наоди или кај мал биоптичен материјал. Докторандот потенцира дека по сумирањето на резултатите, единствено ПСА-густината и Ки-67 се издвојуваат по својата значајност од другите анализирани параметри и маркери.

**8.** Како **заклучок,** докторандот ги сумира резултатите од својата научна студија и наведува дека поголемиот број на земени примероци од простатата даваат подобра прецизност. Потенцира дека резултатите од студијата ја потврдуваат асоцијацијата на карциномот на простатата со позитивната експресија на маркерите Хер-2, Ки-67 и п53, за разлика од Бцл-2 кој е позитивен само кај бенигна хиперплазија на простата. Укажува дека зголемената експресија на испитуваните биомаркери во комбинација со ПСА-густината имаат потенцијал за инкорпорирање во постојните предоперативни номограми за одредување на модалитет за третман на карцином на простата.

**9.** Во поглавјето **Библиографија,** цитирани се 176 референци кои се соодветно избрани и целосно ги покриваат подрачјата кои се однесуваат на истражувањето.

Врз основата на извршената анализа на приложената докторска дисертација, Комисијата го донесе следниов

## Заклучок

Докторската дистерација со наслов „Евалуација на значењето на клиничко-патолошките и молекуларните маркери во раната идентификација на пациенти со биолошки сигнификантен карцином на простата: нов дијагностички алгоритам" од кандидатот ас. д-р Сотир Ставридис претставува самостојна научна студија за рана идентификација на биолошкиот сигнификантен карцином на простатата со воведување на нов дијагностички алгоритам добиен со евалуација на клиничко-патолошките и молекуларните биомаркери. Студијата ги задоволува принципите на научната работа и претставува комплементарен придонес во истражувачкото подрачје. Поствените цели се во целост реализирани и добиените резултати се адекватно презентирани и обработени, со базично, научно и применето клиничко значње.

Рецензентската комисија смета дека овој труд ги исполнува сите стручни и научни предуслови за докторска дисертација, има актуелен и значаен придонес во научноистражувачката дејност и клиничката практика од областа на урологијата.

## Предлог

Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја усвои рецензијата и да му овозможи на кандидатот јавна одбрана на дисертацијата.

**Рецензентска комисија**

1. **Проф. д-р Слободан Ристовски, с.р.**

2. **Проф. д-р Гордана Петрушевска, с.р.**

3. **Проф. д-р Кочо Димитриовски, с.р.**

## ПРЕГЛЕД

## на одобрени теми за изработка на магистерски тези на Технолошко-металуршки факултет во Скопје

| *Кандидат* | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Василка Дуброва Коцева | Влијание на избор на активна супстанца врз стабилноста на фармацевтски производ со цел продолжување рок на употреба<br><br>Active pharmaceutical ingridient`s compatibility impact on pharmaceutical dosage form stability in order of extending the shelf life | Д-р Соња Ќортошева, редовен професор |
| Ана Кузмановска | “ Влијание на активноста на РЕК Битола врз промената на некои физичко-хемиски карактеристики на почвата“<br><br>Influence of the activity of REK Bitola upon the change of some physical and chemical characteristics of the soil | д-р Слободан Богоевски, редовен професор |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ НА УЧЕБНИКОТ „МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ ВО ЗАЕДНИЦА“ ОД ДОЦ. Д-Р ИВАН ТРАЈКОВ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата V редовна седница одржана на 26.3.2014 година, донесе Одлука бр. 12-776/2 од 27.3.2014 год. за избор на двајца рецензенти: проф. д-р Диана Белевска и проф. д-р Кнегиња Рихтер Соколовска на учебникот **„**Ментално здравје во заедница“ од авторот доц. д-р Иван Трајков.

По темелната анализа на приложениот ракопис, согласно со член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 16 од Правилникот за организирање издавачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, имам чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го доставам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Поднесениот ракопис за рецензија под наслов **Ментално здравје во заедница** од страна на доц. д-р Иван Трајков е наменет да послужи како учебник за студентите од прв циклус на студии на Институтот за социјална работа и социјална политика на Филозофскиот факултет во Скопје. Според структурата и содржината, ракописот кореспондира со програмските содржини од предметот ментално здравје во заедница. Предметот ментално здравје во заедница се изучува на прв циклус од студиската програма на Институтот за социјална работа и социјална политика и има статус на задолжителен предмет во VII семестар. Трудот **Ментално здравје во заедница** е во потполна согласност со предметната програма на предметот ментално здравје во заедница, за кој е предвиден фонд од 4+2 часа и 6 ЕКТС кредити. Ракописот ке послужи како основна литература на студентите за подготвување на испитот и ќе овозможи поуспешно реализација на целите на оваа предметна програма.

Ракописот е меѓу првите трудови кај нас, во кој, на современ и професионален начин се разгледува прашањето на заштитата на менталното здравје во природната животна средина-заедницата. Поаѓајќи од сфаќањето на човекот како биопсихосоцијално битие, авторот прави исклучително успешна компелација меѓу медицинскиот, психолошкиот и социјалниот аспект на менталните растројства, бидејќи и сите проблеми со кои се соочува, најчесто се резултат на комбинирано влијание на биолошките, психолошките и социјалните фактори.

Трудот **Ментално здравје во заедница** содржи сознанија за начините на заштитата на менталното здравје надвор од болничките установи, неопходни за професионалците од различни области, а пред се од областа на социјалната работа во здравство. Долгогодишното наставно, научно и истражувачко искуство на авторот во областа на менталната хигиена и менталното здравје резултира во

успешното претставување на научните и практични сознанија во оваа област. Мултидисциплинарниот пристап во обработката на прашањата во врска со психосоцијалната интервенција во заштитата на менталното здравје е посебен квалитет на овој труд. Авторот, со професионална умешност, ги поврзува теоријата и практиката во третманот на менталните растројства и подобрување на квалитетот на живот на лицата со ментални растројства.

Покрај примената на ракописот како учебник за студентите на Институтот за социјална работа и социјална политика, тој ќе послужи и како значајна литература за студенти од други институти, други факултети кои проучуваат содржини од областа на превенцијата, заштитата и унапредувањето на менталното здравје, како и за практичарите од различни хуманистички професии кои работат во овие области.

Содржински адекватно, во трудот се разгледуваат современите сфаќања за менталните растројства, пристапите во третманот и системите на заштита на лицата со ментални растројства во заедницата и квалитетот на живот на овие лица надвор од болничките институции-во заедницата. При обработката на овие прашања се користат меѓународните искуства во областа на ментално-здравствената грижа во заедницата, како и националното законодавство и современите системи на заштита и унапредување на менталното здравје. Во трудот се разработени најзначајните прашања од областа на ментално-здравствената заштита, компонентите на заштитата на менталното здравје во заедницата, психосоцијалната рехабилитација, сервисите за ментално-здравствената заштита во заедницата и поддржаното домување со цел за намалување на потребата од хоспитализација на лицата со ментални растројства, подобрување на квалитетот на живот на овие лица во заедницата и потполната социјална инклузија. Овие содржини, авторот стручно и научно ги елаборира користејќи ги современите сознанија, но и сопствените сознанија добиени од истражувањето на социјалната инклузија и квалитетот на живот на лицата со ментални растројства. Содржината на трудот е презентирана во осум широки поглавја, и тоа: *Современи концепции на поимите ментално, здравје, ментална болест и унапредување на менталното здравје, Системите на заштита на менталното здравје во Република Македонија, Реформите во ментално здравствената заштита и меѓународните искуства од примената на процесот на деинституционализација во светот и во Република Македонија, Развојот на ментално здравствената заштитна, Компонентите на психосоцијалната интервенција во заедницата, терапевските пристапи и рехабилитацијата, Моделите на заштита во заедницата и улогата на сервисите во заедницата, Социјална инклузија и стратегиите за успешна инклузија на лицата со ментални растројства во заедницата, Квалитетот на живот на лицата со ментални растројства во заедницата и концептите за квалитет на живот од аспект на различни научни перспективи.* Широкото теоретско познавање од повеќе области: психосоцијална работа со поединци и групи, ментална хигиена, клиничка социјална работа, психологија во заедница, како и истражувачкото искуство и долгогодишната соработка со практичари во областа на психосоцијалната заштита и здравството во институциите во

заедницата, го чинат трудот разбирлив за студентите, но и за практичарите во областа на пихосоцијалната заштита на менталното здравје во заедницата. Според тоа, трудот **Ментално здравје во заедница** ќе послужи и за надополнување и проширување на знаењата и на практичарите заинтересирани за примената на психосоцијалниот пристап во третманот на менталните растројства и унапредување на менталното здравје. Во недостаток на литература од оваа област на македонски јазик, овој ракопис ќе ја збогати литературата од областа на менталното здравје со нови сознанија добиени од современата литература, како и од сопствени сознанија од истражувањата во оваа област.

Врз основа на изнесените потреби за научна и стручна литература на македонски јазик од областа на примената на психосоцијалниот пристап во областа на менталното здравје и соодветната концепција и содржина на трудот под наслов **Ментално здравје во заедница** на авторот доц. д-р Иван Трајков, со особено задоволство го препорачувам за печатење, како високошколски учебник потребен за студиската програма менталното здравје во заедница на Институтот за социјална работа и социјална политика.

Рецензент

**Проф. д-р Диана Белевска, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ НА УЧЕБНИКОТ
# МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ ВО ЗАЕДНИЦА
# ОД ДОЦ. Д-Р ИВАН ТРАЈКОВ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата V редовна седница одржана на 26.3.2014 година, донесе Одлука бр. 12-776/2 од 27.3.2014 год. за избор на двајца рецензенти: проф. д-р Диана Белевска и проф. д-р Кнегиња Рихтер Соколовска на учебникот „Ментално здравје во заедница" од авторот доц. д-р Иван Трајков.

По темелната анализа на приложениот ракопис, согласно со член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, имам чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го доставам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Поднесениот ракопис за рецензија под наслов **Ментално здравје во заедница** од доц. д-р Иван Трајков е меѓу првите трудови кај нас, во кој, користејќи мултидисциплинарен пристап (психолошки, социјален, медицински), го разгледува прашањето на заштитата на менталното здравје во заедницата. Во постојната литература кај нас и пошироко, прашањата од областа на менталното здравје се разгледуваат првенствено од медицински аспект, во кој акцентот се става на болеста и фармакотерапијата. Социјалниот аспект е разгледуван од аспект на поддршката на социјалната рехабилитација, работна терапија, вработување итн. Психолошкиот аспект, акцентот го става на дијагностицирањето на менталните растројства. Меѓутоа, човекот е биопсихосоцијално битие и живее во заедница која исто така влијае на неговото здравје и појавата на растројства. Сите здравствени проблеми со кои се соочува, најчесто, се резултат на комбинирано влијание на биолошките, психолошките и социјалните фактори. Според тоа, третманот на здравствените проблеми бара мултидисциплинарен пристап.

Ракописот на учебникот под наслов **Ментално здравје во заедница** дава можност да се согледат психолошките, социјалните и медицинските аспекти на менталните растројства и да се стекнат неопходни сознанија за начините на заштитата на менталното здравје надвор од болничките установи, во заедницата како природна средина. Психосоцијалниот пристап и научната елаборација на прашањата: ментално здравје, ментална болест и општествениот конструкт на нормалноста е дотолку позначајно бидејќи овие прашања во трудот се презентираат во еден широк контекст во заедницата. Единствено преку овој пристап и примената на соодветна методска обработка се постигнува неопходната поврзаност мегу теоријата и практиката во третманот на менталното здравје.

Содржински актуелно и методски коректно, во трудот се разгледуваат современите сфаќања за менталните растројства, пристапите во третманот и системите на заштита и на лицата со ментални растројства во заедницата. Основа на која се базира обработката на овие прашања се: меѓународните искуства во развојот на менталноздравствената грижа во заедницата, реформите во оваа област, националното законодавство, современиот систем на заштита и унапредување на менталното здравје. Акцентот е ставен на развојот на менталноздравствената заштита, компонентите на заштитата на менталното здравје во заедницата (менаџирање на случај, менаџирање на болеста, оспособување за самостојна грижа, терапевските пристапи и психосоцијалната рехабилитација), моделите на психосоцијална заштита во заедницата, сервисите за ментално здравствената заштита во заедницата и поддржаното домување, со крајна цел, намалување на потребата од хоспитализација на лицата со ментални растројства, социјалната инклузија и подобрување на квалитетот на живот на овие лица во заедницата.

Наведените теми авторот стручно и концизно ги елаборира, користејќи ги современите сознанија, но и на основа на сопствените сознанија добиени од истражувањето на социјалната инклузија и квалитетот на живот на лицата со ментални растројства во осум широки поглавја на трудот, и тоа: „Современи концепции на поимите ментално здравје, ментална болест и унапредување на менталното здравје“, „Системите на заштита на менталното здравје во Република Македонија“, „Реформите во менталноздравствената заштита и меѓународните искуства од примената на процесот на деинституционализација во светот и во Република Македонија“, „Развојот на менталноздравствената заштита“, „Компонентите на психосоцијалната интервенција во заедницата, терапевските пристапи и рехабилитацијата“, „Моделите на заштита во заедницата и улогата на сервисите во заедницата“, „Социјална инклузија и стратегиите за успешна инклузија на лицата со ментални растројства во заедницата“, “Квалитетот на живот на лицата со ментални растројства во заедницата и концептите за квалитет на живот од аспект на различни научни перспективи (психолошка, социјална, филозофски)“.

Трудот под наслов **Ментално здравје во заедница** е резултат на наставно-научната и истражувачка дејност на авторот во областа на психосоцијалната работа со поединци и групи од различни возрасти и со различни психолошки и социјални проблеми, клиничката социјална работа со лица со ментални растројства, менталната хигиена како превентивна психолошка дисциплина и психологијата во заедница како едно од современите апликативни подрачја на психологијата. Широкото теоретко познавање од повеќе области, истражувачкото искуство и долгогодишната соработка со практичари во областа на психосоцијалната заштита и здравството во институциите во заедницата го чини излагањето на научните содржини во трудот разбирливи за студентите како и за практичарите во областа на заштитата на менталното здравје во заедницата.

Предметот ментално здравје во заедница се изучува на прв циклус од студиската програма на Институтот за социјална работа и социјална политика и има статус на задолжителен предмет во VII семестар. Трудот **Ментално здравје во заедница** е во потполна согласност со предметната програма на предметот ментално здравје во заедницата за кој е предвиден фонд од 4+2 часа и 6 ЕКТС-кредити. Овој учебник ќе послужи и за надополнување и проширување на знаењата на практичарите заинтересирани за примената на психосоцијалниот пристап во третманот на менталните растројства и унапредување на менталното здравје. Трудот ќе ја збогати литературата од областа на менталното здравје во заедница на македонски јазик.

Врз основа на изнесените потреби за научна и стручна литература од областа на примената на психосоцијалниот пристап во областа на менталното здравје и соодветната концепција и содржина на трудот под наслов **Ментално здравје во заедница** на авторот **доц. д-р Иван Трајков**, со особено задоволство го препорачувам за печатење, како високошколски учебник од областа на социјалната работа во здравство.

Рецензент

**Проф. д-р Кнегиња Рихтер Соколовска, с.р.**

# **Р Е Ц Е Н З И Ј А**
# **НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИКОТ „ВЕШТИНИ И ТЕХНИКИ ВО СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА“ ОД ДОЦ. Д-Р ИВАН ТРАЈКОВ И ДОЦ. Д-Р СОФИЈА ГЕОРГИЕВСКА**

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата V редовна седница одржана на 26.3.2014 година, донесе Одлука бр. 12-775/2 од 27.3.2014 год. за избор на двајца рецензенти: **проф. д-р Сунчица Димитријоска** и **проф. д-р Јелисавета Тодоровиќ** на учебникот „Вештини и техники во социјалната работа“ од авторите ***доц. д-р Иван Трајков и доц. д-р Софија Георгиевска***.

По темелната анализа на приложениот ракопис, согласно со член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, имам чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го доставам следниов

## **ИЗВЕШТАЈ**

Поднесениот ракопис за рецензија под наслов **Вештини и техники во социјалната работа** претставува еден од првите обиди за проучување на некои персонални карактеристики на припадниците од помагателните професии – конкретно на социјалните работници.

Образованието и континураната обука на социјалните работници во согласност со препораките на Меѓународната организација на трудот и Европската унија е компатибилна со професионалните упатства и со предметната програма вештини и техники во социјалната работа. Секојдневните новини со кои се соочуваме и целните групи кои ги опслужуваат социјалните работници бараат високо ниво на професионализам, подготвени, обучени и образовани социјални работници. Токму овој ракопис под наслов **Вештини и техники во социјалната работа** создава соодветни предуслови за обука на социјалните работници во согласност со современите општествени потреби. Овој ракопис ќе ги оспособи социјалните работници да работат поефикасно и поефективно и да ја унапредат својата работа во полето на социјалната работа (во посебни организации и институции, вклучувајќи ги и здравствените, образовните), но и да бидат подобро подготвени за истражување и за разни видови на анализа во сферата на социјалната работа.

Во рамките на овој учебник, студентите, како и практичарите, ќе најдат соодветен и корисен материјал кој нуди преглед на значајни вештини и техники, модели за развој на компетенции неопходни за успешно вршење на социјална интервенција, социјална превенција, социјална рехабилитација, реинтеграција во општеството, надзор и управување во социјалната сфера.

Ако се тргне од фактот дека, во основа, професијата социјален работник се базира на филозофијата на помагање на лице во неволја и принципите на човечката солидарност, тогаш несомнено емпатијата, алтруизмот, асертивноста, способноста за критичко мислење, соочувањето со стресот, интерперсоналната комуникација, ненасилното разрешување на конфликтите и емоционалната интелигенција, теми кои се обработени во овој учебник, ќе му бидат од неизмерна корист на секој студент од областа на социјалната работа.

Во рамките на овој учебник, авторите ставаат акцент и на улогата на социјалните работници, која тие ќе можат професионално да ја вршат доколку се оспособат за социјалните вештини и техники. Со нивното користење, сегашните и идните социјални работници ќе се оспособат и ќе стекнат компетенции за:

• разрешување на идентификуваните проблеми кај клиентите;

• посредување и поврзување на поединецот со неопходните ресурси;

• креирање и одржување професионален помагателен однос;

• помагање во решавање на проблемите, соочување со стресни настани и развој на капацитетите на вулнерабилните групи;

• комуницирање со разновидна популација и групи од различен вид;

• познавање и разбирање на човечките односи;

• обезбедување на услуги и поддршка за промена на поединецот.

Вештините и техниките кои ќе ги стекнат со помош на овој учебник ќе им помогнат да бидат поуспешни социјални работници во здравството, образованието, клиничката социјална работа, социјалниот менаџмент, во работата со деца и млади, во установите за социјална заштита, во психијатриските установи, во давањето на терапија и слично.

Предметот вештини и техники во социјалната работа се изучува на прв циклус од студиската програма на Институтот за социјална работа и социјална политика и има статус на изборен предмет во VI семестар. Трудот **Вештини и техники во социјалната работа** е во целосна согласност со предметната програма на предметот за кој е предвиден фонд од 4+2 часа и 6 ЕКТС-кредити. Овој учебник ќе послужи и за надополнување и проширување на знаењата на практичарите заинтересирани за примената на компетенциите кои се неопходни за успешно извршување на професијата социјален работник. Трудот ќе ја збогати литературата од обласпа на социјалната работа на македонски јазик.

Теоретските основи на главните практични вештини, вклучувајќи и когнитивни вештини, интерперсонални вештини, административни вештини, вештини за работа со клиенти, вештини во мобилизација на ресурси и управување, како и вештини во развојот на институциите, со посебен осврт на социјалната работа

во Македонија, но и современите светски трендови, прават овој учебник да биде неопходно помагало.

Врз основа на изнесените потреби за научна и стручна литература на македонски јазик од обласста на примената на психосоцијалната работа и соодветната концепција и елаборираната содржина на трудот под наслов **Вештини и техники во социјална работа** од авторите **доц. д-р Иван Трајков и доц. д-р Софија Георгиевска**, со особено задоволство го препорачувам за печатење, како високошколски учебник потребен за студиската програма по социјална работа и социјална политика.

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК**
**ВЕШТИНИ И ТЕХНИКИ ВО СОЦИЈАЛНА РАБОТА**
**ОД ДОЦ. Д-Р ИВАН ТРАЈКОВ И ДОЦ. Д-Р СОФИЈА ГЕОРГИЕВСКА**

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата V редовна седница одржана на 26.3.2014 година, донесе Одлука бр. 12-775/2 од 27.3.2014 год. за избор на двајца рецензенти: проф. д-р Сунчица Димитријоска и проф. д-р. Јелисавета Тодоровиќ, на учебникот **Вештини и техники во социјална работа** од авторите доц. д-р Иван Трајков и доц. д-р Софија Георгиевска.

По темелната анализа на приложениот ракопис, согласно со член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, имам чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го доставам следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Поднесениот ракопис за рецензија под наслов **Вештини и техники во социјалната работа** претставува оригинален труд во кој се проучуваат персоналните карактеристики на припадниците од помагателните професии – конкретно социјалните работници.

Во воведот, авторите даваат краток опис на содржината што е обработена во трудот, истакнувајќи ја важноста на професионалните компетенции кои им се потребни на стручните лица при давање помош и поддршка на други лица. Покрај теоретската и стручна подготвеност на социјалните работници, авторите ја истакнуваат и неопходноста од одредени личносни карактеристики и специфични вештини и техники за успешно реализирање на професионалните задачи. Како најрелевантни во таа смисла авторите ги издвојуваат емпатијата, алтруизмот, асертивноста, способноста за критичко мислење, соочувањето со стресот, интерперсоналната комуникација, ненасилното разрешување на конфликти и емоционалната интелигенција. Оттаму произлегува основниот мотив од кој тргнуваат авторите, а тоа е потребата низ наставата студентите на социјална работа да стекнат вештини и техники кои ќе им бидат од корист во нивното професионално работење како социјални работници. Во трудот, авторите детално ги елаборираат клучните вештини во ова истражување толкувајќи ги низ призмата на професионалните потреби на социјалните работници. Според авторите, **емпатијата** наједноставно може да се дефинира како соживување со емоционалната состојба на другите лица и разбирање на нивната положба врз основа на перципираните или замислените ситуации во кои личноста се наоѓа (Petz, 1992). Авторите подеднакво внимание му посветуваат и на **алтруизмот**, објаснувајќи го како посебен облик на просоцијално однесување, во кое предвид се земаат не само последиците, туку и мотивите за однесувањето (*однесувањето да е волево и без присила, да е преземено со цел да се оствари добробит на другите, но*

*не за сметка на сопствена награда или избегнување на казна)*. Третата вештина, клучна за професионалната работа кај социјалните работници-**асертивноста**, е и најмалку истражувана во научните кругови. Овој поим е од англосаксонско подрачје (assertive, assertive behavior) и има значење на сигурно, одговорно и самопотврдно однесување, во ситуации кога на личноста ѝ се загрозени нејзините законски права. Значи, личноста е асертивна доколку во ситуациите во кои е загрозена доследно, упорно и одговорно ги брани сопствените права без оглед на фактот кој, кога и зошто ги негира нив.

Наведените теми авторите стручно и концизно ги елаборираат користејќи ги современите сознанија, како и сопствените сознанија добиени од претходни истражувања поврзани со одредени социјални вештини кај студентите од помагателните професии.

Трудот под наслов **Вештини и техники во социјалната работа** е резултат на наставно-научната и истражувачка дејност на авторите во областа на психосоцијалната работа со поединци и групи од различни возрасти и со различни психолошки и социјални проблеми, клиничката социјална работа и социјалната работа со деца и млади под ризик. Широкото теоретско познавање од повеќе области, истражувачкото искуство и долгогодишната соработка со практичари во областа на психосоцијалната заштита и здравството во институциите во заедницата го чини излагањето на научните содржини во трудот разбирливо како за студентите така и за практичарите во областа на унапредувањето на вештините и техниките потребни за работа со поединците и групите кои имаат потреба од професионална поддршка од социјалните работници.

Содржината на трудот го следи логичкиот распоред на наставните единици кои се реализираат во рамките на истоимениот предмет, кој се изучува на прв циклус од студиската програма на Институтот за социјална работа и социјална политика и има статус на изборен предмет во VI семестар. Со оглед на тоа што трудот **Вештини и техники во социјалната работа** е во целосна согласност со предметната програма од истоимениот предмет, за кој е предвиден фонд од 4+2 часа и 6 ЕКТС-кредити, верувам дека тој ќе придонесе да се надополни празнината во однос на литературата што е неопходна за негово совладување. Убедена сум дека овој учебник ќе послужи и за надополнување и проширување на знаењата на практичарите и подобрување на нивните компетенции кои се неопходни за успешно извршување на професијата социјален работник.

Врз основа на изнесените потреби за научна и стручна литература од областа на примената на психосоцијалната работа и соодветната концепција и содржина на трудот под наслов **Вештини и техники во социјална работа** на авторите **доц. д-р Иван Трајков и доц. Д-р Софија Георгиевска**, со особено задоволство го препорачувам за печатење, како високошколски учебник потребен за студиската програма по социјална работа и социјална политика.

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Јелисавета Тодоровиќ, с.р.

Филозофски факултет - Ниш

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ–АСИСТЕНТ НА ГРУПА НАСТАВНА ПРОГРАМА–КОМПОЗИТНИ МАТЕРИЈАЛИ, НА ПРЕДМЕТИТЕ: ПРОИЗВОДИ ОД ИСИТНЕТО ДРВО, ФУРНИРИ И ФУРНИРСКИ ПЛОЧИ, ПОЗНАВАЊЕ НА ФУРНИРИ И ПЛОЧИ, ТЕХНОЛОГИЈА НА ОТПРЕСОЦИ, ПЛОЧИ ОД ИВЕРКИ И ВЛАКНА, ФУРНИРИ И ПЛОЧИ, СПЕЦИЈАЛНИ ПРЕСУВАНИ ПРОИЗВОДИ, ПРИМАРНА ПРЕРАБОТКА НА ДРВОТО, КАКО И ПРЕДМЕТИТЕ ДРВНОИНДУСТРИСКО ГРАДЕЖНИШТВО, ДРВО ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО И ДРВЕНИ МОНТАЖНИ ОБЈЕКТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје бр. 0201-233/2-IV-2 од 5.5.2014 год., формирана е Рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање-асистент на група наставна програма-композитни материјали, на предметите: производи од иситнето дрво, фурнири и фурнирски плочи, познавање на фурнири и плочи, технологија на отпресоци, плочи од иверки и влакна, фурнири и плочи, специјални пресувани производи, примарна преработка на дрвото, како и предметите дрвноиндустриско градежништво, дрво во градежништвото и дрвени монтажни објекти, во состав: д-р Борче Илиев, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, д-р Јосиф Димески, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (во пензија) и д-р Митко Нацевски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

На конкурсот за избор на соработник во соработничко звање-асистент, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Koha" од 26.3.2014 год., се пријави само м-р Виолета Јакимовска Поповска, асистент на Катедрата за композитни материјали при Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

По прегледот на доставената документација, како и врз основа на други фактори релевантни за избор на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Виолета Јакимовска Поповска, асистент на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, е родена на 13.12.1980 год. во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Студиите на Шумарскиот факултет во Скопје ги започнала во академската 2001/2002 год. на насоката проектирање и технологија на мебел и ентериер. Дипломирала во 2005 год. на Катедрата за композитни материјали при Шумарскиот факултет во Скопје, со среден успех од 9,06. Во 2003 год., м-р Виолета Јакимовска е прогласена за најдобар студент на Шумарскиот факултет во Скопје за академската 2002/2003

год. со просечен успех од 9,12, поради што и е доделена диплома од Сојузот на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

По успешно одбранетиот магистерски труд под наслов: „Споредбени истражувања на својствата на лабораториски фурнирски плочи и некои индустриски дрвени плочи“ на 15.4.2011 год., дипл. инж. Виолета Јакимовска Поповска се стекнува со звањето магистер на дрвноиндустриски науки.

По стекнувањето со звањето магистер на дрвноиндустриски науки, м-р Виолета Јакимовска Поповска поднесе пријава до Факултетот за изработка на докторска дисертација под наслов: „Истражувања на карактеристиките на структурно зајакнати конструктивни фурнирски плочи“. Насловот на темата за изработка на докторската дисертација е прифатен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот со Одлука бр. 0201-357/1-XIII-2 од 22.11.2011 год. и истиот е објавен во Билтен бр. 1020 од 1.12.2011 год.

Кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска е вработена како асистент на Катедрата за композитни материјали при Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, каде што ги изведува вежбите по предметните програми опфатени со групата наставна програма-композитни материјали, како и предметната програма дрвноиндустриско градежништво. Во рамките на нејзиното работење на Факултетот, учествувала во техничката подготовка на основни учебници за изведување настава по предметните програми: познавање на фурнири и плочи и хемиска преработка на дрвото, како и во изработката на интерни скрипти за изведување настава и вежби по предметните програми: дрвноиндустриско градежништво, производи од иситнето дрво и технологија на отпресоци.

Во досегашното работење, м-р Виолета Јакимовска Поповска е постојано вклучена во научноистражувачката и апликативната дејност на Факултетот. Учествува во лабораториските активности за испитување на карактеристиките на плочите на основа на дрво и енергетските брикети и пелети, за потребите на стопанските субјекти од дрвната индустрија во Република Македонија.

Во рамките на работењето на Факултетот, м-р Виолета Јакимовска Поповска е член на Работната група на Центарот за кариера на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје. Кандидатката била и член на Организациониот одбор за меѓународната научна конференција „Wood technology & product design“. Кандидатката активно учествувала и во промотивните активности на Факултетот.

М-р Виолета Јакимовска Поповска е член на Работната група 5 на Техничкиот комитет на Институтот за стандардизација на Република Македонија од областа на дрвените конструкции.

Во рамките на нејзиното стручно усовршување, била учесник на курс за обука за плочи на основа на дрво, организиран во рамките на COST. Кандидатката воедно била и член на работна група во акцијата Е49 за дрвени плочи во рамките на COST.

Кандидатката има одлични познавања од областа на примената на компјутерските програми: MS Office (Word, Excel, Power Point), AutoCAD, CorelDraw. Активно се служи со англискиот јазик, како за општа конверзација, така и за стручни потреби.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во досегашното работење на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска активно учествувала во спроведувањето на наставните активности на Факултетот. Во тој период, кандидатката успешно ги изведувала вежбите по предметните програми опфатени со групата наставна програма-композитни материјали, односно: фурнири и фурнирски плочи, производи од иситнето дрво, познавање на фурнири и плочи, технологија на отпресоци, примарна преработка на дрвото, како и предметната програма дрвноиндустриско градежништво.

Покрај изведувањето на вежбите по горенаведените предметни програми опфатени со студиските програми на Факултетот, кандидатката континуирано е ангажирана во работењето со студентите, од аспект на изработка на програми, елаборати, дипломски работи и сл.

М-р Виолета Јакимовска Поповска со посебна совесност и одговорност е посветена на наставно-образовниот процес, при што покажува посебни педагошки квалитети, коректност и објективност во извршувањето на поставените задачи.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот до последниот избор во соработничко звање–асистент, кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска во соработка со други автори има публикувано 11 научни и 11 стручни трудови, рецензирани во Билтен бр. 965 од 1.6.2009 и Билтен бр. 1008 од 16.5.2011 година.

По последниот избор во соработничко звање–асистент, кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска продолжи да се занимава со научноистражувачката дејност на Факултетот. Во овој период, кандидатката има публикувано четири научни труда од кои еден е публикуван во меѓународно научно-стручно списание, додека три труда се презентирани на меѓународни научни конференции.

Во овој период, кандидатката ги има публикувано следниве научни трудови:

1. **JAKIMOVSKA POPOVSKA, V.**, Iliev, B. (2013): Influence of plywood structure on compressive strength parallel to the plane of the panel, Proceedings of international scietific conference „Wood technology & product design", pg. 194-200, Ohrid.
2. Aziri, B., **JAKIMOVSKA POPOVSKA, V.**, Iliev, B. (2013): Water impact on the change of the physical chracteristics of multilayared constructive plywood, Proceedings of international scietific conference „Wood technology & product design", pg. 225-232, Ohrid.
3. **JAKIMOVSKA POPOVSKA, V.**, Iliev, B. (2013): Research on the characteristics of laboratory made plywood, Proceedings of 9$^{th}$ international scientific conference on production engineerig „Development and modernization of products-RIM 2013", pg. 717-724, Budva.
4. Aziri, B., **JAKIMOVSKA POPOVSKA, V.**, Iliev, B. (2013): Water impact on change of physical chracteristics of single-layer water-resistant particleboards, Wood, design & technology – Journal of wood science, design and technology, Faculty od design and technology of furniture and interior, Vol. 2, No. 1, pg. 1-9, Skopje.

Трудовите под реден број 1 и 3 се однесуваат на истражувањата на карактеристиките на експериментални фурнирски плочи од букова суровина. Истражувањата презентирани во овие трудови опфаќаат истражувања на влијанието на структурата на фурнирските плочи врз нивните физичко-механички карактеристики.

Трудот под реден број 2 се однесува на истражувањето на промената на физичките карактеристики на повеќеслојни конструктивни фурнирски плочи при изложување на дејство на вода.

Трудот под реден број 4 ги разработува истражувањата на влијанието на дејството на водата врз физичките карактеристики на еднослојните плочи од дрвени честици.

Кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска, како член на истражувачки тим, активно учествувала во изработката на следниов научноистражувачки проект: **„WBP дрвени композити и нивни карактеристики“,** научноистражувачки проект финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, главен истражувач: проф. д-р Борче Илиев, времетраење на проектот од 1.10.2012 до 1.9.2013 год.

Во периодот по последниот избор во соработничко звање-асистент, м-р Виолета Јакимовска Поповска учествувала на следниве меѓународни научни конференции:

1. International scietific conference „Wood technology & product design”, 16th-18th May 2013, Ohrid, Macedonia.
2. 9th International scientific conference „RIM–Development and modernization of production“, 26-29 September 2013, Budva, Monte Negro.
3. Sixth international scientific and technical conference „Innovations in wood industry and engineering design”, 14-16 November 2013, Yundola, Bulgaria.
4. International student conference „Sprungbrett”, 20-23 November 2013, Biel, Switzerland.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во рамките на апликативната дејност на Факултетот, кандидатката учествува во лабораториските активности за испитување на квалитетот на плочите на основа на дрво и енергетските брикети и пелети за потребите на стопанските субјекти од дрвната индустрија во Република Македонија.

Од последниот избор во соработничко звање–асистент, кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска учествувала во изработката на следниве лабораториски извештаи за квалитетот на раздробена дрвна суровина за брикетирање и квалитетот на дрвени брикети:

1. Извештај од испитувањето на енергетски брикет од лигноцелулозен материјал, арх. бр. 14-35/2 од 8.2.2013 год., подносител на барањето: ДПТУ „Ангровардар Тодор“ ДООЕЛ-Велес.
2. Извештај од испитувањето на енергетски брикет од лигноцелулозен материјал, арх. бр. 14-22/2 од 7.2.2014 год., подносител на барањето: „Алпин-Ком“ ДОО-Делчево.

3. Извештај од испитувањето на енергетски брикет од лигноцелулозен материјал, арх. бр. 14-38/2 од 7.2.2014 год., подносител на барањето: ДПТТ „Дрво Бор“ ДООЕЛ-Берово.
4. Извештај од испитувањето на енергетски брикет од лигноцелулозен материјал, арх. бр. 14-43/2 од 7.2.2014 год., подносител на барањето: ДПТ „Дрво Центар“ ДООЕЛ-Кочани.
5. Извештај од испитувањето на енергетски брикет од лигноцелулозен материјал, арх. бр. 14-50/2 од 7.2.2014 год., подносител на барањето: ТДПТУ „Маркисто“ ДООЕЛ-Охрид.
6. Извештај од испитувањето на енергетски брикет од лигноцелулозен материјал, арх. бр. 14-89/2 од 7.2.2014 год., подносител на барањето: ДПТУ „Ангровардар Тодор“ ДООЕЛ-Велес.

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од анализата на приложените документи, како и врз основа на сознанијата за работата и професионалниот ангажман на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска од вработувањето на Шумарскиот факултет во Скопје, а потоа и на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје до денес, успешно била вклучена во наставно-образовната, научноистражувачката и апликативната дејност на Факултетот.

Анализата на нејзините активности во наставно-образовната, научноистражувачката и апликативната дејност на Факултетот, сериозниот пристап, коректност и објективност во извршувањето на обврските, потврдува дека кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска е исклучително квалитетен и перспективен научен соработник.

Имајќи ги предвид гореизнесените наводи, а во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска да биде избрана во соработничко звање-асистент на група наставна програма-композитни материјали, на предметите: производи од иситнето дрво, фурнири и фурнирски плочи, познавање на фурнири и плочи, технологија на отпресоци, плочи од иверки и влакна, фурнири и плочи, специјални пресувани производи, примарна преработка на дрвото, како и предметите дрвноиндустриско градежништво, дрво во градежништвото и дрвени монтажни објекти.

Рецензентска комисија

1. Д-р Борче Илиев, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје с. р.
2. Д-р Јосиф Димески, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје во пензија с. р.
3. Д-р Митко Нацевски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје с. р.

# П Р Е Г Л Е Д
на прифатени тези за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Љупка Панчевска | „Придонес на микро претпријатијата во создавањето на нови работни места во Република Македонија”. „Contribution of micro enterprises in creation of new jobs in Republic of Macedonia”. | академик Таки Фити |
| Јована Темелковска | „Програмите за организациско учење во компаниите како фактор за подобрување на организациските перформанси”. „ Organisation learning programs in the companies as a factor for improving organizational performance”. | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Горан Мојаноски | „Компаративна анализа на поврзаноста на девизните курсеви со макроекономските варијабли во Република Македонија и Република Србија – економетриски пристап”. „Comparative analysis of relations between exchange rates and macroeconomic variables in Pepublic of Macedonia and Pepublic of Cerbia – an econometric approach”. | проф. д-р Весна Буцевска |
| Бојан Васиќ | „Примена на маркетинг концептот на пазарот за органска храна”. „Implementation of marketing mix in the organic food market”. | проф. д-р Снежана Р. Јовановска |
| Марија Ангеловска | „Процес и улога на личната продажба во банкарскиот сектор во Македонија”. „Role and process of personal selling in the banking sector in Macedonia”. | проф. д-р Снежана Р. Јовановска |
| Драгана Стоилковиќ | „Стекнување и одржување на конкурентска предност преку | проф. д-р Зоран Миновски |

| | | |
|---|---|---|
| | анализа на финансиските коефициенти”.<br>„Gaining and sustaining competitive advantage through ratio analysis”. | |
| Горан Милковски | „Корисничко искуство од електронско банкарство и негова прифатеност од клиентите од Општина Куманово”.<br>„User experience of electronic banking and its acceptance of clients from Municipality of Kumanovo”. | проф. д-р Сашо Јосимовски |
| Ивана Тортеска | „Електронскиот менаџмент на синџирот на снабдување како алатка за создавање на вредност и задоволство кај потрошувачот”.<br>„E-scm as a tool for creating customer value and satisfaction”. | проф. д-р Лидија П. Ивановска |
| Гордана Клинчарова | „Издавање на обврзници на локалните власти со посебен осврт на Република Македонија”.<br>„Issuance of bonds at local government level, with special emphases on the Republic of Macedonia”. | проф. д-р Владимир Филиповски |
| Хејлио Богоев | „Современата глобална економска криза и одговорот на носителите на политики”.<br>„Contemporary global economic crisis and response of policy makers”. | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков |
| Љупка Пандиловска | „Кредитна политика на македонските банки во услови на глобална криза”.<br>„Lean policy of the macedonian banks during a global economic crisis”. | проф. д-р Горан Петревски |
| Елена Софијанова | „Избор на режим на девизен курс – случајот на Република Македонија”.<br>„ Choosing an exchange rate regime – the case of Republic of Macedonia”. | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков |

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје на 411. седница на Наставно – научниот совет одржана на 29.5.2014 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Јосифовски, дипл.град.инж. | **Хидролошки модел за водниот биланс кај сложени хидросистеми** | проф. д-р Цветанка Поповска, Градежен факултет |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

на докторската дисертација „ВЛИЈАНИЕТО НА РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕР БАЗИРАН НА КОМПОНЕНТИ ВРЗ ИЗГРАДБАТА НА КВАЛИТЕТНИ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ“ од м-р Флоринда Имери, пријавена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Одлукаброј 02-573 од својата45.редовна седницаодржана на ден 24.4.2014 година,нѐизбра за рецензенти за оцена на докторскатадисертација под наслов„ВЛИЈАНИЕТО НА РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕР БАЗИРАН НА КОМПОНЕНТИ ВРЗ ИЗГРАДБАТА НА КВАЛИТЕТНИ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ“, поднесена од м-р Флоринда Имери, магистер по информатика, вработена како асистент на Државниот универзитет во Тетово. По прегледувањето на дисертацијата го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## 1. КОМПОЗИЦИЈА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Трудот е проверен со базата на трудови при Министерството за образование наука (plagijati.mon.gov.mk). Проверката беше поставена на системот за плагијати на 23.5.2014 од каде што е добиен позитивен извештај, кој менторот го испрати во електронска форма на plagijat@finki.ukim.mk .

Докторската дисертација на м-р Флоринда Имери претставува самостоен научен труд од областа на софтверското инженерство, од специјалноста за обезбедување софтверски квалитет и повторна употреба на код.

Докторската дисертација е изложена на 135 страници, со 17 слики и 1 табела. Пописот на литературата содржи 85 релевантни библиографски единици.

Содржината на докторската дисертација е компонирана во 8 глави, користена литература и два додатока. Секоја глава претставува посебна целина за одредена фаза од истражувањето. Во секоја глава е даден краток осврт на што се однесува главата и сите секции во неа. На крајот на секоја глава е даден заклучок за нејзиниот научен придонес.

## 2. ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА ДЕЛОВИТЕ

Докторската дисертацијата е изложена во 8 глави. Во првата глава кандидатката ги презентира проблемите кои се идентификувани за истражување, ги дефинира истражувачките прашања, ги дефинира истражувачките методи, ги наведува нејзините придонеси и ја презентира структирата на тезата.

Глава 2 ја презентира областа на повторна употреба на софтвер и нејзината актуелна состојба, вклучувајќи софтверско инженерство базирано на компоненти и дава детален опис на софтверските компоненти и процесите за развој на софтверот користејќи софтверски компоненти.

Глава 3 дава детален преглед на моделите за мерење и метриката на повторна употреба на софтвер.

Глава 4 ја презентира состојбата со повторна употреба на софтверот глобално и во регионот. Го опишува фокусот и контекстот на истражувањето, опишувајќи ги ИТ компаниите кои се составен ден на спроведените анкети при истражувањето. Тука кандидатката ги презентира и

ги дискутира главните резултати што се однесуваат на повторната употреба на софтвер и софтверско инженерство базирано на компоненти.

Глава 5 ги презентира софтверските модели за квалитет и ја опишува нивната употреба кај ИТ-компаниите.

Во Глава 6 се дискутираат истражувачките прашања и се прави евалуација на придонесите и резултатите. На крај се дискутираат неколку размислувања во истражувачкиот контекст.

Главата 7 ги презентира главните препораки за креирање на квалитетни информатички системи пористејќи пристап на повторна употреба на софтвер. Во истата глава се дискутирани и моделите за квалитет.

Во Глава 8 се сумираат главните наоди од дискусијата и се предлагаат понатамошни чекори.

Во првиот додаток кандидатката ги презентира методите и стратегиите на истражување, а во вториот додаток се презентирани прашалниците кои кандидатката ги користела при анкетите во фирмите.

## 3. ОЦЕНКА НА ТРУДОТ

Кандидатката ги идентификува следниве истражувачки прашања:

ИП1. Дали компаниите промовираат повторна употреба на софтвер?

ИП2. Дали развивачите на софтвер имаат доволни информации за да ги разберат и веруваат во спецификациите на софтверските компоненти?

ИП3. Дали повторната употреба е исплатлива?

ИП4. Колку важни се сметаат софтверските квалитетни модели за креирање квалитетни информациски системи?

За да можеме да одговори на истражувачките прашања,кандидатката се фокусира на две техники за собирање на податоци: прашалници и интервјуа. Податоците се истовремено и "квантитативни" од прашалниците и "квалитативни" од интервјуата со соодветно избрани лица во компаниите. Квантитативните податоци се трансформираат во процентуална застапеност, додека "квалитативните" податоци од интервјуата се користат како водич за анализа и заклучоци. Прашалниците за направени во 10 ИТ-компании во Македонија и во Косово.

Во однос на ИП1, резултатите и споредбите од истражувањето потврдуваат дека компаниите имаат корист од повторната употреба, но програмерите не се охрабруваат да креираат и реупотребуваат. Реупотребата ја вршат само поединци, со користење на сопствено искуство. Заклучок на кандидатката е дека во моментот компаниите не се подготвени за систематска реупотреба, а начинот на кој тие ја вршат реупотребата, главно на изворен код, го зголемува времето за преработка. Резултатите кореспондираат со литературата и резултатите од претходни истражувања.

Во однос на ИП2, истражувањето покажува дека повеќето од програмерите се информирани за повторна употреба и комерцијалните софтверски компоненти од свое лично искуство и само мал број од нив се информирани преку формалното образование. Причина за тоа е дека наставата за оваа нова парадигма на софтверското инженерство е нова во универзитетите во регионот. Кандидатката заклучува декаоваа област се изучува само на државните универзитети во Македонија, но не и на приватните универзитети, ниту во другите земји во регионот, како што се Албанија или Косово каде што воопшто не е вклучена во наставните програми.Кандидатката

повлекува корелација меѓу образовна програма за реупотреба и систематската реупотреба во фирмите.Причина што може да спречи компаниите да користат комерцијални софтверски компоненти е тоа што компаниите немаат тим кој ќе биде одговорен за барање и избор на компоненти. Оваа индикација доаѓа од одговорите на прашалникот кои покажува дека ниедна од компаниите кои беа дел од анкета немаат било позиција наречена "инженер за повторна употреба". Тие обично купуваат компоненти од компаниите во регионот кои ги познаваат и во кои имаат доверба. Друг проблем може да биде документацијата со која програмерите не се задоволни и процесот на компонента интеграција, проблемите со изворниот код, што кореспондирасо литературата и другите студии, дека е заеднички проблем на сите програмери.

Кога станува збор за прашањето ИП 3:Дали повторната употреба се исплати, истражувањето покажува дека сите компании се согласуваат дека повторната употреба се исплаќа, а исто така и именуваат проекти кои биле успешни благодарение на повторната употреба, но недостатокот на метрика за повторна употреба во речиси сите компании прави да биде невозможно да се измери влијанието што повторната употребата ја има врз нивниот буџет. Метриката е проблем и за програмерите.

Конечно, кандидатката се запрашува во ИП4 колку според компаниите се важни моделите за софтверски квалитет во креирањето на квалитетни информартички системи?За да се остане пред конкурентите, квалитетот и цената се гледани како главни причини. Од интервјуата и прашалникот се добива широк спектар на одговори. Повеќето од програмерите одговорија дека не знаат, а некои од нив рекоа дека стапка е многу ниска. Интервјуата со менаџерите помогнаа да се добие прецизна слика. Речиси сите проекти доцнат или имаат грешки кои потоа се поправаат по пријавите од страна на клиентите. Главната причина за ова е процесот на спецификација на барања што одзема многу време. Менаџерите се жалат дека клиентите не се секогаш подготвени да земат активно учество во развојот на софтверот.Во однос на квалитетот на моделите во употреба, резултатите покажуваат дека компаниите не користат формален метод за контрола на квалитетот, наместо тоа, тие користат свои методи. Процесот за обезбедување на квалитетот се разликува во голема мера во различни компании и проекти. Резултатите од квалитативната анализа се потврдуваат и со тоа што компаниите не употребуваат никакви метрики, или воопшто не се свесни за нив. Наместо тоа, мерењето се врши врз најчесто врз основа на човечка евалуација.

Во својата дисертација кандидатката презентира и неколку препораки за креирање квалитетни информатички системи.

Препорака 1 - Врвна посветеност на менаџментот

Важен предуслов за успешна ре-употреба е посветеноста и поддршката на од менаџментот, бидејќи таа бара промени во организационото финансирање и управување и може да се спроведе само ако менаџментот го поддржува тоа.

Препорака 2 - Процес на развој

Кандидатката препорачува промени во организациската структура и процесот на развој. Таа верува дека компаниите треба да воспостават тим за повторна употреба кој ќе биде одговорен за пребарување, создавање на средства за повторна употреба и нивно чување во складишта. Внатрешно обработените средства треба да ги следат стандардните практики за кодирање и притоа документација за кодот мора да постои во организацијата.

Препорака 3 – Обука

Резултатите од истражувањето покажуваат дека обуката е важна активност во спроведувањето на систематската реупотреба. Обуките помагаат во зголемување на знаењето за повторна употреба, кое потоа има позитивно влијание при нивното охрабрување за прифаќање на реупотребата.

Препорака 4 – Мали проекти – пилот-проекти

Кандидатката предлага компаниите да започнат се повеќе да ја имплементираат повторната употреба преку серија на мали проекти – пилот проекти. Овој начин ја зголемува довербата на програмерите и организациите кон повторната употреба бидејќи кај малите проекти резултатите се согледуваат веднаш.

Препорака 5 – Примена на квалитативни модели

Важно е да се започне со проценка на квалитетот уште од почетокот на секоја фаза од проектот. Доколку одреден модел на квалитет кој содржи сродни карактеристики на квалитет на софтверот не може да биде применет, тогаш на почетокот на проектот, компаниите треба да креираат стандард за внатрешна документација во форма на листа за проверка и приоритети, каде што е дефиниран сет на карактеристики кои се важни за софтверот.

Од анализата на овој труд можат да се идентификуваат повеќе главни придонеси на кандидатката:

П1. Верификација на состојбата на повторната употреба на софтверот во нашите софтверски компании. Кандидатката покажува дека во компаниите постои значителна количина на повторна употреба на код.

П2. Анализирање на внатрешната во однос на надворешната повторна употреба на софтверот. Кога станува збор за придобивките од COTS во согласност со претходните истражувања, поголемиот дел од компаниите мислат дека краткото време потребно за пласирање на пазарот и ниските трошоци се исто толку важни придобивки, додека високиот квалитет и ниските трошоци потребни за одржување се помалку важни.

П3. Проучување на инвестицијата потребна да се започне процес на повторна употреба на софтвер. Воведувањето на систематска повторна употреба ќе ги инспирира вработените да ги подобрат развојните процеси и практики. Потребни се средства за соодветна обука на програмерите и во однос на одржувањето.

П4. Анализирање на примената на моделите на квалитет. Во поглед на примената на моделите на квалитет, истражувањата покажуваат дека компаниите многу ретко користат модели на квалитет, а главната причина за тоа може да биде ниската популарност на овие стандарди.

П5. Стратегија за софтверскиот модел за постигнување на квалитетни производи. Еден важен предуслов е посветеноста и поддршката на топ менаџментот бидејќи се потребни промени во организациското работење и финансирање.Кандидатката предлага промени во организациската структура и развојниот процес.

Кандидатката верува дека главната причина која придонесува до ниска индустриска партиципација на моделите на квалитет во развојниот процес е цената бидејќи трошоците се од големо значење за малите компании.

**Објавени трудови од истражувањата во рамките на оваа дисертација:**

1. FlorindaImeri, Ljupcho Antovski, An Analytical View on the Software Reuse –ICT INOVATIONS, web proceedings, 2012

2. Ljupcho Antovski, FlorindaImeri, Review of Software Reuse Processes. – INTERNATIONAL JOURNAL OF COMPUTER SCIENCE ISSUES, 2013, IF. 0.242
3. FlorindaImeri, Ljupcho Antovski, An Empirical Study on Software Reuse in Small IT Companies in the Balkan Region INTERNATIONAL JOURNAL OF COMPUTERS & TECHNOLOGY 2013, IF 1.34
4. FlorindaImeri, Ljupcho Antovski, Mentor Hamiti, Empirical Analysis of Quality Models in Practice in Small IT Companies in SEE Region – WORLD CONFERENCE ON EDUCATIONAL SCIENCES, 2014
5. Mentor Hamiti, BlerimReka, FlorindaImeri, The impact of computer components in enhancing the quality of teaching and learning process in universities – WORLD CONFERENCE ON EDUCATIONAL SCIENCES, 2014

Врз основа на деталниот преглед и анализа на приложениот труд, Комисијата го донесува следниов

## 4. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Флоринда Имери изготвила квалитетен и оригинален научно-истражувачки труд од областа на софтверското инженерство со специјализација во повторна употреба на софтвер.Докторската дисертација „ВЛИЈАНИЕТО НА РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕР БАЗИРАН НА КОМПОНЕНТИ ВРЗ ИЗГРАДБАТА НА КВАЛИТЕТНИ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ“ има значаен придонес во областа. Сите заклучоци се елаборирани со анализа. Дисертацијата е применлива во софтверската индустрија во регионот и пошироко.

М-р Флоринда Имери покажува способност да решава сложени проблеми од полето на информатичките науки, а особено од областа на софтверското инженерство и повторната употреба на код. Повеќето резултати се објавени во рецензирани конференции и списанија.

Од овие причини, Комисијата заклучува дека нејзината докторска дисертација претставува успешен и оригинален научен труд и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да го прифати овој извештај и да дозволи јавна усна одбрана на дисертацијата.

Рецензентска комисија:

1. Д-р Марјан Гушев, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје С.Р.
2. Д-р Љупчо Антовски, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје С.Р.
3. Д-р Анастас Мишев, доцент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје С.Р.
4. Д-р Гоце Арменски, доцент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје С.Р.
5. Д-р Иван Чорбев, доцент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје С.Р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕТОДИ ЗА ДЕТЕКЦИЈА И АНАЛИЗА НА СВРЗНИТЕ ДЕЛОВИ ОД ПРОТЕИНСКИТЕ СТРУКТУРИ И НИВНА ПРИМЕНА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ФУНКЦИИ НА ПРОТЕИНИ”, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ГЕОРГИНА МИРЧЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, донесена на седницата одржана на 20.3.2014 година, одредени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Георгина Мирчева, со наслов „Методи за детекција и анализа на сврзните делови од протеинските структури и нивна примена за одредување на функции на протеини”.

По извршениот преглед на докторската дисертација и поставувањето на дисертацијата во системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во мај 2014 година, до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, го поднесуваме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов „Методи за детекција и анализа на сврзните делови од протеинските структури и нивна примена за одредување на функции на протеини” од м-р Георгина Мирчева е распределена на 171 страница и е организирана во 8 глави. Дисертацијата содржи и список на литература и еден додаток. Во докторатот има 34 слики и 46 табели. Кандидатката посочила 213 референци кои претставуваат статии објавени во најпрестижните научни списанија и зборници од меѓународни конференции, но и современа научна литература издадена од реномирани издавачки куќи.

## 2. Предмет на докторската дисертација

Протеинските молекули се меѓу основните компоненти во клетките на живите организми, и тие учествуваат во различни процеси во клетката. Протеините се задолжени да вршат различни функции, како на пример транспорт (хемоглобинот пренесува кислород и јаглерод диоксид преку крвта), катализа (протеини кои се ензими и учествуваат во биокатализирачки процеси), заштита (антителата се имуноглобулини), регулација и контрола во организмот (голем број од хормоните имаат протеинска природа), мускулна контракција (актин, миозин) и други. Со предизвикување или спречување на интеракциите помеѓу протеинските молекули може да се направи регулација

на процесите во живите организми, па затоа познавањето на протеинските функции е од елементарно значење.

Постојат експериментални методи за одредување на протеинските функции, но тие се финансиски и временски многу скапи, па со користење на овие методи може да се одредат функциите на мал дел од протеините чија структура е позната. Затоа, потребата за развој на автоматизирани и брзи компјутерски методи за функционално анотирање на протеинските молекули е сѐ поочигледна. Врз основа на карактеристиките кои се земаат предвид, можат да се идентификуваат повеќе категории на методи за одредување на функциите на протеините, како на пример методи базирани на порамнување на протеински секвенци, методи базирани на споредба на протеински структури, методи кои вршат детекција и анализа на сврзните региони од протеинската структура, како и методи кои прават анализа на протеинските интеракциски мрежи.

Целта на оваа докторска дисертација е да се развијат методи за функционално анотирање на протеинските структури. За таа цел се предложени методи за екстракција на дескриптори и тие можат да се користат за пребарување на слични протеински структури. Потоа, предложен е метод за функционално анотирање на протеини кој може да одлучи врз основа на анотациите на најблиските соседи на испитуваниот протеин. За таа намена се применети предложените методи за пребарување на протеински структури, со цел да се пресмета сличноста помеѓу две протеински структури. Покрај преку структурна споредба на протеински структури, во оваа докторска дисертација се предложени и методи за одредување на функциите на протеините врз основа на карактеристиките на сврзните делови каде што настанува интеракција со друга протеинска структура. За таа намена, прво се предложени неколку методи за детекција на сврзните региони врз основа на карактеристиките на аминокиселинските остатоци кои го формираат протеинот, а потоа е предложен метод за одредување на протеинските функции врз основа на својствата на сврзните региони со користење на методи за повеќезначна класификација.

## 3. Анализа на трудот

Во **првата** глава од докторската дисертација е даден краток вовед во проблемите кои се обработуваат во оваа докторска дисертација. При тоа се опишани основните поими, мотивацијата, предизвиците, целите и придобивките од изработката на дисертацијата.

Во **втората** глава е даден преглед на постојните методи за одредување на протеински функции, и идентификувани се неколку главни категории како: методи базирани на порамнување на протеински секвенци, методи базирани на структурна споредба, методи кои вршат детекција и анализа на сврзните региони од протеинската структура и методи кои прават анализа на протеинските интеракциски мрежи. Посебен акцент е даден на методите кои функционалното анотирање на протеински структури го прават преку структурна споредба, или преку детекција и анализа на сврзните делови од

протеинската структура каде што настанува интеракција со друга протеинска структура.

Во **третата** глава се предложени неколку методи за одредување на сличноста помеѓу протеинските структури. Прво е претставен протеинскиот воксел-базиран дескриптор кој ги зема предвид карактеристиките на примарната, секундарната и терцијарната структура. Потоа е презентиран протеинскиот дескриптор базиран на интерполација на скелетот на протеинската структура. Бидејќи различен протеински синџир има различен број на Cα атоми, затоа прво протеинскиот скелет се интерполира со фиксен број на интерполациски точки со цел да се добијат дескриптори со еднаква должина. Во докторската дисертација се претставени два пристапа за интерполација на скелетот на протеинот, тоа се рамномерна и нерамномерна интерполација. Експерименталните резултатите покажуваат дека рамномерната интерполација е посоодветна бидејќи со неа се прави пофина апроксимација на скелетот бидејќи секој дел од скелетот се анализира со иста резолуција. Овој метод е наједноставен за имплементација, а сепак постигнува споредливи резултати со останатите покомплексни методи кои се предложени во дисертацијата. Потоа се претставени протеинските дескриптори базирани на бранчиња. За таа намена, прво се одредува матрицата на растојанија, а потоа врз неа се применуваат трансформации на бранчиња за да се извлечат елементите на карактеристичниот вектор. Во докторската дисертација направена е анализа на прецизноста на дескрипторите со користење на различен број на апроксимативни коефициенти и различни бранчиња. Во докторската дисертација е предложен и Matrix Alignment by Sequence Alignment within Sliding Window (MASASW) методот, со кој се прави порамнување на матриците на растојанија на протеините за кои се одредува структурната сличноста. MASASW се базира на постоен метод за порамнување на протеински секвенци, каде што дополнително се користи лизгачки прозорец за да се избегне исцрпното пребарување кое се прави кај DALI и MatAlign- методите. Направена е детална споредба на прецизноста на предложените методи за пребарување на протеински структури. Експерименталните резултати покажуваат дека MASASW-методот е најпрецизен, но за сметка на тоа има значително поголема временска комплексност во однос на останатите методи. Во тезата е направена споредба и со неколку постојни методи за пребарување на протеински структури, а резултатите покажуваат дека со DALI-методот се обезбедува најпрецизно пребарување, но тоа побарува значително подолго време. Потоа следува MASASW-методот, а по него со приближно иста прецизност следуваат постојниот CE-метод, дескрипторот базиран на интерполација на скелетот и дескрипторите базирани на бранчиња. Потоа следат постојниот MSVNS-метод и протеинскиот воксел-базиран дескриптор, па постојниот протеински дескриптор базиран на Haar-бранчето, а најслаби резултати постигнува постојниот фрактален дескриптор. Дополнително, протеинскиот дескриптор базиран на рамномерна интерполација на скелетот е проширен со неколку карактеристики на аминокиселинските остатоци кои се најблиску до интерполациските точки. Во докторската дисертација е направена детална анализа на прецизноста на проширениот дескриптор со додавање на различни карактеристики, а резултатите покажуваат дека со воведување на

дополнителните карактеристики се подобрува прецизноста при пребарувањето на протеинските структури. Исто така, проширениот дескриптор базиран на рамномерна интерполација на протеинскиот скелет е применет и за класификација на протеинските синџири, со што е потврдено дека дополнителните карактеристики придонесуваат во зголемувањето на класификациската точност на моделите.

При одредувањето на протеинските функции, покрај глобалните карактеристики, предвид може да се земат и некои локални карактеристики на сврзните делови каде што настанува интеракција со друга протеинска структура. За таа цел, во **четвртата** глава се предложени неколку методи за одредување на сврзните делови од протеинската структура. При тоа предвид се земени неколку карактеристики на аминокиселинските остатоци, и потоа врз основа на овие својства се гради предиктивен модел со кој се предвидува дали даден остаток е дел од сврзен регион или не. Во докторската дисертација се изградени индивидуални модели со користење на класични методи за класификација, а дополнително се изградени и ансамбли со цел да се зголеми предиктивната моќ на моделите. Резултатите потврдуваат дека со користење на ансамбли се добиваат поточни предвидувања отколку со користење на индивидуални модели. Класичните методи за класификација имаат висока осетливост на мали промени на карактеристиките во податочното множество, а кај протеинските структури со текот на еволуцијата се појавуваат одредени промени кај овие карактеристики, а сепак се задржуваат функциите за кои се задолжени овие протеински структури. Затоа, применети се неколку постојни класификациски методи кои се базираат на непрецизираната теорија. Со овие методи се градат непрецизирани дрва на припадност, и при тоа е разгледан еден метод кај кој градењето на стеблото е од дното нагоре, и друг метод кај кој стеблото се гради од коренот кон листовите. Во тезата е направена детална анализа на предиктивната моќ на овие два метода за градење на непрецизирани дрва на припадност, при што е анализирано влијанието на користењето на различни функции на припадност, мерки за сличност и непрецизирани оператори за агрегација. Експерименталните резултати ги потврдуваат очекувањата дека со методот кај кој стеблото се гради од коренот кон листовите се добива попрецизен модел бидејќи со агрегациите во стеблото се прават мали промени во моделот со цел моделот пофино да се приспособи според податочното множество. Кај градењето на претходните модели предвид се земени четири карактеристики на аминокиселинските остатоци. За да се подобрат предиктивните перформанси на класификациските модели, во податочното множество дополнително се вклучени и останатите карактеристики на аминокиселинските остатоци кои се вклучуваат во проширениот дескриптор базиран на рамномерна интерполација на протеинскиот скелет. Потоа, со користење на техники за селекција и трансформација на карактеристики се врши одбирање на најрелевантните карактеристики кои потоа се користат при обука на моделите. Во докторската дисертација е даден широк преглед на најпознатите техники за селекција и трансформација на карактеристики, и посочени се нивните предности и недостатоци. Од техниките за селекција на карактеристики применети се техники за филтрирање и техники за обвиткување, а од техниките за

филтрирање предвид се земени техники кои вршат рангирање на карактеристики, како и техники кои вршат евалуација на подмножества од карактеристики. Во тезата се изградени повеќе модели добиени со користење на различни техники за селекција и трансформација на карактеристики и различни методи за градење на класификациски модели. Експерименталните резултати кои се претставени во докторската дисертација потврдуваат дека со избор на најрелевантните карактеристики се добиваат попрецизни модели. Покрај подобрување на предиктивната моќ на моделите, со изборот на карактеристики дополнително се намалува времето на обука и тестирање, а воедно се намалува и комплексноста на моделите. Резултатите ги потврдуваат очекувањата дека техниките кои оценуваат цели подмножества од карактеристики се подобри отколку техниките кои индивидуално ги рангираат карактеристиките, бидејќи при тоа предвид се зема и редундантноста која ја носат карактеристиките. Моделите дополнително се споредени и со неколку постојни методи за детекција на сврзните делови од протеините, и резултатите покажуваат дека постојните методи имаат различни предиктивни перформанси на различни податочни множества, со оглед на тоа што тие се приспособени за одлучување за потесна група на протеински структури, додека со предложениот пристап се добиваат постабилни модели чии перформанси не зависат премногу од множеството за обука. Имено, предложениот престап е поопшт, додека постојните методи со кои е направена споредба се фокусираат на специфични типови на интеракции. Со предложениот пристап за детекција на сврзните делови од протеините се очекува дека доколку тој се примени на податочно множество кое опфаќа одредена група на протеини, со користењето на техниките за избор и трансформација на карактеристики ќе се обезбеди самоадаптибилност на моделот бидејќи при тоа ќе се одберат најрелевантните карактеристики кои се битни при одлучување за дадената група од протеински синџири.

Во **петтата** глава, методите за пребарување на протеински структури и методите за детекција на сврзните региони од протеините се применети за одредување на протеинските функции. Во докторската дисертација се предложени два метода за функционално анотирање на протеински структури. Со првиот метод, функциите на протеините се одредуваат врз основа на функциите на нивните најблиски соседи, додека кај вториот метод, со користење на методи за повеќезначна класификација, предиктивниот модел се гради врз основа на локалните карактеристики на сврзните региони и глобалните карактеристики на протеинската структура. Во однос на првиот метод, изградени се предиктивни модели со користење на различни методи за одредување на сличноста помеѓу протеинските структури, и резултатите покажуваат дека најпрецизен модел се добива кога се користи MASASW-методот, а потоа следат протеинскиот дескриптор базиран на Haar-бранчето и дескрипторот базиран на рамномерна интерполација на протеинскиот скелет. При градење на моделите, со вториот метод се применети неколку методи кои повеќезначниот класификациски проблем го трансформираат во повеќекласни класификациски проблеми, и тоа методот на бинарна релевантност, методот множество на ознаки и HOMER (Hierarchy Of Multilabel classifiERs) методот. Дополнително, предвид е земен и ML_*k*NN методот кој припаѓа во групата на

методи кои наместо трансформација на проблемот вршат адаптирање на некој постоен метод за повеќекласна класификација за тој да биде применлив и за решавање на повеќезначни проблеми. Експерименталните резултати покажуваат дека со методот на бинарна релевантност, со кој не се зема предвид зависноста помеѓу функциите, се добиваат најслаби резултати. Потоа следува методот со множества на ознаки кој предвид зема кои функции се појавуваат заедно кај исти протеини, а најдобри резултати се добиваат со HOMER и ML_*k*NN методите. Со ML_*k*NN поточно се предвидуваат поопштите функции, додека HOMER-методот обезбедува рамноправност помеѓу поопштите и поспецифичните функции, преку градењето на хиерархија од подмодели. Во докторската дисертација се претставени резултатите со користење само на локалните и само на глобалните карактеристики, како и со користење на сите карактеристики заедно. Резултатите покажуваат дека значително подобри резултати се постигнуваат со користењето на глобалните карактеристики, а најпрецизни модели се добиваат при користењето и на локалните и на глобалните карактеристики. Дополнително, во тезата е направена споредба на двата предложени метода за одредување на протеинските функции, при што со првиот метод се генерираат попрецизни модели, и воедно овој метод не е наклонет кон позастапените (погенералните) функции што се покажува со малите разлики помеѓу макро и микроверзиите на евалуациските мерки.

Во **шестата** глава се сумирани заклучоците до кои е дојдено врз основа на анализите и експерименталните резултати добиени со предложените методи за пребарување на протеински структури, за детекција на сврзните делови од протеините и за предвидување на протеинските функции. Исто така, дадени се насоки за понатамошно можно подобрување на предложените методи.

Во **седмата** глава е даден преглед на научните трудови во кои кандидатката е автор или коавтор, како и преглед на научните трудови кои се користени во текот на истражувањето.

**Осмата** глава е додаток кој содржи детали околу имплементацијата на дел од методите, како и дополнителни експериментални резултати од анализите направени во дисертацијата.

## 4. Верификација на докторската дисертација

Резултатите од истражувачката работа од докторската дисертација, м-р Георгина Мирчева ги публикувала во зборници од престижни меѓународни конференции и во меѓународни списанија, дел од нив со примена и во други области. Листата на трудови на кои кандидатката е автор или коавтор е дадена во продолжение:

[1] **Mirceva G.**, Kulakov A., Davcev D., “SGNG Protein Classifier by matching 3D structures”, In E. Corchado et al. (Eds.) 4-th International Conference on Hybrid Artificial Intelligence Systems (HAIS ’09), Salamanca, Spain, 2009, LNAI 5572, pp. 425-432, Springer-Verlag Berlin Heidelberg 2009.

[2] Dimov Z., **Mirceva G.**, Davcev D., “An Efficient Approach in Comparing Protein Structures using Matrix Alignment Techniques”, International

Conference on Bioinformatics, Computational Biology, Genomics and Chemoinformatics (BCBGC '09), Orlando, FL, USA, 2009, pp. 73-77.

[3] **Mirceva G.**, Davcev D., "Novel protein classifier based on SVM", In Book of Abstracts of the international Conference on Computational and Systems Biology (iCCSB 2009), Shanghai, China, 2009, pn. OR-020.

[4] Cingovska I., **Mirceva G.**, Kalajdziski S., Davcev D., "Comparative analysis of wavelet based protein descriptors", 9th National Conference ETAI 2009, Ohrid, Macedonia, 2009, pn. IE3-6.

[5] **Mirceva G.**, Davcev D., "HMM Approach for Classifying Protein Structures", Future Generation Information Technology 2009, Jeju Island, Korea, Y.-h. Lee et al. (Eds.): FGIT 2009, LNCS 5899, pp. 34-41, 2009, Springer-Verlag Berlin Heidelberg 2009.

[6] Dimov Z., **Mirceva G.**, Davcev D., "Protein distance matrices comparison using sequence alignment techniques", In CD Proceedings of ICT Innovations 2009, Ohrid, Macedonia, 2009.

[7] Cingovska I., **Mirceva G.**, Dimov Z., Kalajdziski S., Davcev D., "Novel wavelet based protein descriptors", In CD Proceedings of ICT Innovations 2009, Ohrid, Macedonia, 2009.

[8] **Mirceva G.**, Davcev D., "HMM based approach for classifying protein structures", International Journal of Bio-Science and Bio-Technology, vol. 1, no. 1, 2009, pp. 37-46.

[9] **Mirceva G.**, Dimov Z., Kalajdziski S., Davcev D., "Protein Classification Based on 3D Structures and Fractal Features", ICT Innovations 2009, Springer-Verlag Berlin, Heidelberg, (Eds. D.Davcev and Jorge Marx Gomez), 2010, pp. 115-124.

[10] Kalajdziski S., Pepik B., Ivanovska I., **Mirceva G.**, Trivodaliev K., Davcev D., "Automated Structural Classification of Proteins by Using Decision Trees and Structural Protein Features", ICT Innovations 2009, Springer-Verlag Berlin Heidelberg, (Eds. D. Davcev and Jorge Marx Gomez), 2010, pp. 135-144.

[11] **Mirceva G.**, Davcev D., "Incorporating several features in the protein ray descriptor for more accurate protein 3D structure retrieval", ACM Multimedia 2010, 3D object retrieval, Florence, Italy, 2010, pp. 51-56.

[12] Ivanoska I., **Mirceva G.**, Trivodaliev K., Kalajdziski S., "Hierarchical Protein Classification based on Gene Ontology and Decision Trees", ICT Innovations 2010, Ohrid, Macedonia, (Ed.) M. Gusev, Web proceedings, ISSN 1857-7288, pp.31-40.

[13] **Mirceva G.**, Naumoski A., Davcev D., "A Protein Classifier Based on SVM by Using the Voxel Based Descriptor", Rough Sets and Current Trends in Computing - 7th International Conference (RSCTC 2010), M. Szczuka et al. (Eds.): RSCTC 2010, LNAI 6086, pp. 640-648, 2010, Springer-Verlag Berlin Heidelberg 2010.

[14] **Mirceva G.**, Mirchev, M., Davcev D., “Hidden Markov Models for classifying protein secondary and tertiary structures”, Journal of Convergence, vol. 1, no. 1, 2010, pp. 57-64.

[15] Piskachev G., **Mirceva G.**, Davcev D., “Novel Consensus Approach for Protein Active Sites Detection”, Sixth International Scientific Conference - Computer Science’2011, Ohrid, Macedonia, 2011, pp. 122-127.

[16] **Mirceva G.**, Davcev D., “Three Approaches for Classifying Protein Tertiary Structures”, Book chapter in Lauren M. Haggerty (Ed.): Protein Structure, Nova Publisher, pp. 51-69, 2011.

[17] **Mirceva G.**, Davcev D., “SVM based approaches for classifying protein tertiary structures”, International Conference on Data and Knowledge Engineering 2011 (ICDKE 2011), Milan, Italy, 2011, pp. 1-7.

[18] Naumoski A., **Mirceva G.**, Mitreski K., “Fuzzy models with GIS for water quality diatom-indicator classification”, 8th International Conference on Fuzzy Systems and Knowledge Discovery (FSKD 2011), Shanghai, China, 2011, pp. 829-833.

[19] **Mirceva G.**, Davcev D., “Incorporating the depth and protrusion index in the protein ray based descriptor”, 8th International Conference on Fuzzy Systems and Knowledge Discovery (FSKD 2011), Shanghai, China, 2011, pp. 1592-1596.

[20] **Mirceva G.**, Davcev D., “Protein classification by including several features in the protein ray based descriptor”, The 7-th Structural Bioinformatics and Computational Biophysics Meeting (3DSIG 2011), Vienna, Austria, 2011, pp. 94.

[21] **Mirceva G.**, Naumoski A., Stojkovik V., Temelkovski D., Davcev D., “Method for Protein Active Sites Detection Based on Fuzzy Decision Trees”, Database Theory and Application / Bio-Science and Bio-Technology, DTA/BSBT 2011, CCIS 258, pp. 143-150, 2011, Springer-Verlag Berlin Heidelberg 2011.

[22] **Mirceva G.**, Kulakov A., “Fuzzy pattern trees for predicting the protein binding sites”, The 9th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012), Bitola, Macedonia, 2012.

[23] **Mirceva G.**, Naumoski A., Davcev D., “A Novel Fuzzy Decision Tree Based Method for Detecting Protein Active Sites”, L. Kocarev (Ed.): ICT Innovations 2011, AISC 150, pp. 51-60, Springer-Verlag Berlin Heidelberg 2012.

[24] Naumoski A., **Mirceva G.**, Mitreski K., “A novel fuzzy based approach for inducing diatom habitat models and discovering diatom indicating properties”, Ecological informatics, vol. 7, no. 1, pp. 62-70, 2012, (**impact factor 1.961**).

[25] **Mirceva G.**, Cingovska I., Dimov Z., Davcev D., “Efficient Approaches for Retrieving Protein Tertiary Structures”, IEEE/ACM Transactions on

Computational Biology and Bioinformatics, vol. 9, no. 4, pp. 1166-1179, 2012, (**impact factor 1.616**).

[26] **Mirceva G.**, Kulakov A., "Top-down approach for protein binding sites prediction based on fuzzy pattern trees", S. Markoski, M. Gusev (Eds.): ICT Innovations 2012, AISC 207, pp. 325-334, Springer-Verlag Berlin Heidelberg 2013.

[27] **Mirceva G.**, Kulakov A., "Fuzzy pattern trees for protein binding sites prediction using weighted averaging fuzzy aggregation operators", The 10th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2013), Bitola, Macedonia, 2013.

[28] **Mirceva G.**, Kulakov A., "Protein Binding Sites Prediction Using Ensembles", ICT Innovations 2013, Ohrid, Macedonia, 2013.

[29] **Mirceva G.**, Kalajdziski S., Kulakov A., "A method for predicting protein functions based on the protein ray-based descriptor", Journal of Bioinformatics, vol. 1, no. 1, 2014, pp. 26-33.

[30] **Mirceva G.**, Kulakov A., "Annotating protein structures by using multi-label classifier", The 11th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2014), Bitola, Macedonia, 2014.

[31] **Mirceva G.**, Naumoski A., Kulakov A., "Protein function prediction by using binary relevance multi-labelling method", Barcelona GPCR Spring Conference 2014, Barcelona, Spain, 2014.

## 5. Оригинални придонеси од докторската дисертација

Главните придонеси од оваа докторска дисертација, кои се претставени и во публикуваните трудови, можат да се групираат во три целини:

- придонеси за пребарување на протеински структури;
- придонеси за детекција на сврзните делови од протеинските структури;
- придонеси за одредување на протеински функции.

Во контекст на придонесот кон пребарување на протеински структури, предложени се неколку нови методи за одредување на сличноста меѓу протеинските молекули. Предложените методи за пребарување на протеински структури се споредени со неколку постојни методи кои се користат за оваа намена. Покажано е дека предложените методи се со помала пресметковна комплексност, а при тоа постигнуваат споредлива прецизност со најпознатите методи кои се користат за оваа намена.

Во контекст на придонесот кон детекција на сврзните делови од протеинските структури, предложени се неколку методи за идентификација на аминокиселеинските остатоци кои формираат сврзен регион. При тоа, изградени се индивидуални модели и ансабмли, а дополнително, покрај класичните класификатори, применети се и класификатори кои се базираат на непрецизираната логика. Исто така, предложен е пристап со кој прво се прави

селекција на најрелевантните карактеристики на аминокиселинските остатоци, а потоа се гради модел за предвидување на сврзните региони. Предложениот пристап е спореден со неколку постојни методи за одредување на сврзните региони, а резултатите покажуваат дека постојните методи се погодни за предвидување кај одредена група на протеини, додека со предложениот пристап се генерира поопшт модел кој не е ограничен само на специфични типови на протеински интеракции.

Во контекст на придонесот кон одредување на протеински функции, предложени се два метода за функционално анотирање на протеинските структури. Првиот метод се базира на анотирање врз основа на анотациите на најсличните протеини до испитуваниот протеин, додека кај вториот метод, со користење на методи за повеќезначна класификација, се гради предиктивен модел врз основа на својствата на сврзните региони каде што настанува интеракција со други протеински структури.

Дополнително, оваа дисертација дава прецизна рамка во која треба да се одвива процесот на функционално анотирање на протеински структури преку структурна споредба или преку детекција и анализа на сврзните делови од протеините.

Деталните анализи на перформансите на предложените методи, како и соодветните споредби со референтни методи даваат огромен придонес за пребарување на протеински структури и детекција на сврзните региони, како и нивна примена за одредување на функциите кои ги вршат протеинските структури.

## Заклучок и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека докторската дисертација „Методи за детекција и анализа на сврзните делови од протеинските структури и нивна примена за одредување на функции на протеини" на кандидатката м-р Георгина Мирчева дава значителен научен придонес кон истражувањето во областа. Притоа, го потенцираме придонесот кон пребарување на протеински структури, детекција и анализа на сврзните делови од протеинската структура, како и развој на методи за функционално анотирање на протеини.

Кандидатката м-р Георгина Мирчева во изминатиов период била посветена на научноистражувачката работа во областа на протеомиката и покажала длабоко познавање на проблематиката на дисертацијата. Резултатите од научноистражувачката работа на кандидатката м-р Георгина Мирчева се верифицирани преку објавените 31 научен труд во зборници од престижни меѓународни конференции и во меѓународни списанија.

Врз основа на изложената анализа, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатката м-р Георгина Мирчева да ѝ одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Методи за детекција и анализа на сврзните делови од протеинските структури и нивна примена за одредување на функции на протеини".

**КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Данчо Давчев, претседател, с.р.
2. Вонр. проф. д-р Андреа Кулаков, ментор, с.р.
3. Акад. проф. д-р Љупчо Коцарев, член, с.р.
4. Проф. д-р Ана Мадевска Богданова, член, с.р.
5. Вонр. проф. д-р Слободан Калајџиски, член, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ

**„УПРАВУВАЊЕ СО ВНАТРЕШНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО”**

ОД КАНДИДАТКАТА **М-Р Фросина Николовска**, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката **м-р Фросина Николовска** под наслов: **УПРАВУВАЊЕ СО ВНАТРЕШНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО**, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 105 седница одржана на 25.4.2014 година, донесе Одлука бр. 02-788/2 од 28.4.2014 година, за формирање на Комисија за оцена и одбрана на трудот, во состав:

1. д-р Неда Петроска - Ангеловска
2. д-р Биљана Ангелова
3. д-р Дејан Пендев
4. д-р Марија Ацковска и
5. д-р Татјана Петковска Мирчевска.

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа поднесената докторска дисертација **УПРАВУВАЊЕ СО ВНАТРЕШНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО** од кандидатката **м-р Фросина Николовска** и на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, му го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1.Општи напомени

Докторската дисертација од кандидатката **м-р Фросина Николовска** на тема: **УПРАВУВАЊЕ СО ВНАТРЕШНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО**, обработува современа и мошне актуелна проблематика од областа на финансискиот менаџмент.

Честите економски кризи на кои не е имуна ниту Република Македонија, доведуваат голем број стопански субјекти во состојба да кумулираат загуби. Таквите деловни субјекти, доколку не преземат соодветни активности, со тек на време, стануваат презадолжени и ја губат платежната способност, со што се соочуваат со сериозен проблем-финанасиска криза. Нерешавањето или неадекватното решавање на овој проблем може да го доведе претпријатието до ликвидација. Имајќи предвид дека излезот од

финансиската криза е многу тежок, особено е важно деловните субјекти да преземаат одредени активности со кои би го спречиле настанувањето и ескалацијата на кризата. Од тој аспект, примената на моделите за предвидување на финансиската криза добива посебно значење и претставува основа за ефективно и ефикасно управување на претпријатијата, како и основа за определување на стратегија на субјектот со која ќе можат да се заштитат неговите перформанси и да се избегне настанувањето на финансиската криза.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов **УПРАВУВАЊЕ СО ВНАТРЕШНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО**, поднесена од кандидатката **м-р Фросина Николовска**, има вкупно 287 страници, од кои на основниот текст на трудот се однесуваат 251 страница, а составен дел на докторската дисертација се два прилога и користената литература.

Во **воведниот дел** од оваа докторска дисертација е поставена појдовната рамка на истражувањето на оваа проблематика и се определени предметот и хипотезите врз основа на што понатаму е извршено прецизирање на целите и методологијата што е користена во истражувањето. Во склоп на воведното излагање во трудот е опфатено и образложениeто на значењето и актуелноста на проблематиката што се обработува.

Во **првата глава** од трудот се изнесени теоретските аспекти на претпријатието како деловен субјект, со посебен осврт на животниот циклус на претпријатието според моделот на Грение. Прикажани се различните начини на дефинирање на финансиската криза дадени од страна на различни автори. Дефинициите се анализираат и се споредуваат со цел да се определи која од нив најмногу одговара на актуелните услови. Во овој дел е направен обид да се издиференцираат причините за настанување на финансиската криза и фазите на ескалација на кризата во претпријатието. Посебно е потенцирано значењето што го има навременото идентификување на кризата за нејзиното успешно надминување. Во првата глава се разработени и моделите за предвидување на финансиската криза кои се базираат на сметководствените податоци, со што се потенцира важноста од навремено преземање на мерки за избегнување или минимизирање на негативните ефекти на кризата.

Во **втората глава** од докторската дисертација определени се поимот и видовите на показателите во работењето на претпријатијата, со посебен осврт кон финансиските показатели кај претпријатијата кои се наоѓаат во криза. Притоа, акцент е ставен на анализата и оцената на финансиските показатели врз основа на финансиските извештаи на претпријатијата во кои е идентификувано постењето на финансиската криза. Исто така, образложена е и употребата на информациите добиени од оваа анализа во процесот на управувањето со финансиската криза, со што се укажува на значењето кое го има

правилната оцена на финансиските показатели за донесувањето на адекватни деловни одлуки со чие реализирање ќе се надмне финансиската криза и ќе се задржи континуитетот на работењето на претпријатието.

Доколку претпријатието има финансиски проблеми, тогаш, несомнено, тоа значи дека мора да има и други видови на аномалии во неговото рабоење, односно дека финансиската криза не е резултат само на неликвидноста. Постапката на решавање на овие проблеми е комплексна поради што во **третиот дел** од трудот се укажува на неопходноста од формирање на кризен менаџмент, на неговото значење и на неговата улога во „справувањето" со кризата. Овде се анализираат различните мерки и стратегии за надминување на кризата кои ги применува кризниот менаџмет и се прецизираат факторите кои влијаат на избор на најсоодветни стратегии кои ќе му овозможат на претпријатието решавање на проблемот на презадолженост и надминување на финансиската криза. Во овој дел од трудот се апсолвирани и последиците од лошото менаџирање на финансиската криза и е укажано на крајниот епилог од неуспешното справување со кризата-ликвидација на претпријатието, како и на негативните ефекти кои ликвидацијата на претпријатијата ги има врз целокупниот стопански систем на една земја.

Во **четвртиот дел** од докторската дисертација се објаснети актуелните начини за справување со кризата како што се финансиското реструктурирање, спојувањето и преземањето на претпријатијата и „Турнароунд" концептот.

Разработката на поимот и начините на финансиското реструктурирање кое е извршено во овој дел од трудот овозможува да се согледа неопходноста од примената на оваа стратегија за промена на условите на финансирање и обезбедување на дополнителни финансиски средства кои се неопходни за воспоставување на ликвидноста и надминување на финансиската криза во претпријатието.

Во **петтиот дел** од трудот се изнесени резултатите од истражувањето за примената на моделите за предвидување на финансиската криза кај деловните субјекти во Република Македонија. Преку анализа на конкретни случаи извршена врз основа на анкета спроведена во поголем број на претпријатија во Република Македонија, се издиференцирани пропустите и грешките кои се прават при управувањето со финансиската криза кај македонските претпријатија.

Во делот за **заклучни согледувања** се сумирани најзначајните констатации, видувања, ставови и оцени на авторот, презентирани во овој докторски труд.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата внимателно ја прочитаа и ја проучија докторската дисертација на кандидатката **м-р Фросина Николовска** со наслов **УПРАВУВАЊЕ СО ВНАТРЕШНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО** и

заемно е мислењето дека таа претставува комплексен и содржаен труд во областа финансискиот менаџмент.

Во услови на чести економски кризи, кога голем број на претпријатија се соочуваат со неликвидност, многу е важно, врз основа на моделите за предвидување на финансиската криза, навремено да се воочат можностите од настанувањето на кризата. Бенефитот од предвидувањето на финансиската криза се рефлектира во создавањето на низа предности кои претпријатието ќе ги искористи во справувањето со кризата кое е многу поефикасно и поефективно доколку однапред се предвиди нејзиното настанување.

Со разработката на проблематиката на справување со финансиската криза во претпријатијата од теоретски и практичен аспект, во овој труд, направен е обид за создавање на информациона основа која би им помогнала на претпријатијата во надминување на овој проблем. Препораките кои се издиференцирани во трудот се резултат на научни сознанија добиени од спроведеното истражување на територијата на Република Македонија. Токму поради тоа, препораките одговараат на специфичностите на претпријатијата во Република Македонија и се очекува нивната примена да ја подобри ефективноста и ефикасноста на управувањето со финансиската криза со што управувањето со финансиската криза ќе биде во функција на задржувањето на континуитетот на работењето на претпријатијата. Со тоа, имплементирањето на препораките во менаџирањето со претпријатијата ќе рефлектира во намалување на бројот на претпријатија кои поради неуспешното справување со финансиската криза завршуваат со ликвидирање.

Ваквиот пристап во истражувањето е надополнет со методолошка рамка која во целост одговара на академските стандарди, а кандидатката користи современа научна и стручна, домашна и странска литература од потесната и пошироката област, што е солидна основа за критичко размислување по клучни прашања од истражуваната проблематика.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена на докторската дисертација на тема: „**УПРАВУВАЊЕ СО ВНАТРЕШНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО “** и да формира Комисија за одбрана; и

**2.** на кандидатката **м-р Фросина Николовска** да и се дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1.____________________________ с.р
/ Д-р Неда Петроска-Ангеловска /

2.____________________________ с.р
/ Д-р Биљана Ангелова/

3. ____________________________ с.р
/Д-р Дејан Пендев/

4.____________________________ с.р
/ Д-р Марија Ацковска /

5. ____________________________ с.р
/ Д-р Татјана Петковска - Мирчевска/

# РЕЦЕНЗИЈА

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ,,Влијанието на животниот стил на потрошувачите врз промотивните стратегии на компаниите" ОД М-Р ДУШИЦА НЕДЕЛКОСКА, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација на тема: **,,Влијанието на животниот стил на потрошувачите врз промотивните стратегии на компаниите"** од **м-р Душица Неделкоска**, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на својата редовна 105. седница одржана на ден 25.6.2014 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на трудот, во состав:

1. д-р Татјана Петковска Мирчевска
2. д-р Татјана Петковска
3. д-р Марика Башеска Ѓорѓиеска
4. д-р Нада Секуловска
5. д-р Биљана Ангелова

Членовите на Комисијата со особено внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација на тема**,,Влијанието на животниот стил на потрошувачите врз промотивните стратегии на компаниите"** од **м-р Душица Неделкоска** и до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација под наслов: **,,Влијанието на животниот стил на потрошувачите врз промотивните стратегии на компаниите"**, од **м-р Душица Неделкоска**, обработува интересна и актуелна проблематика од областа на однесувањето на потрошувачите, односно маркетингот. Истражувањето на животниот

стил на потрошувачите и психографијата претставуваат значајни активности на маркетинг- истражувањето во последно време. Маркетинг-истражувачите ги поставија животниот стил и психографијата како основа за нови провокативни системи на маркетинг-сегментацијата. Разбирањето на животниот стил на потрошувачите и поделбата на пазарот според истиот, има голема улога во креирањето промотивни стратегии на компаниите и во маркетинг-комуникациите, воопшто.

Со примена на психографијата, компаниите ќе знаат какви се животните стилови на потрошувачите на определената територија и ќе можат да развијат соодветна промотивна стратегија на пазарот.

Стилот на живеење се дефинира како шема по која живееат луѓето и начинот на кој ги трошат парите и времето. Оваа шема всушност ги претставува активностите, интересите и мислењата (AIO) на еден човек. Активностите се однесуваат на: работа, хоби, годишен одмор, забава, заедница; интересите се насочени кон семејството, домот, професијата, заедницата, кон модата, храната, медиумите, а мислењата се однесуваат за: самите себе, општествените проблеми, политиката, бизнисот, економијата, образованието, производите. Стилот на животот претставува израз на животното искуство, вредностите, чувствата и очекувањата. Тој влијае на потребите и навиките на потрошувачите. Може да се каже дека стилот на живеење е и облик на самоизразување. Влијанието на стилот на животот на потрошувачката одлука има големо значење во маркетингот. Неговото познавање претставува предуслов за добра и успешна комуникација со потрошувачите. Додека вредностите на луѓето се подолготрајни, стиловите на живеењето се менуваат многу побргу. Затоа и оние што се занимаваат со истражување на стиловите на живеење на потрошувачите, треба почесто да ги обновуваат истражувањата и маркетинг-стратегиите.

Психографијата, пак, е оперативна техника која го мери стилот на живеење на личноста. Таа претставува користење на квантитативни техники врз голем примерок. И додека демографијата прави профил на оној што купува производи, психографијата се фокусира на тоа зошто тој купува. Маркетинг-истражувачите ги користат психографските истражувања за опишување на потрошувачкиот сегмент и за подобрување на маркетинг-стратегиите.

Од тие причини е и актуелноста на оваа проблематика во Република Македонија, како и влијанието врз промотивните стратегии на компаниите (во понудената студија на случај, компаниите за мебел).

## 2. Содржина на дисертацијата

Трудот се состои од пет поглавја, вовед и заклучни согледувања. Во **првата глава** под наслов: ***Однесувањето на потрошувачите од аспект на животниот стил***, кандидатката се осврнува на однесувањето на потрошувачите, разгледано од аспект на животниот стил. Најнапред се прави теоретски преглед на однесувањето на потрошувачите од економски и психолошки пристап и се определуваат факторите што влијаат на потрошувачкото однесување. Потоа, дефинирани се екстерните и интерните фактори кои влијаат на животниот стил. Целта на кандидатот во оваа глава е да даде поимно согледување на животниот стил и неговото значење во потрошувачкото однесување.

**Втората глава** под наслов: ***Психографската анализа како оперативна техника за мерење на стилот на животот на потрошувачите***, опфаќа теоретски размислувања за психографијата, дефинирајќи ја и давајќи различни ставови од студиите за животниот стил и психографијата. Потоа, во дисертацијата се обработени техниките за психографско мерење на стилот на животот, како AIO, VALS и LOV и се прават согледувања за предностите и ограничувањата на истражувањата на животниот стил на потрошувачите. На крајот од оваа глава, разгледана е поврзаноста на психографијата со однесувањето на потрошувачите и со маркетинг-стратегијата.

**Третата глава** со наслов: ***Промотивната стратегија како дел од маркетинг комуникациите*** ја разгледува промотивната стратегија како дел од маркетинг-комуникациите и како начин на доближување на производот до потрошувачот. Најнапред, кандидатката се осврнува на поимот и значењето на маркетинг-комуникациите, делејќи ги на масовни и лични комуникации. Потоа се разгледуваат видовите промоции, нивната цел и влијанието врз потрошувачите, факторите што влијаат врз промотивната стратегија и ефектите што таа ги има кај потрошувачите. Целта на оваа глава е да го покаже значењето на маркетинг-комуникациите и промоциите воопшто, во доближувањето на производот до потрошувачот.

**Четвртата глава** со наслов: ***Поврзаноста на животниот стил на потрошувачите во креирање на промотивна стратегија***, се осврнува на поврзаноста што ја има животниот стил на потрошувачите во креирањето промотивна стратегија на компанијата. Почетниот дел е наменет за претставување на чекорите при креирањето на промотивна стратегија, почнувајќи од истражувањето и сегментирањето на пазарот, па се до позиционирањето на производот. Во продолжение се разгледува потребата од бренд-производ на пазарот за да се доближи до животниот стил на потрошувачот. На крајот од оваа глава ќе бидат претставени психографските профили според VALS-типологијата и промотивните стратегии за секоја од нив.

Во **петтиот дел** со наслов: ***Истражување на животниот стил на потрошувачите на мебел во Република Македонија и влијанието врз креирањето промотивна стратегија***, се спроведува анализа на пазарот во Република Македонија, со психографска сегментација и дефинирање на профили на потрошувачи според животниот стил, како и влијание на истите при креирањето на маркетинг стратегија на пазарот на мебел. На почетокот од овој дел се дава теоретска рамка, територија и методи на истражување. Инструментот за истражување е дизајниран со комбинација на искази од AIO и VALS-техниките, а спроведен е и прашалник за македонските компании за мебел и нивното сфаќање и примена на животниот стил на потрошувачите при креирањето на промотивна стратегија.

На крајот од трудот следуваат ***Заклучните согледувања***, во кои се хронолошки и сублимирано претставени констатациите и заклучоците до кои доаѓа кандидатката. Во овој дел, таа дава конкретни препораки во однос на подобрувањето на постојната промотивна стратегија на компаниите во Република Македонија и ги посочува прашањата и насоките за понатамошни истражување во оваа област.

*Основната хипотеза* на трудот гласи: Постои заемна врска меѓу животниот стил на потрошувачите и промотивната стратегија на компаниите, со што анализата на животниот стил во одредено подрачје и дефинирањето на сегментите на животниот стил ја докажуваат важноста од разбирањето за тоа како живее потрошувачот при креирањето промотивна стратегија.

Појдовната хипотеза гласи: Животниот стил на потрошувачите влијае на креирањето промотивни стратегии на повеќето компании во светот, но не и во Република Македонија.

Посебните хипотези на истражувањето се:

- животниот стил на потрошувачите во Република Македонија не е истражен и воопшто не влијае при креирањето промотивна стратегија на компаниите за мебел;
- животниот стил на потрошувачите во Република Македонија е во непосредна врска со финансиската состојба на потрошувачите**.**

Основна цел на истражувањето е да се разгледа животниот стил на потрошувачите, како и да се истражи, да се анализира и да се докаже неговото постоење на истиот и неговото влијание врз однесувањето на потрошувачите.

Посебни цели на истражувањето се:

- да се утврди влијанието на животниот стил на потрошувачите врз креирањето промотивна стратегија на компанијата;
- да се направи психографска сегментација на пазарот во Република Македонија;
- да се утврди колку и дали македонските компании за мебел посветуваат внимание на животниот стил на потрошувачите при креирањето промотивна стратегија.

Предметот на истражување на докторската дисертација е фокусиран на прашањето за заемната врска меѓу животниот стил на потрошувачите и промотивната стратегија на компаниите, додека примарното истражување на елаборираната проблематика е применето како истражување на основата за психографска сегментација на македонскиот пазар за мебел и влијанието при креирањето промотивни стратегии на македонските компании.

Во трудот е применет специфичен методолошки инструментариум. Во истражувањето е користена AIO (activities-активности, interests-интереси, opinions-мислења) техника за определување на животниот стил на потрошувачите во Република Македонија. AIO инструментариумот содржи комбинација на искази за животниот стил и ставови од VALS прашалникот, а е надополнет и со демографски податоци за потрошувачот. Користена е Ликертовата скала, кластер анализа и се применува софтверскиот пакет SPSS. Прашалникот наменет за компаниите за мебел дава податоци за тоа колку истите знаат и ја применуваат психографската сегментација при креирање на промотивни стратегии. Со методот на научна дескрипција и експликација е направен содржински опис на теоретските ставови. Историскиот метод во истражувањето овозможува да се проучи генезата на предметот на истражување. Низ целата тема ќе преовладува методот на анализа и синтеза. Во трудот е користена обемна теоретска граѓа, со над 140 библиографски единици и интернет извори.

## 3. Оценка и предлог

Докторската дисертација на тема **МАРКЕТИНГ - ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТЕЛЕВИЗИИТЕ И ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ГЛЕДАЧИ СО ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** од кандидатката **м-р Душица Неделкоска**, претставува значаен труд кој се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем и опфаќа обработка на релевантни аспекти за предметот на истражувањето, низ аргументација на поставените тези и илустрација на релевантни податоци.

**М-р Душица Неделкоска** во својата докторската дисертација дава конкретни насоки, можности и препораки, при што констатира дека поради честото менување на стилот на живеење на потрошувачите, потребно е ваквите истражувања да се повторуваат на неколку години. Притоа, основна констатација на кандидатката е дека презентираниот начин на сегментација на потрошувачите и неговото користење во промотивните стратегии на компаниите може да претставува еден од најмоќните пристапи на истражување и позиционирање на нивните производи на пазарот.

Резултатите од истражувањата спроведени во овој труд укажуваат на тоа дека и во Република Македонија може да се направи сегментација на пазарот врз основа на стилот на живот на потрошувачите. Истражувањето покажа дека македонските потрошувачи имаат различни животни стилови и можат да бидат класифицирани во сегменти-кластери. Добиените профили потрошувачи и нивните активности, интереси и мислења можат да се искористат во промотивните стратегии на компаниите, кои заради општата констатација дека рекламите имаат најголемо психографско дејствување на публиката го практикуваат токму овој начин на промовирање. Секако, не може да се направи стандардизиран шаблон при обидот да се таргетира определена психографска група, туку ќе биде потребно да се следат различните активности, интереси и мислења, како и вредностите на таргетираниот сегмент, почнувајќи од животниот стил на поединецот, потоа на групата, дополнети со културните и верските разлики на потрошувачите.

Во трудот е применета соодветна методолошка рамка и е користена најнова научна и стручна литература од соодветната област. Критичкото размислување на кандидатката е базирано на податоци добиени со емпириското истражување, како и преку примена на егзактни методи кои обезбедуваат релевантни информации. Тие претставуваат значаен инпут во конципирање на заклучоците, насоките и препораките, што му дава научен придонес на трудот.

Согласно со законската обврска за поставување и оценување на научните трудови на страницата за проверка на плагијати на интернет-страницата на МОН на РМ, за овој труд е добен процент на преземање од други трудови од 6,29%, што укажува на неговата автентичност и оригиналност.

Комисијата констатира дека согласно со академските стандарди, кандидатката **м-р Душица Неделкоска** изработила комплексен и сеопфатен труд. Таа успешно се справила со поставениот предизвик и успеала да понуди аргументирани ставови, мислења, заклучоци и препораки. Теоретските и емпириските елаборации во трудот можат да имаат реална примена во практиката, што на трудот му дава научен, но и апликативен придонес.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка за поднесената докторска дисертација: **,,Влијанието на животниот стил на потрошувачите врз промотивните стратегии на компаниите"** од **м-р Душица Неделкоска,**
2. на кандидатката м-р **Душица Неделкоска** да и дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена на докторската дисертација:

1. Проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска
   ______________________________с.р.
2. Проф. д-р Татјана Петковска
   ______________________________с.р.
3. Проф. д-р Марика Башеска Ѓорѓиеска
   ______________________________с.р.
4. Проф. д-р Нада Секуловска
   ______________________________с.р.
5. Проф. д-р Биљана Ангелова
   ______________________________с.р.

***ПРЕГЛЕД***
***НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ***

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Јасмина Тодоровска | “Бизнис планот, алатка за оперативна реализација на стратегија на раст – студија на случај”<br><br>“Business plan – toll for operating implementation of the growth strategy” | Д-р Биљана Ангелова |
| *2.* | Моника Ѓорѓиева | “Улогата на инвестиционите агенции за привлекување на странски директни инвестиции – компаративна анализа на практиките во Република Македонија и Руската Федерација”<br><br>“The role of the investments agencies for attracting foreign direct investments – comparative consideration of the practices in Republic of Macedonia and Russian Federation” | Д-р Биљана Ангелова |
| *3.* | Иван Стефанов | “Локациски стратегии во глобалното окружување”<br><br>“Location Strategies in the global environment” | Д-р Биљана Ангелова |
| *4.* | Владимир Стефановски | “Системите на наградување на човечките ресурси во фармацевстката индустрија во Република Македонија”<br><br>"Rewarding system of human resources in pharmaceutical industry in Republic of Macedonia" | Д-р Васил Поповски |
| *5.* | Анастасија Стефановска | “Методологија за пресметка на регулиран максимален приход за пренос на електрична енергија-можности и перспективи за унапредување”<br><br>"Methodology for calculation of regulated maximum income foe electricity tansmission-possibilities and perspectives for improvement" | Д-р Климентина Попоска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *6.* | Даниела Трпкоски-Николовска | “Карактеристики и предизвици пред семејните бизниси – студија на случај”<br>"Characteristics and challenges in family businesses-case study" | Д-р Климентина Попоска |
| *7.* | Даниела Поповска | “Менаџментот на малите и средни претпријатија применет во семејните бизниси“<br><br>"Management of SMEs applied in family businesses" | Д-р Татјана Петковска |
| *8.* | Катерина Лазаревска | “Стратегии за раст и развој на претпријатието во функција на конкурентноста“<br><br>„Strategies for growth and development of enterprise in order to improve comprtitiveness “ | Д-р Марија Ацковска |
| *9.* | Атина Поповска-Самојленко | “Меѓународни маркетинг-стратегии за настап на глобалниот пазар“<br><br>"International marketing strategies for performance in the global market" | Д-р Татјана Петковска |
| *10.* | Андријана Јовановска | “Можности за креирање на извозни стратегии на македонските компании од кондиторската индустрија"<br><br>"The possibilities in creating export strategies of Macedonian companies in the confectionery industry" | Д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| *11.* | Емилија Тноковски | “Изработка на физибилити анализа во насока на остварување на успешен бизнис-студија на случај “<br><br>"Feasibility study preparation in direction of accomplishing successful business-case study" | Д-р Климентина Попоска |
| *12.* | Сања Манчева | “Улогата на финансиските извештаи и нивната анализа за деловното одлучување “<br><br>"The role of financial reporting and analysis for business decisions" | Д-р Диана Бошковска |
| *13.* | Милица Ристевска | “Трошоците како составен дел на цената на чинење на учиноците во претпријатието“<br><br>“Costs as an important factor in calculating the product price of enterprises” | Д-р Марија Ацковска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *14* | Цветан Стојановски | “Влијанието на меѓународното и локалното бизнис опкружување врз интернационализацијата и конкурентноста на малите и средни претпријатија во Република Македонија”<br><br>“International and local business environment impact to internationalization and competitiveness of small and medium size enterprises in Republic of Macedonia” | Д-р Биљана Ангелова |
| *15* | Емилија Петреска | "Интеракција на финансиското известување и ревизијата во контекст на подобрување на процесот на работење – студија на случај"<br><br>"Interaction between financial reporting and auditing for improvement of the operating process – case study" | Д-р Биљана Ангелова |
| *16* | Татајана Папастеревска | "Управување со ликвидноста на компаниите"<br><br>"Liquidity management in the companies' | Д-р Биљана Ангелова |
| *17* | Марија Љубиновска | "Готовински приливи и готовински одливи во “Макпетрол АД Скопје”<br>“Cash inflows and outflows of Makpetrol AD Skopje” | Д-р Неда Петроска-Ангеловска |
| *18* | Ана Матевска | "Мотиви за спојување и преземање на компаниите-искуства и идни насоки во Република Македонија"<br><br>"Motives for companies mergers and acquisitions- experiences and future directions in Republic of Macedonia" | Д-р Климентина Поповска |
| *19* | Магдалена Мартиновска | "Конкурентноста на Република Македонија и можностите за нејзино подобрување"<br><br>"Macedonian competitiveness and opportunities for its improvement" | Д-р Искра Станчева-Гигов |
| *20* | Ана Карапалева | "Можности за потикнување на интрапретприемништвото во Република Македонија"<br><br>"Opportunities for encouraging intrapreneurship in Republic of Macedonia" | Д-р Зоран Јаневски |
| *21* | Билјана Ивановска | "Влијанието на системите за наградување врз мотивирањето на | Д-р Марија Ацковска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | вработените“<br><br>“Impact of reward systems on employee motivation” | |
| *22* | Дарко Златески | "Финансиска анализа и планирање на работењето на претпријатието “Табана Дооел Скопје”<br><br>Financial analysies and planning of “Tabana Dooel Skopje” | Д-р Неда Петроска-Ангеловска |
| *23* | Елена Наумова | Современи менаџмент практики за разој на туристички организации<br><br>"Contemporary Management Practices for Development of tourist organizations" | Д-р Васил Поповски |
| *24* | Влатко Тасевски | "Практики на управување на човечките ресурси во градежната индустрија во Република Македонија”<br><br>“Practices of managing human resources in the Civil Engineering industry in Republic of Macedonia” | Д-р Васил Поповски |

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 29.04.2014 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
| --- | --- | --- |
| Сања Илиевска | Мерки на безбедност во казненото право (The Protective Measures in the Criminal Law) | Д-р Методија Каневчев |
| Ивана Макаровска | Виктимолошки карактеристики на насилничкиот криминалитет (Victimology Aspects of the Violent Crime) | Д-р Методија Каневчев |
| Уна Карановиќ | Казненоправните аспекти на трансплантацијата на органи во компаративното право (Criminal Law Aspects of the Transplantation of the Human Organs in to the Comparative Law) | Д-р Никола Тупанчески |
| Моника Мустафовска | Компаративна анализа на македонското и германското казнено материјално право (Comparative Analysis of the Macedonian and German Substantial Criminal Law) | Д-р Никола Тупанчески |
| Душица Бојковска | Влијанието на воспитните и на превентивните мерки врз малолетничката деликвенција (Impact of the Upbringing and Preventive Measures to the Juvenile Delinquency) | Д-р Гордана Бужаровска |
| Николина Радевска Христовска | Жалбата како редовен правен лек во постапките пред Апелациониот суд во | Д-р Гордана Бужаровска |

| | | |
|---|---|---|
| | Битола (The Appeal as Ordinary Legal Remedy in Front of the Proceedings of the Bitola Appellate Court) | |
| Марија Хаџи-Арсова | Судење во отсуство (Trial in Absentia) | Д-р Гордан Калајџиев |
| Сања Саздовска | Гаранции за фер судење кај малолетниците (Fair Trial Guarantees in Juvenile Delinquency Cases) | Д-р Гордан Калајџиев |
| Ивана Димковска | Третман на затворениците осудени на казна доживотен затвор и други долги казни (Treatment of Inmates Sentenced of Life Imprisonment and Other Longer Period Sentences) | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Саветка Проданова | Репордуктивните технологии и новите инкриминации на недозволени постапки за оплодување (Reproductive Technologies and the New Crimes of Illegal Procedures for Humane Fertilization) | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Драгана Коцева | Неовластено изработување и тргување со оружје во Кривичниот законик на Република Македонија и во споредбеното право (Illegal Production and Distribution of Firearms into the Macedonian Criminal Code and into the Comparative Law) | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Санер Ахмедов | Превенирање и сузбивање на тероризмот во Република Македонија (Prevention and | Д-р Бобан Мисоски |

| | | |
|---|---|---|
| | Combating Terrorism in Republic of Macedonia) | |
| Орхан Фетаху | Даночната постапка како вид на посебна управна постапка и нејзината улога во спречување на даночната евазија (Tax procedure as particular administrative procedure and its role in tax evasion prevention) | Д-р Борче Давитковски |
| Ангела Ѓоргиева | Пазари за тргување со емисии на стакленички гасови и купопродажба на јаглеродни кредити (Markets for CO2 certificates and CO2 credits) | Д-р Димитар Гелев |
| Фросина Димова | Впаричување на должниковиот имот и распределба на средствата наспроти планот за реорганизација како опција за опстанок во правниот промет (Liquidation of debtor's asset and distribution of proceeds versus insolvency plans (reorganization) as an option for business's survival) | Д-р Дарко Спасевски |
| Елизабета Атанасова | Преносот на побарувањата како начин за финансирање на трговските друштва (Assignment of claims as a mechanism for financing of commercial companies) | Д-р Димитар Гелев |
| Костадин Иванов | Измамата на доверителите и | Д-р Димитар Гелев |

| | | |
|---|---|---|
| | нејзиното влијание врз стечајната постапка (Defraud of creditors and insolvency proceedings) | |
| Иван Пеновски | Различни видови банкарски обезбедувања (Different kinds of security rights in banking) | Д-р Биљана Петревска |
| Елена Кочова | Права на странски содружник во друштво со ограничена одговорност (Rights of foreign shareholders in domestic Limited Liability Companies) | Д-р Дарко Спасевски |
| Снежана Ѓоргиева | Договор за меѓународен документарен акредитив и правните односи помеѓу учесниците во меѓународниот документарен акредитив (Letter of Credit and legal relations between different parties in International Letter of Credit) | Д-р Горан Коевски |
| Сандра Смиљковиќ | Правното уредување на инвестициските управители (Legal position of investment fund managers) | Д-р Димитар Гелев |
| Менсур Красниќи | Улогата на затворскиот персонал во остварувањето на третманот на затворениците во | Д-р Александра Груевска Дракулевски |

| | | |
|---|---|---|
| | Република Македонија (The Role of the Prison Employees to the Inmates Treatment in Republic of Macedonia) | |
| Ивана Булеска | Злоупотреба на платежна картичка - казненоправни аспекти (Criminal Law Aspects of Misuse of the Credit Card) | Д-р Александар Стојков |
| Есмир Селмани | Зачленувањето на Република Турција во Европската унија (Turkey's path to EU membership) | Д-р Татјана Петрушевска |
| Николина Николовска | Казнено-правните аспекти на меѓународната трговија со деца (The criminal law aspects of international trafficking of children) | Д-р Никола Тупанчески |
| Далибор Анчевски | Енергетската зависност на Европа и безбедносните импликации (Europe's energy dependency and the security implications) | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Мартин Поповски | Општа меѓународна надлежност во граѓанските и трговските работи во меѓународното приватно право на Европската унија (General jurisdiction for civil and commercial matters in the private international law of the European Union) | Д-р Тони Дескоски |
| Петар Митев | Сообраќајни казнени дела – компаративни и практични аспекти (Crimes against the public transportation - | Д-р Никола Тупанчески |

| | | |
|---|---|---|
| | comparative and practical aspects) | |

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **Сашко Стаменков** | **Принципот на рокови и неговото влијание врз буџетскиот систем во домашното и компаративното законодавство** **The principle of timing and its impact on the budetary system in the domestic and comparative legislation** | **проф.д-р Александра Максимовска Велјановски** |
| **Евица Славковска** | **Економските ефекти од правната заштита на индустрискиот дизајн за малите и средни претпријатија во Република Македонија и споредбени искуства** **Economic effects from the legal protection of the industrial design for the small and medium enterprises in the Republic of Macedonia. A comerative analyses** | **доц.д-р Неда Здравева** |
| **Кристина Арсова** | **Банкарски договор за кредит** Loan contracts in banking | **доц.д-р Биљана Петревска** |
| **Вера Мароска** | **Кредитирањето како основна активност на банкарскиот сектор на Република Македонија** Extending of credits as a main activity of the banking sector in the Republic of Macedonia | **доц.д-р Биљана Петревска** |
| **Маријана Столевска** | **Улогата и значењето на позицијата „правник во фирма** Role and significance of corporate lawyers | **проф.д-р Димитар Гелев** |
| **Симона Николовска** | **Различни форми на злоупотреба на финансиските институции** | **проф.д-р Димитар Гелев** |

| | | |
|---|---|---|
| | Different mechanisms for abuse of financial institutions | |
| **Габриела Стаменковска** | **Правното уредување на договорите за професионални услуги** Contracts for professional services | **проф.д-р Димитар Гелев** |
| **Емилија Ванчевска** | **Принципот на транспарентност во буџетската постапка во Република Македонија The principle of transperency in the budgetary procedure in the Republic of Macedonia** | **доц.д-р Александра Максимовска Велјановски** |
| **Александра Трајановска** | **Правни и економски аспекти на финансирањето на судството Legal and economic aspects of financing on the judicial system** | **доц.д-р Александар Стојков** |
| **Станчески Габриел** | **Економски функции и корисност на договорот за Факторинг: споредбени аспекти и примена Economic functions and uses of factoring agreements: comparative aspects and application** | **доц. д-р Неда Здравева** |
| **Славица Милошевска** | **Надомест на штета настаната при лекарска грешка во домашното и во споредбеното право Compensation of damages caused by medical error in domestic and comparative law** | **доц. д-р Ненад Гавриловиќ** |
| **Бујар Дардхишта** | **Соседските права на правниот систем на Р.Македонија Neighbors Rights in the Legal System of the Republic of Macedonia** | **доц. д-р Тина Пржеска** |
| **Антоние Димовски** | **Носители на правото на градење во Република** | **доц. д-р Тина Пржеска** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Македонија Subjects of the Right to Build in the Republic of Macedonia** | |
| **Оливер Несторoски** | **Правен режим на шумите како ствари од општ интерес Economic functions and uses of factoring agreements: comparative aspects and application** | **доц. д-р Тина Пржеска** |
| **Габриела Николоска** | **Постапка за определување надоместок за експроприрана недвижност во правото на Република Македонија и во судската практика Procedure for determining compensation for expropriated immovable property in the law of the Republic of Macedonia and court jurisprudence** | **проф. д-р Татјана Зороска Камиловска** |
| **Николче Давев** | **Промена на странките во парнична постапка Change of parties in litigation procedure** | **проф. д-р Татјана Зороска Камиловска** |
| **Кристина Христовска** | **Компаративна анализа на системите на извршување во европските земји Comparative analysis of the enforcement systems in European countries** | **проф. д-р Татјана Зороска Камиловска** |
| **Калиопи Ташева** | **Историски развој на родителското право** | **проф. д-р Дејан Мицковиќ** |
| **Елена Наковска** | **Начелото на сослушување на странки во светло на практиката на Европскиот суд за човекови права** The Adversarial Principle in the Light of the European Court of Human Rights Case-law | **проф. д-р Арсен Јаневски** |
| **Глигор Паришев** | **Видови одговорност на нотарот** Types of Liability of Notary Public | **проф. д-р Арсен Јаневски** |
| **Емилија Локвенец** | **Начелните ставови и начелните правни мислења на Врховниот суд на** | **проф.д-р Татјана Зороска Камиловска** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Република Македонија како извор на граѓанското право General views and general legal opinions of the Supreme Court of the Republic of Macedonia as a source of civil law** | |

# П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 30.05.2014 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Ивана Јовановска | Етиологија и феноменологија на сексуалниот криминалитет (Etiology and Phenomenology of the Sexual crime) | Д-р Методија Каневчев |
| Симона Трендафилова | Кривични дела против работните односи во македонското и компаративното право (Crimes Against the Labor in Macedonian and Comparative Law) | Д-р Никола Тупанчески |
| Билјана Стефанова | Криминолошко патолошки аспекти на трговијата со луѓе (Criminological and Pathological Aspects of the Trafficking in Human Beings) | Д-р Гордана Бужаровска |
| Дејан Алексов | Влијанието на медиумите врз кривичната постапка (Media's Impact to the Criminal Procedure) | Д-р Гордан Калајџиев |
| Александра Алексовска Николова | Криминолошки аспекти на криминалитетот на „белите јаки“ (Criminological Aspects of the “white collar” crime) | Д-р Гордан Калајџиев |
| Дарко Аврамовски | Процесно правни аспекти на конфискацијата на имотот и имотната корист во Република Македонија (Procedural Aspects of the | Д-р Бобан Мисоски |

| | | |
|---|---|---|
| | Confiscation of the Assets and Proceeds of Crime) | |
| Александра Додевска | Преносот на побарувањата како начин на финансирање на трговски друштва (Cession of claims as a mode for financing of commercial companies) | Д-р Димитар Гелев |
| Ангел Шојлев | Начини и видови на злоупотреба на платежни картички (Different kinds of abuse of credit cards) | Д-р Димитар Гелев |
| Оливера Василевска | Животно осигурување (Life insurance) | Д-р Димитар Гелев |
| Мартин Спасовски | Основање и престанок на трговските друштва (Formation and dissolution of commercial companies) | Д-р Димитар Гелев |
| Александар Шалевски | Управување со акционерски друштва (Governance of public companies limited by shares) | Д-р Димитар Гелев |
| Александра Шарац | Управување и надзор на друштва за осигурување (Governance and supervision of insurance companies) | Д-р Димитар Гелев |
| Адела Бојчевиќ | Њујоршката берза (New York Stock Exchange) | Д-р Димитар Гелев |
| Моника Сибиновска | Управување со правен ризик (Menagement of legal risk) | Д-р Биљана Петревска |
| Ивана Христовска | Интернет маркетинг (Internet marketing) | Д-р Биљана Петревска |
| Стефан Ристовски | Влијанието на осигурителните компании врз пазарот на капитал (The influence of insurance companies on the capital market) | Д-р Биљана Петревска |
| Андријана Димовска | Онлајн купување и | Д-р Биљана Петревска |

| | | |
|---|---|---|
| | продажба на производи и услуги (Online buying and selling of products and services) | |
| Кире Манински | Нормативните аспекти на електронската трговија во Република Македонија (Legal aspects of electronic commerce in the Republic of Macedonia) | Д-р Драги Рашковски |
| Катерина Маљцева | Концептот на превентивна самоодбрана во меѓународното право (The concept of pre-emptive self-defense in international law) | Д-р Елена Михајлова |
| Александра Димоска | Меѓународно правните аспекти на хакерството од патриотски побуди (The international law aspects of coping with 'patriot hackers') | Д-р Сашо Георгиевски |
| Ивана Талевска | Процесот на соработка помеѓу парламентите на државите од Југоисточна Европа (The process of cooperation among the national parliaments of the countries of Southeast Europe (SEE) | Д-р Татјана Петрушевска |
| Симона Гулевска | Пророгационата спогодба во граѓанските и трговските работи во меѓународното приватно право на Европската унија (The prorogation agreement in civil and commercial matters in the private international law of the European Union) | Д-р Тони Дескоски |
| Стефанија Васкова | Изземање на судии" (Exemption of the judges) | Д-р Гордан Калајџиев |
| Весна Стојковска | Електронска управа (со | Д-р Драган Гоцевски |

| | | |
|---|---|---|
| | посебен осврт во високото образование) (Electronic government with focus on high education) | |
| Наташа Лелифановска | Дисциплинска одговорност на вработените во јавниот сектор (Disciplinary liability of public sector employees) | Д-р Ана Павловска Данева |
| Миљаим Алиу | Организации од јавен интерес согласно Законот за здруженија и фондации (Organizations of public interest according to the Law on Associations and Foundations) | Д-р Ана Павловска Данева |
| Јане Павлов | Анализа на етичките начела во работењето на јавната администрација (Analysis of ethical principles of working in public administration) | Д-р Ана Павловска Данева |
| Александра Настоска | Создавањето, развојот и згаснувањето на демохристијанската партија во Италија (The creation, development and the termination of the demo christian party in Italy) | Д-р Гордана Силјановска Давкова |
| Гоце Велков | Кривични дела поврзани со моторните возила (кривично – правни, криминолошки и криминалистички аспекти) Crimes related to motor vehicals ( criminal, criminological and forensic aspects) | Д-р Методија Каневчев |
| Елена Богдановска | Казната затвор со посебен осврт на казната долготраен затвор (Imprisonment Sentence with Specifi | Д-р Никола Тупанчески |

| | | |
|---|---|---|
| | Aspects of Long Time Imprisonment) | |
| Александра Николовска | Задолжителна одбрана (Mandatory Defense) | Д-р Гордан Калајџиев |
| Дијана Петковска | Правото на непречена комуникација помеѓу бранителот и лицето лишено од слобода (Arrested Person's Right to Communication with his Defense Attorney) | Д-р Гордан Калајџиев |

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| **Никола Аризанов** | **“Даночната евазија во Република македонија: правна регулатива и мерки за нејзино сузбивање„(Tax evasion in Republic of Macedonia: Legislative and fight againts it)** | **проф. д-р Александра Максимовска Велјановски** |
| **Фросина Ташковска** | **Локалниот рурален развој во Република Македонија и финансиските аспекти на правната регулатива на сточарството“ (**Local Rural Development in Republic of Macedonia and Financial Reforms of the Cattle-breeding Legislative**)“** | **проф. д-р Александра Максимовска Велјановски** |
| **Јован Камчев** | **“Правна регулатива на таксите во Република Македонија“ (**Legislative of the Fees in the Republic of Macedonia**)“** | **проф. д-р Александра Максимовска Велјановски** |
| **Андријана Наумовска** | **“Пензиските фондови во финансискиот систем на Република Македонија“ (Pension Funds in the Financial System of the Republic of Macedonia)“** | **проф. д-р Александра Максимовска Велјановски** |
| **Марија Василевска** | **“Правните аспекти на финнасиската стабилност во Република Македонија” (Legal aspects of the financial stability in the Republic of Macedonia)“** | **доц. д-р Александар Стојков** |
| **Маја Јадровска** | тема **“Жиранти – од алтруистички побуди до пеколен крај“ [Sureties - from altruitic motives to the hell]“** | **проф. д-р Димитар Гелев** |
| **Кристина Костоска** | **“Меѓупресуда во парнична постапка“ [Interim judgment in litigation procedure]“** | **проф. д-р Татјана Зороска – Камиловска** |

| | | |
|---|---|---|
| **Мартина Најдановска** | **“Сурогат-мајчинството и стекнувањето на родителското право“ [Surrogate maternity and acquisition of parental rights]“** | **доц. д-р Ненад Гавриловиќ** |
| **Сандра Димовска** | **“Правниот режим на гробиштата како ствар во општа употреба“ [Legal regime of cemetery as things of public interest]“** | **доц. д-р Тина Пржеска** |
| **Благоја Каламатиев** | **Материјална одговорност за штета на извршителите во врска со работата“ [Liability for damages caused by enforcement agents]** | **проф. Д-р Јадранка Дабовиќ- Анастасовска** |

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Соња Тантарова Груеска | Развојот на компетентноста на медиумските професионалци во заштитата на детските права (Media Professionals' Competency Development in Child Rights' Protection) | **доц.д-р Даниела Блажевска** |
| Габриела Стефановска | Значењето на Лисабонскиот кодекс во односите со јавноста (The significance of the Lisbon code in Public Relations) | **доц.д-р Дејан Донев** |
| Јосип Гргас | Процесот на создавање на парламентарна влада во Англија во XVIII-XIX век (The Process of Creation of Parliamentary Government in England in the XVIII - XIX Century) | **проф.д-р Билјана Поповска** |
| Филип Стојиљковиќ | Компаративна анализа на заштитата на географските називи во Република Србија и Република Македонија (Comparative Analysis of Geographical Indication Protection in the Republic of Serbia and in the Republic of Macedonia) | **проф.д-р Гоце Наумовски** |
| Перица Богдановиќ | Политичкиот мит позади фудбалското ривалство помеѓу Аргентина и Бразил (The political myth behind the football rivalry between Brazil and Argentina) | **доц.д-р Ненад Марковиќ** |
| Дамир Незири | Влијанието на граѓанското општество на | **доц.д-р Ненад Марковиќ** |

| | | |
|---|---|---|
| | процесите на донесување на одлуки во Република Македонија (The influence of the civil society of the decision making processes in the Republic of Macedonia) | |
| Димитар Вандовски | Односите помеѓу парламентот и владата во процесот на преговори за членство во Европската унија во Република Хрватска (Лекции и препораки за Република Македонија) (The relations between the parliament and the government in the accession negotiations for EU membership in the Republic of Croatia (Lessons and recommendations for the Republic of Macedonia) | **доц.д-р Каролина Ристова-Астеруд** |
| Синиша Ивановски | Просветениот апсолутизам во ерата на Танзиматот (Enlightened absolutism in the era of Tanzimat) | **доц.д-р Иванка Додовска** |
| | | |

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 08.05.2014 година.**

## ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Аксу Самет, специјалист по хемиски науки | „ПРИГОТВУВАЊЕ И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЕЛЕКТРОХРОМНИ ТЕНКИ ФИЛМОВИ ОД ОКСИДИ НА ВАНАДИУМ “. „PREPARATION AND CHARACTERIZATION OF ELECTROCHROMIC THIN FILMS OF VANADIUM OXIDES“. | д-р Методија Најдоски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 08.05.2014 година.**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Сања Кипријановска, дипломиран инженер по биологија | „ПОЛИМОРФИЗМИ АСОЦИРАНИ СО HEPATITIS C ВИРУСНАТА ИНФЕКЦИЈА“. „POLYMORPHISMS ASSOCIATED WITH HEPATITIS C VIRAL INFECTION“. | д-р Дијана Плашеска-Каранфилска, насловен вонреден професор на Фармацевтски факултет – Скопје. |
| Кети д-р Вељанова, специјалист по нуклеарна медицина | „ЈОД ВО УРИНА И ПРОМЕНИ ВО МЕТАБОЛИЗМОТ НА ТИРОИДНИТЕ ХОРМОНИ КАЈ ПАЦИЕНТИ ОД ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“. „URINE IODINE AND CHANGES IN THYROIDE HORMONE’S METABOLISM IN PATIENTS FROM SOUTHWEST REGION IN REPUBLIC OF MACEDONIA“. | д-р Сузана Диневска-Ќовкаровска, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Арита Сабриу, дипломиран инженер по биологија | „АНТИОКСИДАТИВНА АКТИВНОСТ НА ФУНГАЛНИ СУПЛЕМЕНТИ КАЈ АПОЛИПОПРОТЕИН Е ДЕФИЦИЕНТНИ ГЛУВЦИ (apoE KO$^{-/-}$) ТРЕТИРАНИ СО ХЕМИСКИ КАРЦИНОГЕН“. ,,ANTIOXIDANT ACTIVITY OF FUNGAL SUPPLEMENTS IN CARCINOGEN - TREATED APOLIPOPROTEIN E DEFICIENT MICE (APOE KO $^{-/-}$)“. | д-р Јасмина Димитрова-Шумковска, доцент, на ПМФ – Скопје. |
| Маја Доновски Лукаревска, дипломиран инженер архитект | „УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ, ПРЕКУ ПРИМЕРОТ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК МАВРОРО“. „URBAN PLANNING IN RURAL AREAS AS A FACTOR FOR DEVELOPMENT OF TOURISM, THROUGH THE EXAMPLE OF NATIONAL PARK MAVROVO“. | д-р Никола Панов, редовен професор на ПМФ – Скопје. |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 27.03.2014 година.**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Марина Грамова, дипломиран професор по географија | „ЗАШТИТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПОДЗЕМНИТЕ КАРСТНИ ФОРМИ ВО СКОПСКАТА КОТЛИНА“.<br>„PROTECTION AND PRESENTATION OF THE UNDERGROUND KARST FORMS IN SKOPJE VALLEY“. | д-р Драган Колчаковски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Виолета Ацовска, дипломиран професор по физика | „ПРОУЧУВАЊЕ НА ИЗЛОЖЕНОСТА НА ЗРАЧЕЊЕ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ И ПЕРСОНАЛОТ ПРИ ИНТЕРВЕНТНИ КАРДИОЛОШКИ ПРОЦЕДУРИ“.<br>„STUDY OF RADIATION EXPOSURE TO PATIENTS AND STAFF DURING INTERVENTIONAL CARDIAC PROCEDURES“ | д-р Весна Гершан, доцент на ПМФ – Скопје. |
| Марија Петковска, дипломиран инженер по хемија | „ИСПИТУВАЊЕ НА НЕКОИ ПРОТЕИНИ СО ESI И MALDI-TOF МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА“.<br>„STUDY OF SOME PROTEINS WITH ESI AND MALDI-TOF SPECTROMETRY“ | д-р Киро Стојаноски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Марија Соклевска, дипломиран инженер по хемија | „ОПТИМИЗАЦИЈА И ВАЛИДАЦИЈА НА UV/VIS СПЕКТРОФОТОМЕТРИСКИ МЕТОДИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРИМЕТОПРИМ ВО ПОТЕНЦИРАНИ СУЛФОНАМИДНИ ФАРМАЦЕВТСКИ ФОРМУЛАЦИИ“.<br>„OPTIMIZATION AND VALIDATION OF UV/VIS SPECTROPHOTOMETRIC METHOD FOR DETERMINATION OF TRIMETHOPRIM IN POTENTIATED SULFONAMIDE PHARMACEUTICAL FORMULATONS“. | д-р Горан Стојковиќ, вонреден професор на ПМФ – Скопје. |
| Томче Филиповски, дипломиран инженер по хемија | „АНАЛИЗА НА СТРУКТУРНИ МОТИВИ И КАРАКТЕРИСТИКИ КАЈ НЕКОИ ПРОТЕАЗИ“.<br>„STRUCTURAL MOTIF AND CHARACTERISTICS ANALYSIS OF SOME PREOTEASES“. | д-р Киро Стојаноски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕТО ОД ПОВИСОК РЕД ПРИ ИЗУЧУВАЊЕТО НА ЕЛЕКТРОСТАТИКАТА И ПРАВАТА СТРУЈА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ГИМНАЗИИТЕ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ФАДИЛ АЈРЕДИНИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 8.5.2014 год. избрани сме за членови во Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов **ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕТО ОД ПОВИСОК РЕД ПРИ ИЗУЧУВАЊЕТО НА ЕЛЕКТРОСТАТИКАТА И ПРАВАТА СТРУЈА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ГИМНАЗИИТЕ**, поднесена од м-р Фадил Ајредини. По разгледувањето на доставениот материјал, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов **ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕТО ОД ПОВИСОК РЕД ПРИ ИЗУЧУВАЊЕТО НА ЕЛЕКТРОСТАТИКАТА И ПРАВАТА СТРУЈА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ГИМНАЗИИТЕ**, поднесена од м-р Фадил Ајредини, содржи 169 страници текст, со 44 графици, 3 табели и 11 прилози, со 38 слики. Таа се состои од следниве поглавја:

1. Вовед
2. Анализа на наставната програма по физика за втора година за делот електростатика и права струја
3. Анализа на учебникот по физика за втора година за делот електростатика и права струја
4. Знаења на учениците за електризирање на телата и електростатички сили
5. Знаења на учениците за електричен капацитет и кондензатори
6. Знаења на учениците за врската помеѓу јачината на струјата и напонот (Омов закон)
7. Знаења на учениците за врзување отпорници
8. Резултати од одложеното посттестирање
9. Заклучок
10. Литература

Во поглавјето ВОВЕД е дефинирана основната цел на работата – да се откријат предностите и недостатоците на примената на реалните и виртуелните експерименти во поттикнувањето на размислувањето од повисок ред.

Авторот во овој дел зборува за влијанието на брзиот развој на технологијата врз образованието, но и за влијанието на образованието врз брзиот технолошки развој. Во тој круг, еден од најбитните елементи е обезбедување средина во која учениците ќе бидат

поттикнати да размислуваат. Во тој процес, ИКТ претставува голем потенцијал, како многу моќна алатка за експериментирање и обработка на експерименталните резултати. Една од најпопуларните апликации кај нас е PhET, која овозможува виртуелно експериментирање.

Но, авторот наведува дека не е веќе битно само да се добијат експериментални резултати, туку битно е и да се работи на развивање на вештините за размислување од повисок ред, во кои спаѓаат вештините од четврто, петто и шесто ниво според Блумовата таксономија.

Оттука, произлегува и задачата на ова истражување: да се види дали наставната програма и учебниците се во согласност со овие трендови и потреби и кои се предностите и недостатоците на реалните и виртуелните експерименти во тој процес, на учење, односно колку ги поттикнуваат вештини за размислување од повисок ред (РПР).

Во второто поглавје АНАЛИЗА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ФИЗИКА ЗА ВТОРА ГОДИНА ЗА ДЕЛОТ ЕЛЕКТРОСТАТИКА И ПРАВА СТРУЈА, авторот прави анализа на активностите дефинирани во наставната програма во смисла на поттикнување на РПР и ја споредува со соодветните документи од Албанија, Косово, Србија, Хрватска и Словенија. Споредбата открива дека фондот часови за обработка на анализираната тема многу се разликува од една до друга држава. Програмата по содржина и обем во сите анализирани земји се разликува по насоки, за разлика од Македонија, кадешто таа е иста за сите насоки. Во најголемиот дел од анализираните држави програмата е флексибилна и дава можност за промени, за разлика од Македонија, кадешто таа е строго дефинирана. Авторот открива дека не постои усогласување помеѓу наставната програма и предложените типови литература. Кај нас не постои прирачник за лабораториски вежби, збирка задачи и слично. Во најголемиот број држави предвидени се посебни часови за овие активности, додека кај нас тие воопшто не постојат. Единствено во Словенија е точно дефинирана употребата на потребниот софтвер за наставата по физика, со можност за примена и на други компјутерски програми.

Во третото поглавје, АНАЛИЗА НА УЧЕБНИКОТ ПО ФИЗИКА ЗА ВТОРА ГОДИНА ЗА ДЕЛОТ ЕЛЕКТРОСТАТИКА И ПРАВА СТРУЈА, м-р Фадил Ајредини вели дека учебникот се обидува да го надомести недостатокот од дополнителна литература, со тоа што во него се предлагаат задачи за решавање, истражувачки активности, проширување на знаењата и сл. Тој укажува на фактот дека тоа претставува недостаток, па предлага промена на Законот за учебници за основно и средно образование, во делот кој ја регулира дополнителната литература. Учебникот дава можност за развивање на размислувањето од повисок ред, но како тие можности ќе бидат искористени зависи од предметниот наставник. Тој, исто така, укажува на потребата од осовременување на учебникот со нови ИКТ- активности, кои се појавија во периодот од 12 години откако е издаден учебникот. Исто така, потребно е осовременување и со аудиовизуелни материјали.

Во четвртото поглавје, ЗНАЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ЕЛЕКТРИЗИРАЊЕ НА ТЕЛАТА И ЕЛЕКТРОСТАТИЧКИ СИЛИ, истражувачот ги презентира резултатите од експерименталната настава, во која го испитува влијанието на реалните и виртуелните експерименти врз знаењата за електризирањето на телата и електростатичките сили и

вештините за РПР. Се покажува дека двата приода се супериорни во однос на традиционалната настава. Примената на реални експерименти дава подобри резултати кај седум прашања, а виртуелните експерименти даваат подобри резултати кај пет прашања. Кај две од прашањата и едните и другите експерименти даваат еднаков или речиси еднаков придонес.

Виртуелните експерименти даваат подобри резултати кај прашања кои се поврзани со сликовен одговор, односно каде што учениците треба да го нацртаат својот одговор. Поради тоа, авторот прави посебна анализа на овие одговори. Оваа анализа открива дека учениците користат различни начини на цртање за да го дадат својот одговор. Некои од нив користат математички симболи, а други даваат дополнителни коментари. Непрецизноста во цртањето ги прави овие дополнителни информации неопходни за да се дојде до вистинското знаење на учениците. Анализата, исто така, открива недоволно разбирање на законите од механиката. Конкретно, учениците не го поврзуваат третиот Њутнов закон со електростатиката, па тоа се отсликува и на цртежите. Улогата на РПР е да ги поврзе информациите од различни појави и закони и до доведе до нов квалитет. Овде е очигледно дека тој резултат изостанал.

Авторот открива дека предноста на виртуелните експерименти да ги визуелизираат невидливите работи не секогаш предизвикува кај учениците подлабоко размислување и разбирање на појавите.

Во петтото поглавје, ЗНАЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ЕЛЕКТРИЧЕН КАПАЦИТЕТ И КОНДЕНЗАТОРИ, м-р Фадил Ајредини открива постоење на мисконцепција. Држејќи се до формата, учениците ја запомниле формулата за електричен капацитет и таа ја употребуваат речиси во секој одговор, и каде што треба и каде што не треба. Како и кај претходното поглавје, и овде експерименталните групи се супериорни во однос на традиционалната/контролната група. Тие често сметаат дека електричниот капацитет е величина која зависи од количеството електричество или напонот помеѓу двете плочи. И во овој случај, како и во претходното поглавје, поголема позитивна реакција на прашањата има кај реалната група, во однос на останатите две групи.

Во шестото поглавје ЗНАЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРСКАТА ПОМЕЃУ ЈАЧИНАТА НА СТРУЈАТА И НАПОНОТ (ОМОВ ЗАКОН), прикажани се резултатите од истражувањето спроведено за наставната единица *Врска помеѓу јачината на струјата и напонот*. Тие покажуваат дека активностите кои биле реализирани кај експерименталните групи многу повеќе придонеле во разбирањето на материјата и развивањето на РПР во однос на традиционалната настава којашто беше реализирана кај контролната група. Значи, слично како и кај првата наставна единица, методите кои биле применети кај експерименталните групи даваат подобар квалитет на знаења и вештини отколку традиционалната настава.

Во седмото поглавје, ЗНАЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЗУВАЊЕ ОТПОРНИЦИ, резултатите повторно откриваат подобри знаења кај реалната група. Резултатите од ова истражување покажуваат дека методите кои беа применети во експерименталните групи даваат подобар квалитет на знаења и вештини отколку традиционалната настава. Секоја од овие методи дава различен придонес, во рамките на карактеристиките кои тие ги носат

со себе. Секако, тие имаат преклопување во вештините, како што се развојот на кооперативната работа и тимската работа.

Во осмото поглавје, РЕЗУЛТАТИ ОД ОДЛОЖЕНОТО ПОСТТЕСТИРАЊЕ, авторот ги презентира резултатите од тестирањето извршено шест месеци по одржаната експериментална настава и посттестирањето. Во одложеното посттестирање биле опфатени само дел од прашањата на темата за електризација и тоа оние кои бараат од учениците да анализираат ситуација и да го дадат одговорот со цртеж. На одложеното посттестирање претходела дискусија помеѓу учениците. Тестирањето покажува далеку подобри резултати од оние на посттестирањето, што укажува на повеќе факти. Кандидатот наведува дека може да се претпостави дека активностите низ кои поминале учениците и тоа не само активностите на часот за електризација, туку и оние коишто следеле подоцна, го поттикнало размислувањете од повисок ред, кое во комбинација со новите сознанија стекнати во меѓувреме ги довело учениците до формирање коректни модели за појавите. Мора да се истакне дека ова е посебно важно за оние ученици кои на посттестот имале погрешни одговори. Вториот битен момент на кој укажува авторот е учењето од врсници (peer instruction). И покрај тоа што учениците не знаеле кои одговори биле точни, а кои не, сепак дискусијата помеѓу нив им помогнала да дојдат до исправни заклучоци.

Во ЗАКЛУЧОКОТ, кандидатот го потенцира најважното, а тоа е дека, активната настава низ истражување многу повеќе го поттикнува размислувањето од повисок ред отколку обичната традиционална настава. Но, резултатите не доаѓаат со инцидентни и изолирани активности и часови со истражување. Размислувањето од повисок ред е дисциплина која бара редовно практицирање во текот на целиот процес на образование. Истражувањето во рамките на оваа теза покажа дела образложенијата на некои едукатори, дека учењето низ истражување со рални експерименти е гломазно, дека одзема премногу време и дека ги оптоварува учениците со дополнителни непотребни технички проблеми, кои го трошат времето, е без основа. Резултатите покажуваат дека со текот на времето континуирано се зголемува на разликата помеѓу експерименталните паралелки и контролната, но и помеѓу реалната и сим групата, во корист на реалната група. Со текот на времето, учениците стекнуваат мануелни вештини и практично искуство, кое им претставува сé помал товар и бенефициите од ваков начин на учење излегуваат на површина. Уште повеќе критичкото мислење помага стекнатото знаење да достигне ниво на зрелост, што покажа и одложеното посттестирање.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Истражувањата кои се предмет на тезата се однесуваат на критичкото мислење, кое е многу актуелно во образованието по физика и пошироко. Кандидатот успеал да ги исполни обврските и да одговори практично на сите задачи предвидени при пријавувањето на тезата. Тезата се карактеризира со висок степен на оригиналност и со интересни резултати. Она што е многу значајно, овие резултати може да се применат во иднина при планирањето и креирањето на документите кои ја дефинираат оваа област, (наставни планови, наставни програми, критериуми и стандарди за оценување, учебници и

учебни помагала и друго) и да дадат свој голем придонес во подобрувањето на наставата по физика. Во прилог на квалитетот и сериозноста на тезата говорат и објавените трудови во меѓународни списанија и презентациите на меѓународни научни собири.

Имајќи го предвид сето погоре кажано, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја прифати предложената тема под наслов **ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕТО ОД ПОВИСОК РЕД ПРИ ИЗУЧУВАЊЕТО НА ЕЛЕКТРОСТАТИКАТА И ПРАВАТА СТРУЈА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ГИМНАЗИИТЕ,** поднесена од м-р Фадил Ајредини, и на кандидатот да му овозможи нејзина јавна одбрана.

Комисија

1. Д-р Оливер Зајков, вонреден професор на ПМФ, Скопје, с.р.

2. Д-р Јулијана Велевска, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

3. Д-р Благој Велјаноски, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

4. Д-р Боце Митревски, доцент на ПМФ, Скопје, с.р.

5. Д-р Мирјана Јоноска, редовен професор на ПМФ, Скопје (во пензија), с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ЗА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА ПО ПРЕДМЕТОТ КОШАРКА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на членовите 63, 125 и член 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ 35/08, 103/08, 26/2009, 83/09, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014) и членовите 42 и 43 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и асистенти – докторанди на Универзитетот,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на 28 редовна седница одржана на 27. V2014 година, донесе Одлука со дел. бр. 0201-967/4, за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање во научната област применета кинезиологија по предметот кошаркана Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј"во состав:

1. редовен професор д-р Милан Наумовски – претседател
2. редовен професор д-р Небојша Марковски - член и
3. редовен професор д-р Јошко Миленкоски - член

Конкурсот за изборот беше објавен во дневните весници "Дневник" и "Лајм" од 08.V2014 година. Во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Борче Даскаловски, асистент на Факултетот за физичка култура во Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј". Врз основа на приложената документација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", го приложуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Кандидатот д-р Борче Даскаловски е роден на 22.VIII1983 година, во Скопје. Основното образование го завршил во ОУ,,Христијан Тодоровски -Карпош”, а средното образование го завршил во Гимназијата ,,Никола Карев” во Скопје, континуирано со одличен успех. На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје се запишал во 2002 година, а дипломирал во 2006 година со просечен успех 9,18. Дипломската работа на тема ,,Напад со триаголници во кошаркарската игра” ја одбранил на Катедрата за кошарка со оценка 10. На постдипломските студии се запишал во учебната 2007/2008 година и нив ги завршил со просечна оценка 9,50. Магистерскиот труд на тема ,,Релации и латентна структура на ситуационо-моторичките способности без и со топка кај кошаркари од 14 до 16 - годишна возраст” го одбранил на ден 4.VI2010 година. Докторската дисертација на тема “Интерперсонална координација во кошарката“ ја одбранил во март 2014 година.

### Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност

НаФакултететотзафизичко образование, спорт и здравје, кандидатот Даскаловски, кoriginalдемонстраторнапредметоткошарка, активно е вклученодучебната 2006-2007 година. Како соработник - помладасистентнаистиотпредмет е применво 2008 година, а во 2010 година е избран за асистент.

Од неговото вработување на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје активно учествува во реализирањето на наставата на сите предмети кои се застапени на Катедрата за кошарка, на насоката физичко воспитување и на насоката спорт.Неговите стручни и педагошки квалитети се согледуваат при реализирањето на предвидените наставни содржини во работата со студентите.Покрај неговата ангажираност на предметот кошарка, тој е активно вклучен во реализирањето на теренската настава по скијање и летно логорување. Со одлуки на Наставно-научниот совет назначуван е за соработник на предметите скијање и примена на компјутери во физичкото образование. Трипати е назначуван за одговорен наставник на три генерации студенти.

Откако е применнаФакултететотзафизичко образование, спорт и здравје, активно е вклученвонаучноистражувачкатаработа.Какоавтор и коавтор има објавено преку20 научни и стручнитрудовиодобластанакошарката и активноучествувалнаповеќеконгреси, симпозиуми и семинариодржанивонашатаземја и надвороднеа.Коавтор е на Практикумот по кошарка и на учебникот Баскет “3 на 3“, кој е во печат. Какопомладистражувачактивноучествувавотримеѓународнинаучнипроектикоисереализи раатнаФакултететотзафизичко образование, спорт и здравје. 1. Анализа и компарирање на некои антропометриски и моторни димезии кај младите од словенија и Македонија (2008-2010 година), 2. Нелинеарна педагогија кон еден модел и подготвка на интердисципли-нарните врски меѓу спортот и физичкото образование со останатите области на академското знаење базирано на концептите од теоријата на сложените системи (2011-2012 година), 3. Статус и компаративна анализа на антропометриските и моторните латентни димензии кај младите од Словенија и Македонија (2013 – во тек). Активен учесник е во Проектот за континуирано образование на наставниците по физичко и здравствено образование, кој го реализира Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во изминативе две години.

**Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот д-р Борче Даскаловски со кошарка се занимава од својата најрана младост. Уште како пионер започнал да се занимава со кошарка, а во подоцнежниот период настапувал во повеќе прволигашки екипи како што се: КК “Балкан Стил” – Скопје, КК “Вардар” – Скопје, КК “Свислион Пелистер” – Битола, КК “Фени Индустри” – Кавадарци, КК “Вардар осигурување” – Скопје. За време на неговото студирање постојано настапувал за кошаркарската репрезентација на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје. Во текот на неговата кошаркарска кариера како репрезентативец на Р. Македонија настапувал на многу меѓународни натпревари за кадетската, јуниорската и младинската репрезентација. Во изминатите години, покрај водењето на кошаркарската екипа на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, во 2011 година беше назначен за селектор на кошаркарската репрезентација на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Треба да се нагласи дека како тренер во сезоните 2009/10 и 2010/11 успешно ја водеше екипата на КК “Вардар -2000” – Скопје.Во 2012 година е назначен за генерален секретар на тренерската организација на МКФ.

**Оценка од самоевалуација на студенти за извршената настава**

Врз основа на спроведената анкета од студентите за оценување на севкупниот ангажман наасс. д-р Борче Даскаловски на предметот кошарка кој е застапен во четвртата

студиска година, констатирана е позитивна оценка од самоевалуацијата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По извршениот увид во целокупната приложена документација на кандидатот д-р Борче Даскаловски и оценката за неговата досегашна работа Комисијата констатира дека тој ги исполнува законските услови за конкурирање за избор во звањето насловен доцент.

Имајќи го предвид погоре наведеното, притоа ценејќи ги севкупните спортски и педагошки квалитети, определбата за научноистражувачка работа и желбата за стручно усовршување, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, кандидатот д-р Борче Даскаловски да биде избран во звањето НАСЛОВЕН ДОЦЕНТпо предметот кошарка.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Милан Наумовски с.р.
2. Проф. д-р Небојша Марковски с.р.
3. Проф. д-р Јошко Миленкоски с.р.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**д-р Борче Синиша Даскаловски

**Институција:**Факултет за физичко образование, спорт и здравје

**Научна област:**опшштествени науки - кинезиологија

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава | |
| 2. | - од прв циклус студии<br><br>**НАСОКА ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ**<br><br>Ги предава предметите: теорија и методика на кошарката - 1 и теорија и методика на кошарката - 2, во периодот 2007-2010 година, во два семестра (VIIи VIII) со две групи студенти, со фонд 1+2 и 1+2 што носи<br>**18бода**<br><br>**НАСОКА: СПОРТ** (стар наставен план)<br><br>Ги предава предметите: теорија и методика на кошарката -1, теорија и методика на кошарката -2, во периодот 2007-2010 година, во два семестра (V и VI семестар) со фонда на часови 2+2 и 2+2, техника и тактика на кошарката – 1 и техника и тактика на кошарката – 2, во периодот 2007-2010 година, во два семестра (VII и VIII семестар) со фонда на часови 2+2 и 2+2.<br>**28,8 бода**<br><br>**ТЕРЕНСКА НАСТАВА**<br><br>Скијање 1 и 2 –2008 и 2010<br>**6 бода**<br><br>**НАСОКА: ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ И НАСОКА СПОРТ** (нов наставен план 60:30:10)<br><br>Ги предава предметите: кошарка - 1 - 2, во периодот 2010-2014 година, во VIII семестар со две групи студенти, со фонд на часови2+4.<br>**24 бода**<br>Примена на компјутери во физичкото образование и спортот во | **135,3** |

| | | |
|---|---|---|
| | периодот од 2011 до 2013 година во I семестар, со фонд на часови 1+1.<br>**1,2 бода**<br><br>**НАСОКА: СПОРТ** ( наставен план во траење од 6 семестри - 60:40)<br><br>Во периодот од 2010 до 2013 година ги предава предметите: физичка подготовка на избраниот спорт (I семестар со фонд на часови 2+2), теорија на кошарката (I семестар со фонда на часови 2+0), методика на кошарката (II семестар со фонд на часови 2+2),техника на кошарката (II семестар со фонд на часови 2+2), тактика на кошарката (III семестар со фонд на часови 2+2), педагошка практика со изработка на дипломска работа (VI семестар со фонд на часови 2+2)<br>**39,6бода**<br><br>**НАСОКА: СПОРТ** ( наставен план во траење од 6 семестри - 60:30:10)<br><br>Во учебната 2013/14 година ги предава предметите: Физичка подготовка на избраниот спорт (VI семестар со фонд на часови 1+1), теорија и методика на кошарката (I семестар со фонда на часови 2+0),техника и тактика на кошарката (II семестар со фонд на часови 2+2) и педагошка практика со изработка на дипломска работа (VI семестар со фонд на часови 2+2)<br>**7,2бода**<br><br>**ТЕРЕНСКА НАСТАВА**<br><br>Скијање 1 и 2, 2011 - 2014 година, со фонд на часови 1+1<br><br>**9 бода**<br>Логорување со планинарење – 2013 година, со фонд на часови 1+1<br>**1,5 бода** | |
| 3. | - од втор циклус студии | |
| 4. | Настава во летни школи и работилници – учесник и раководител | 1 |
| | - семинар – Кошаркарска федерација, Струга, јули 2013 година | 1 |
| 5. | | |
| 6. | | |
| 7. | Консултации со студенти | 1,8 |
| 8. | Ментор на дипломска работа | |
| 9. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | |
| 10. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | |
| 11 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | 1,2 |
| 12. | Рецезент на универзитетски учебник | |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **140,3** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | Одбрана на докторска теза | 0 |
| **2.** | Одбрана на магистерска работа | 0 |
| **3.** | Ментор на докторска дисертација | 0 |
| **4.** | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор | **23,46** |
| | Milan Naumovski, Boro Daskalovski, Luka Popovski & Zoran Stanisic. The interconnection of the manifested qualitative and quantitative variables among participants of the first Macedonian basketball league. ***Research in the physical education, sport and health. FFK. Skopje, 2012*** | 2,4 |
| | Наумовски М., Алексовска-Величковска Л., Петров Љ., Даскаловски Б.: Влијание на програмираната тренировка за точност врз подобрувањето на стрелбата в коша в баскетбол. Спорт и наука, брой 4/2008, София, 2008. | 2.4 |
| | Robert Hristovski, Natalia Balague, Boro Daskalovski, Vujica Zivkovic, Lence Aleksovska Velickovska&Milan Naumovski. Linear and nonlinear complex systems approach to sports. explanatory differences and applications. ***Research in the physical education, sport and health. FFK. Skopje, 2012.*** | 2,4 |
| | Наумовски М., Алексовска-Величковска и Даскаловски Б.: Разлики меѓу некои ситуационо - моторички способности кај млади кошаркари кои играат на различни играчки позиции**.** Физичка култура бр. 1. Скопје, 2007. | 1,6 |
| | Наумовски М., Алексовска Величковска Л., Петров Љ. и Даскаловски Б.:Влијание на програмираниот тренажен процес врз подобрувањето на кошаркарската прецизност**.** Спорт и наука. София, 2008. | 2,4 |
| | B. Daskalovski.: Influence of situational and motor skills without and with a ball on the shot to wards the basket in young basketball players aged 14 to 16 from the 4-meter distance at difference angles. Zbornik naucnih I strucnih radova – Sport I zdravlje, Tuzla, 2011. | 4 |
| | B. Daskalovski, M. Naumovski.: Latent structure on applied situational – motor variables at young basketball players from Republic of Macedonia. Zbornik radova, Apeiron, Banja Luka, 2011. | 3,6 |
| | B. Daskalovski, L. A. Velickovska, A. Misovski.: Sport – relate arhievment motivation in atlethes angaged in different sport dipending in their age in the Republic of Macedonia. Alfa Univerzitet, Beograd, 2011. | 3,6 |
| | B. Daskalovski.: Relation beetwen several variables for the assessment of speed and acuracy in young basketball players when passing the ball by shooting from a for meters distance at different angles. Kineziologija, Veliko Trnovo, 2012. | 4 |
| 1 | Византиско-културолошки ИМЛ, втор циклус | 1 | |
| 2 | Кирилиметодиевистика, ИМЛ, втор циклус | 1 | |
| 3 | Културно наследство, ИМЛ, втор циклус | 1 | |
| 4 | Патристиката и христијанската култура, ИМЛ, втор циклус | 1 | |
| | **Вкупно:** | **4** | |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
| | | **во земјата** | **во странство** |
| | **Учество во промотивни активности на институтот** | **0,5** | |
| 1 | *Промоција на дејноста на ИМЛ на XLIV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* во Охрид, 29.7.2011. | 0,5 | |
| 2 | *Промоција на издавачката дејност на ИМЛ на XLV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* во Охрид, 24.6.2012. | 0,5 | |
| 3 | *Промоција на дејноста на ИМЛ на XLV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* во Охрид, 19.6.2013. | 0,5 | |
| 4 | Промоција на дејноста на ИМЛ и на изданието *Македонско-словачки компаративно согледби* од Звонко Танески, издание на ИМЛ во Словачката академија на науките, Братислава, 14.11.2012 | 0.5 | |
| 5 | Промоција на изданието *Македонско-словачки компаративно согледби* од Звонко Танески, издание на ИМЛ во Словачката амбасада, Скопје, 9.9.2012 | 0,5 | |
| 6 | Промоција на ИМЛ на културната манифестација *SEE a Paris – Paris a SEE,* Парис, 11. 05. 2012. | 0,5 | |
| 7 | Промоција на Зборникот *Книжевни дислокации* од *4th International REELC/ENCLS Congress: Literary Dislocations,* Skopje-Ohrid, 1 -3.9.2011 (издание ИМЛ), Скопје 24.12.2012 | 0,5 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Промоција на електронското издание (издание ИМЛ) *Четвороевангелието на поп Јоаван Кратовски од 1562 година* од д-р И. Велев, Бигорски манастир „Св. Јован“ (29.5.2013) | 0,5 | |
| | **Вкупно:** | **4** | |
| | **Член на национална жири-комисија** | **1** | |
| 1 | Рациново признание за роман на годината (2010) | 1 | |
| | **Вкупно** | **1** | |
| | **Уредник на научно списание СЦИ/ЦА/останати** | **5/3** | |
| 1 | **Главен и одговорен уредник на Спектар бр.45-46** | **3** | |
| | **Член на Уредувачки одбор на научно /стручно списание СЦИ/ЦА/останати** | **2/0,5** | |
| 1 | Член на Уредувачки одбор на *Кирилометодиевистика* | 0,5 | |
| 2 | Член на Уредувачки одбор на *Спектар* | 0,5 | |
| 3 | Член на Уредувачки одбор на *Корени* | 0,5 | |
| 4 | Член на Уредувачки одбор на “Konštantínove listy” | 0,5 | |
| | **Вкупно:** | **2** | |
| | **Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир** | **1** | **2** |
| 1 | Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски, 4 | | 2 |
| | **Вкупно:** | | **2** |
| | **Претседател на организационен одбор на научен/стручен собир** | **2** | **3** |
| 1 | Научен собир по повод 100 години од раѓањето на Кирил Пенушлиски (декмври 2012) | 2 | |
| 2 | Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски, 4 (септември 2013) | | 3 |
| 3 | Македонско-словачки книжевни и културни врски, 1 (декември 2013) | | 3 |
| 4 | Популарна култура: поглед одоздола/Popular culture: reading from below (ноември 2014) | | 3 |
| | **Вкупно** | | **11** |
| | **Член на организационен одбор на научен/стручен собир** | **1** | **2** |
| 1 | Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски, 2 | 1 | |
| 2 | Член на Организациски одбор на прославата 30 години ИМЛ | 1 | |
| 3 | Член на Организациски одбор Македонско-руска конференција по повод 1150 години од Моравската мисија (2013) | 1 | |
| 4 | Член на организациски одбор на Меѓународниот научен собир *Денови на Јустинијан* (2013) | | 2 |
| | **Вкупно:** | **5** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Студиски престој во странство** | **до 3 мес.** | **до 6 мес.** | **Повеќе** | |
| | | **0,5** | **1** | **2** | |
| 1 | Студиски престој на американски високообразовни и културни институции 29 октомври-12 ноември | 0,5 | | | |
| 2 | Студиски престој во Pontificium Institutum Orientale, Рим (јануари 2011) | 0,5 | | | |
| | **Вкупно:** | **1** | | | |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен проект** | **национален** | | **меѓународен** | |
| | | **носи-тел 1** | **сораб. 0,5** | **носи-тел 2** | **сораб. 1** |
| 1 | Ораторско-прозни книжевни текстови во македонската средновековна литература, национален - носител | 1 | | | |
| 2. | Кодови на препознавање во македонско-хрватската интеркултурна комуникација | | | 2 | |
| 3. | Христијанската традиција во македонско-словачките културни релации | | | 2 | |
| | **Вкупно** | **5** | | | |
| | **Директор** | **6** | | | |
| | в.д. директор (2012- | 6 | | | |
| | **Вкупно:** | **6** | | | |
| | **Член на Универзитетски сенат (2012-** | **2** | | | |
| | **претседател на Советот на Институтот** | **3** | | | |
| | **Член на Советот на Институтот** | **2** | | | |
| | **Член на институтска комисија** | **0,5** | | | |
| 1. | Член на Пописна комисија | 0,5 | | | |
| 2. | Член на Комисија за издавачка дејност | 0,5 | | | |
| | **Вкупно:** | **1** | | | |
| | **Член на Комисија за избор во звање** | **0,2** | | | |
| 1. | на д-р Валентина Миронска-Христовска | 0,2 | | | |
| 2. | на м-р Марина Даниловска | 0,2 | | | |
| | **Вкупно:** | **0,4** | | | |
| | **Раководител на постдипломски или докторски студии** | **2** | | | |
| 1. | Раководител на интердисциплинарните постдипломски културолошки студии -ИМЛ | 2 | | | |
| | **Вкупно:** | **2** | | | |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | **1** | | | |
| 1. | Комисија за издавачка дејност на Министерството за култура (2011) | 1 | | | |
| | **Вкупно:** | **1** | | | |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ** | **419,54** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **51,40** |
| **Вкупно:** | **470,94** |

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Илија Велев, научен советник, с.р.

Проф. д-р Марко Китевски, научен советник, с.р.

Проф. д-р Валентина Миронска-Христовска,
научен советник, с.р.

**Р е п у б л и к а   М а к е д о н и ј а**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ С к о п ј е**

**ЈНУ Институт за македонска литература С к о п ј е**

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд од Советот на ЈНУ Институт за македонска литература – Скопје, седница во март 2014**

**Студиска програма**
**Културолошки студии во книжевноста**

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Магдалена Марковска | Преводот како вид на интеркултурна комуникација<br><br>Translation as a Kind of Intercultural communication | проф. д-р Анастасија Ѓурчинова |
| 2. | Наталија Георгиевска | Културата како фактор во креирање на безбедносната политика и стратегија<br><br>Culture as a Factor in Creating the Security Policy and Strategy | проф. д-р Мишел Павловски |
| 3. | Симона Танасковска | Меѓународните институции како афирматори на културата и на културното наследство<br><br>International Organizations as Promoters of Culture and Cultural Heritage | проф. д-р Илија Велев |

**Р е п у б л и к а   М а к е д о н и ј а**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ С к о п ј е**

**ЈНУ Институт за македонска литература С к о п ј е**

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатена промена на тема за изработка на магистерски труд на ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје, седница во март 2014**

**Студиска програма**
**Културолошки студии во книжевноста**

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Виолета Шамбар | Насловот на темата<br>Родовите во македонската археологија<br>Gender in Macedonian archaeology<br>објавен во Билтен на УКИМ бр. 1020 од 1 декември 2011 се менува и гласи:<br>**Родовите во неолитот во македонската археологија**<br>**Gender in Neolit in Macedonian archaeology** | проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева |

**Република Македонија**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

**ЈНУ Институт за македонска литература Скопје**

# ПРЕГЛЕД

## на прифатена тема за изработка на магистерски труд од Советот на ЈНУ Институт за македонска литература – Скопје, седница во мај 2014

**Студиска програма**
**Културолошки студии во книжевноста**

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Лара Прокопиева | Патописот помеѓу субјективното доживување и историскиот документ<br><br>The Travelogue between the Subjective Experience and the Historical Document | проф. д-р Соња Стојменска-Елзесер |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕХНИЧКА МЕХАНИКА И МЕХАНИКА НА ЦВРСТО ТЕЛО НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 5.VI 2014 година, донесе Одлука број 02-1410/2 од 5.VI 2014 година за формирање Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област техничка механика и механика на цврсто тело, во состав: проф. д-р Емилија Ветаџокоска, проф. д-р Даме Коруноски и проф. д-р Кочо Анѓушев.

На конкурсот за избор на наставник, објавен на 5.V 2014 година во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха", се пријави кандидатот д-р Христијан Мицкоски, дипл. маш. инж., доцент, вработен на Машинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Врз основа на анализата на доставената конкурсна документација, како и од личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Христијан Мицкоски е роден на 29.IX 1977 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со континуирано одличен успех.

Во учебната 1996/97 година се запишал на Машинскиот факултет во Скопје, а дипломирал на 13.IV 2001, со просек на студиите 9,61. Дипломската работа под наслов ,,Компјутерски поддржани кинематичка и кинетостатска анализа на лостови механизми" ја одбранил при Институтот за механика, под менторство на проф. д-р Емилија Ветаџокоска, со оценка 10. Во текот на студиите бил перманентно наградуван од страна на Факултетот како одличен студент. За време на студиите бил ангажиран како демонстратор по предметите: математика 1, јакост на материјалите 1 и статика.

Во септември 2001 се вработил во компанијата ,,ФОНКО-клима" од Скопје, најпрвин како инженер задолжен за увид и спроведување монтажа на клима уреди, а потоа како главен и одговорен проектант за климатизација на големи резиденцијални, стопански и административни објекти. Како резултат на прекувременото ангажирање се големиот број реализирани проекти од обласа на термотехниката.

Во учебната 2001/02 година се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје, при Институтот за механика. Сите испити на постдипломските студии ги положил со одличен успех. Магистерската работа под наслов „Оптимизациона синтеза на лостови механизми" ја одбранил при Институтот за механика на 12.XII 2003 година, под менторство на проф. д-р Емилија Ветаџокоска.

На 19.II 2007, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, поднел пријава за изработка на докторска дисертација со наслов „Fuzzy-контрола на манипулациони роботи". На 31.V 2007 година, Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје го прифатил извештајот на Комисијата за подобност и ја одобрил изработката на докторската дисертација под наслов „Управување на манипулациони роботи со примена на fuzzy-логика", а за ментор го определил проф. д-р Даме Коруноски. Докторската дисертација успешно ја одбранил на 22.V 2009 година.

На Машинскиот факултет во Скопје работи од август 2002 година, најпрвин како помлад асистент, потоа од септември 2004 како асистент, а со Решение бр. 07-980/72 од 26.XI 2009, Христијан Мицкоски е распореден на работи и работни задачи-доцент при Институтот за механика.

Детален приказ на поодделните активности, од последниот избор во звањето доцент, се прикажани во табели во Прилог 1.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот 2004-2009 година, период на имплементирање на ЕКТ-системот на студирање на Машинскиот факултет во Скопје, активно учествувал во изготвувањето на наставните програми на предмети од студиските програми од првиот циклус на студии.

Како член на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје и Институтот за механика, во периодот 2010-2012 година, активно учествувал во подготвувањето на новите студиски програми од првиот циклус на студии на Машинскиот факултет во Скопје согласно со ЕКТС.

Од 2010 до 2012 година, во рамките на меѓународниот ТЕМПУС-проект "Развој на регионални интердисциплинарни студии по Мехатроника" бр. 158644 TEMPUS-1-2009-1-DE-TEMPUS-JPCR, раководен од Aachen University of Applied Sciences, активно учествувал во воведувањето на студиската програма во втор циклус студии, мехатронички системи.

На академските студии на одделните студиски програми од првиот циклус студии, по изборот во звањето доцент, активно е вклучен во изведувањето настава, предавања и вежби, по следниве предмети:

**Прв циклус на студии**
- статика;
- динамика на машини;
- динамика;
- динамика и осцилации;
- кинематика и динамика;
- механизми;

- проектирање на мехатронички системи;
- мехатронички системи со повеќечлена структура;
- микромехатроника;
- моделирање на механички системи и симулации.

Кандидатот се јавува како автор или коавтор при подготовката и изработката на следниве наставни материјали кои се користат во спроведувањето на наставата по предмети од првиот и вториот циклус на студии:

1. динамика и осцилации (интерна скрипта од предавања);
2. проектирање на мехатронички системи (интерна скрипта од предавања);
3. статика (интерна скрипта од вежби);
4. мехатронички системи со повеќечлена структура (интерна скрипта од вежби);
5. статика (интерна скрипта од предавања).

Под менторство на д-р Христијан Мицкоски успешно се изработени и одбранети голем број на дипломски и магистерски трудови. Во моментов е ментор на три магистранди на Машинскиот факултет во Скопје. Бил член на неколку рецензентски комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови од областа на машинството.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во својата професионална кариера, кандидатот д-р Христијан Мицкоски учествувал во изработката на повеќе од 100 научни и стручни трудови кои се презентирани на домашни и меѓународни научни и стручни собири и публикувани во меѓународни списанија.

Во периодот по изборот во звањето доцент, од 2009 година до денес, кандидатот покажува голема активност како во научноистражувачката, така и во стручно-апликативната дејност. Детален приказ на објавените трудови публикувани во земјата и во странство е даден во табелите во Прилог 1, *Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање,* што е составен дел на овој реферат.

## 4. КРАТОК ОСВРТ НА ТРУДОВИТЕ

Трудовите што кандидатот д-р Христијан Мицкоски, самостојно или како коавтор, ги изработил во периодот од последниот избор во звањето доцент може да се поделат во неколку области.

Од областа на управувањето и кинематичко-динамичките проблеми во машинството може да се издвојат трудовите II-4, II-5 и II-7 кои претставуваат целина и се резултат на повеќегодишната научноистражувачка работа на кандидатот и ја третираат проблематиката на управување, интелигентното управување, кинематичката и динамичката анализа на манипулационите роботи. Во спроведените истражувања, користени се современи методи и направени се

симулации на движењето на манипулационите роботи, со примена на програмскиот пакет MATLAB/Simulink.

Областите на јакосно-динамичките проблеми во машинството се опфатени во трудовите III-3, III-4, III-5 и III-6. Во овие трудови се прикажани експертизи и стручни мислења за состојбата на колекторите, грејните површини и пароводите во ТЕ Осломеј и ТЕ Битола 1, 2 и 3. При спроведување на анализите користени се математички и јакосно-динамички методи за дијагностика на нивната состојба. Во трудовите се дадени проценки на преостанатиот работен век/ресурс на колекторите, грејните површини и пароводите во ТЕ Осломеј и ТЕ Битола 1, 2 и 3.

Трудовите II-3, II-6, II-9 и III-10 припаѓаат во областа на железничкото машинство. Во овие трудови, кандидатот изработил оригинален алгоритам за анализа на патот на сопирање на шинските возила во реална околина како и анализа на работењето на системот за потпирање на шинските возила под влијание на експлоатационите фактори. Врз основа на спроведеното истражување, формиран е математички модел, а со помош на математичкиот модел изработен е оригинален програм со косимулација во MATLAB и Simulink-програмскиот пакет, со чија примена се определува патот на сопирање на шинските возила во реална околина, како и брзината и поместувањето на современниот полимерен амортизер кој се користи кај шинските возила.

Бреговите механизми се опфатени во трудовите II-6 и II-8. Во трудовите е анализирана проблематиката на проектирање на профилот на брегот и неговата оптимизација. Креиран е оригинален математички модел и со негова примена во MATLAB/Simulink-програмскиот пакет извршена е оптимизација на профилот на брегот со ротирен воден член, а притоа е определен минималниот радиус на основниот круг. Изработениот програм овозможува анимација на проектираниот и оптимираниот брегов механизам, пресметка на геометриските параметри, координатите на тежиштето и сопствените моменти на инерција. Во трудовите се прикажани примери на брегови механизми со ротирен воден член.

**Дејности од поширок интерес**

Во периодот од 2011 до 2012 година, во рамките на меѓународниот ТЕМПУС-проект „Развој на регионални интердисциплинарни студии по Мехатроника” бр. 158644 TEMPUS-1-2009-1-DE-TEMPUS-JPCR, во неколку наврати има остварено студиски престои на Техничкиот универзитет во Софија, Бугарија и на Универзитетот за технологии во Виена, Австрија.

Кандидатот е член и учествувал во работењето на следните струкови здруженија:

- Друштво на механика на Македонија;
- Друштво за теорија на машините и механизмите на Македонија;
- Здружение на инженери на Македонија;
- Групација на обновливи извори на енергија при Стопанската комора на Македонија.

Од активностите кои кандидатот ги спроведува на Машинскиот факултет во Скопје и во државата може да се напоменат следниве:

- член на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет;

- член на Наставно-научниот колегиум при Институтот за механика;
- раководител на Лабораторијата за механика и мехтроника;
- член на комисија за спроведување на конкурсот за запишување нови студенти во I година на прв циклус студии во учебната 2012/2013 година на Машинскиот факултет во Скопје;
- претседател на Комисијата за еквиваленција и признавање на странски високообразовни квалификации или дел од високообразовните студии од научните подрачја за природно-математичките науки, Министерство за образование и наука, Република Македонија;
- член на Државен матурски одбор, Министерство за образование и наука, Република Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област техничка механика и механика на цврсто тело се пријави кандидатот д-р Христијан Мицкоски. Откако со внимание ја разгледа пријавата со сите нејзини прилози, објавени трудови и другите активности на кандидатот, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Емилија Ветаџокоска, проф. д-р Даме Коруноски и проф. д-р Кочо Анѓушев, на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје му го донесува следниов заклучок и предлог:

1. Д-р Христијан Мицкоски ги исполнува пропишаните услови од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје за избор во наставно-научно звање-**вонреден професор во научната областа техничка механика и механика на цврсто тело**.

2. Во периодот по изборот во звањето доцент, д-р Христијан Мицкоски одговорно и успешно ги остваруваше предвидените обврски во рамките на образовниот процес на Машинскиот факултет во Скопје, изведувајќи ја наставата по предметите: статика, динамика на машини, динамика, динамика и осцилации, кинематика и динамика, механизми, проектирање на мехатронички системи, мехатронички системи со повеќечлена структура, микромехатроника и моделирање на механички системи и симулации согласно со наставната програма по ЕКТС на првиот циклус студии.

3. Од анализата на трудовите може да се заклучи дека кандидатот д-р Христијан Мицкоски е сериозен и темелен научен работник. Од една страна, ги презентира теоретските истражувања, анализи и симулации, а од друга страна, прави успешен спој на теретските сознанија со проектирањето и решавањето на практичните проблеми во стопанството. Врз основа на разгледувањето на пријавата со целокупната доставена документација, анализата на трудовите, како и личното познавање на кандидатот и долгогодишната соработка, Комисијата констатира дека се работи за исклучително квалитетен наставно-научен работник. Вкупниот наставно-истражувачки, наставно-образовен и стручно-апликативен опус реализиран во изминатиот период бележи постојан подем и кандидатот го афирмира како признат стручњак во областите во кои работи.

4. Согласно Извештајот од Комисијата за самоевалуација на Факултетот, кандидатот наставните обврски секогаш ги извршува професионално, квалитетно, совесно и на високо стручно ниво. Кандидатот, успешно им го пренесува знаењето и воспоставува професионален однос со студентите, што е потврдено со позитивната оценка која кандидатот ја доби од спроведената анонимна студентска анкета за квалитетна реализација на наставните обврски и содржини, спроведена во зимскиот семестар во учебната 2013/14 година, организирана во рамките на процесот на самоевалуација на Факултетот.

5. Согласно со погоре изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, да утврди предлог-одлука за избор на доц. д-р Христијан Мицкоски, дипл. маш. инж., во наставно-научното звање вонреден професор во научната област техничка механика и механика на цврсто тело.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Емилија Ветаџокоска, с.р.
Машински факултет, УКИМ-Скопје
(редовен професор во пензија)

2. Проф. д-р Даме Коруноски, с.р.
Машински факултет, УКИМ-Скопје

3. Проф. д-р Кочо Анѓушев, с.р.
Машински факултет, УКИМ-Скопје

**ПРИЛОГ 1**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Доц. д-р Христијан Иван Мицкоски**

**Институција:** **Машински факултет-Скопје**

**Научна област:** **техничка механика и механика на цврсто тело**

## I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Динамика на машини** (2+2), летен 2009/10 | 1,2 |
| 2 | **Динамика на машини** (2+2), летен 2009/10, вежби | 0,9 |
| 3 | **Механизми** (2+2), летен 2009/10, вежби | 0,9 |
| 4 | **Проектирање на мехатронички системи** (2+2), летен 2009/10, вежби | 0,9 |
| 5 | **Мехатронички системи со повеќечлена структура** (2+2), летен 2009/10, вежби | 0,9 |
| 6 | **Статика** (2+3), зимски 2010/11, вежби | 1,35 |
| 7 | **Динамика** (2+2), зимски 2010/11, вежби | 0,9 |
| 8 | **Динамика и осцилации** (3+3), зимски 2010/11, вежби | 1,35 |
| 9 | **Динамика на машини** (2+2), летен 2010/11 | 1,2 |
| 10 | **Механизми** (2+2), летен 2010/11, вежби | 0,9 |
| 11 | **Проектирање на мехатронички системи** (2+2), летен 2010/11, вежби | 0,9 |
| 12 | **Мехатронички системи со повеќечлена структура** (2+2), летен 2010/11, вежби | 0,9 |
| 13 | **Статика** (2+3), зимски 2011/12, вежби | 1,35 |
| 14 | **Динамика** (2+2), зимски 2011/12, вежби | 0,9 |
| 15 | **Динамика и осцилации** (3+3), зимски 2011/12, вежби | 1,35 |
| 16 | **Механизми** (2+2), летен 2011/12, вежби | 0,9 |
| 17 | **Проектирање на мехатронички системи** (2+2), летен 2011/12, вежби | 0,9 |
| 18 | **Мехатронички системи со повеќечлена структура** (2+2), летен 2011/12, вежби | 0,9 |
| 19 | **Моделирање на механички системи и симулации** (2+2), летен 2011/12 | 1,2 |
| 20 | **Моделирање на механички системи и симулации** (2+2), летен 2011/12, вежби | 0,9 |
| 21 | **Динамика** (2+2), зимски 2012/13, вежби | 0,9 |
| 22 | **Динамика и осцилации** (3+3), зимски 2012/13, вежби | 1,35 |
| 23 | **Механизми** (2+2), летен 2012/13 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 24 | **Механизми** (2+2), летен 2012/13, вежби | 0,9 |
| 25 | **Проектирање на мехатронички системи** (2+2), летен 2012/13, вежби | 0,9 |
| 26 | **Мехатронички системи со повеќечлена структура** (2+2), летен 2012/13, вежби | 0,9 |
| 27 | **Кинематика и динамика** (2+3), зимски 2013/14 | 1,2 |
| 28 | **Кинематика и динамика** (2+3), зимски 2013/14, вежби | 1,35 |
| 29 | **Микромехатроника** (2+2), летен 2013/14 | 1,2 |
| 30 | **Микромехатроника** (2+2), летен 2013/14, вежби | 0,9 |
| 31 | **Проектирање на мехатронички системи** (2+2), летен 2013/14, вежби | 0,9 |
| 32 | **Мехатронички системи со повеќечлена структура** (2+2), летен 2013/14, вежби | 0,9 |
| 33 | Консултации со студенти 2009/10 (228 студенти), 2010/11 (407 студенти), 2011/12 (390 студенти), 2012/13 (230 студенти), 2013/14 (179 студенти) | 2,868 |
| 34 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерска работа, 3 магистерски работи | 0,9 |
| 35 | Ментор за одбрана на дипломска работа, 13 дипломски работи | 2,6 |
| 36 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа, 31 дипломска работа | 3,1 |
| 37 | Интерна скрипта од предавања со наслов „Статика” (коавтор), одобрена од Наставно-научниот совет на 13.7.2010 година. | 4 |
| 38 | Интерна скрипта од предавања со наслов „Динамика и осцилации” (коавтор), одобрена од Наставно-научниот совет на 13.7.2010 година. | 4 |
| 39 | Интерна скрипта од предавања со наслов „Проектирање на мехатронички системи” (коавтор), одобрена од Наставно-научниот совет на 13.7.2010 година. | 4 |
| 40 | Интерна скрипта од предавања со наслов „Мехатронички системи со повеќечлена структура” (коавтор), одобрена од Наставно-научниот совет на 13.7.2010 година. | 4 |
| 41 | Интерна скрипта од вежби со наслов „Статика” (коавтор), одобрена од Наставно-научниот совет на 13.07.2010 година. | 3 |
| | **Вкупно** | 61,768 |

## II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учесник во меѓународниот научен проект: “Development of Regional Interdisciplinary Mechatronic Studies-DRIMS” (European project-финансиран од Европската унија (ТЕМПУС), учесници: научни институции од: Ахен-Германија, Скопје и Битола-Македонија, Виена-Австрија, Софија-Бугарија, Бергамо-Италија, Приштина-Косово и Подгорица-Црна Гора), 2010-2012. | 5 |
| 2 | Ментор за одбрана на магистерска работа, 3 магистерски работи | 3 |
| 3 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: “Contribution to analytical determination of the braking road of rail vehicles by using MATLAB/Simulink”, H. Mickoski, I. Mickoski, M. Menkovski (2010, Ниш, Србија). | 1,6 |
| 4 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: “Optimum manipulator mobility, simulated by using Matlab/Simulink and VR toolbox”, H. Mickoski, I. Mickoski, B. Pavlov (2011, Златибор, Србија). | 2,4 |
| 5 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: “Two link manipulation robot control using fuzzy logic”, H. Mickoski, D. Korunoski (2011, Бол на Брач, Хрватска). | 1,8 |
| 6 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: “MATLAB Program for Cam design optimization of planar cam mechanisms with Oscillating Roller-Followers”, D. Korunoski, H. Mickoski, M.Radinski (2011, Габрово, Бугарија). | 1,6 |
| 7 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: “PD Fuzzy control of manipulation robot and simulation in MATLAB/Simulink”, H. Mickoski, D. Korunoski, I.Mickoski (2011, Габрово, Бугарија). | 1,6 |
| 8 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: “Optimal design of planar cam mechanisms with oscillating roller-followers by using matlab/simulink”, D. Korunoski, H. Mickoski, I. Mickoski, (2012, Прага, Чешка Република). | 2,4 |
| 9 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: “Mathematical | 1,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | modeling of work of modern friction-polymer shock absorbers by taking into consideration exploitation factors", H. Mickoski, I.Mickoski, D. Korunoski, (2012, Ниш, Србија). | |
| 10 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: "Analyze of influence of various factors to the braking road of rail vehicles, modelling and simulation in MATLAB/Simulink", H. Mickoski, I. Mickoski, B. Pavlov (2013, Бања Лука, Босна и Херцеговина). | 2,4 |
| | **Вкупно** | 23,4 |

## III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на лабараторија | 1 |
| 2 | Експертски активности: стручна ревизија-учесник, ,,Технички извештај од извршени мерења на проток на воздух во вентилационите канали и дистрибутивните елементи ”, И. Мицкоски, Х. Мицкоски (WIG Призрен, Р. Косово, 2010, Скопје, Македонија). | 0,5 |
| 3 | Експертски активности: стручна ревизија-учесник, ,,Технички извештај за одредување на ресурс на пароводи, колектори и грејни површини на БЛОК 1 во ТЕ - РЕК Битола после одработени 200000 часа ”, И. Мицкоски, Х. Мицкоски (ЕЛЕМ-Електрани на Македонија, 2011, Скопје, Македонија). | 0,5 |
| 4 | Експертски активности: стручна ревизија-одговорен, ,,Технички извештај од контролни пресметки на цевни колена на пароводи за свежа,топла и ладна пареа, определување на преостанат ресурс и препораки за идни испитувања во ТЕ Осломеј ”, Х. Мицкоски (ЕЛ-ТЕ Инженеринг, 2011 Скопје, Македонија). | 1 |
| 5 | Експертски активности: стручна ревизија-учесник, ,,Технички извештај за одредување на ресурс на пароводи, колектори и грејни површини на БЛОК 3 во ТЕ - РЕК Битола после одработени 166111 часа ”, И. Мицкоски, Д. Коруноски, Х. Мицкоски (ЕЛ-ТЕ Инженеринг, 2011 Скопје, Македонија). | 0,5 |
| 6 | Експертски активности: стручна ревизија-учесник, ,,Технички извештај за одредување на ресурс на пароводи, колектори и грејни површини на БЛОК 2 во ТЕ - РЕК Битола после одработени 196392 часа ”, И. Мицкоски, Д. Коруноски, Х. Мицкоски (ЕЛ-ТЕ Инженеринг, 2011 Скопје, Македонија). | 0,5 |
| 7 | Ревизија-учесник, ,,Ревидентски извештај од извршениот преглед на основниот проект за изградба на МХЕ-236 на р. Коњарка”, И. Мицкоски, Х. Мицкоски (ЕЛ-ТЕ Инженеринг, 2011 Скопје, Македонија). | 0,5 |
| 8 | Ревизија-учесник, ,,Ревидентски извештај од извршениот преглед на основниот проект за изградба на МХЕ-372 на р. Ештеричка”, И. Мицкоски, Х. Мицкоски (ЕЛ-ТЕ Инженеринг, 2012 Скопје, Македонија). | 0,5 |
| 9 | Главен (основен проект)-одговорен проектант, ,,Основен проект за изградба на МХЕ-97 на р. Бистрица”, Х. Мицкоски (СН Проект ДООЕЛ експорт-импорт, 2012 Скопје, Македонија). | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Главен (основен проект)-одговорен проектант, ,,Основен проект за изградба на МХЕ-98 на р. Бистрица”, Х. Мицкоски (СН Проект ДООЕЛ експорт-импорт, 2012 Скопје, Македонија). | 4 |
| 11 | Главен (основен проект)-одговорен проектант, ,,Основен проект за изградба на МХЕ-99 на р. Бистрица”, Х. Мицкоски (СН Проект ДООЕЛ експорт-импорт, 2012 Скопје, Македонија). | 4 |
| 12 | Главен (основен проект)-одговорен проектант, ,,Основен проект за изградба на МХЕ-125 на р. Гошинци”, Х. Мицкоски (СН Проект дооел експорт-импорт, 2012 Скопје, Македонија). | 4 |
| 13 | Превод - дел од книга: “Моделирање и управување на роботите”, Марк В. Спонг, Сет Хатчисон, М. Видјасагар (“Robot Modeling and Control”, Mark W. Spong, Seth Hutchinson, and M. Vidyasagar) | 1 |
| 14 | Превод - дел од книга: “Прирачник за роботика и за автоматизација”, Томас Р. Курфес(“Robotics and Automation Handbook”, Thomas R. Kurfess) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 15 | Студиски престој во странство – до 3 месеци, “Vienna University of Technology”, период: 9.6-16.6.2011 | 0,5 |
| 16 | Студиски престој во странство – до 3 месеци, “Technical University Sofia, Faculty of Mechanical Engineering”, период: 7.12-10.12.2011 | 0,5 |
| 17 | Студиски престој во странство – до 3 месеци, “Technical University Sofia, Faculty of Mechanical Engineering”, период: 29.5-2.6.2012 | 0,5 |
| 18 | Член на факултетска комисија: член на Комисија за спроведување на конкурсот за запишување нови студенти во I година на прв циклус студии во учебната 2012/2013 година на Машинскиот факултет во Скопје. | 0,5 |
| 19 | Учество во комисии и тела на државни и други органи: претседател на Комисијата за еквиваленција и признавање на странски високообразовни квалификации или дел од високообразовните студии од научните подрачја за природно-математичките науки, Министерство за образование и наука, Република Македонија. | 1 |
| 20 | Учество во комисии и тела на државни и други органи, Матурски одбор | 1 |
| | **Вкупно** | 27 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 61,768 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 23,4 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 27 |
| **Вкупно** | 112,168 |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Емилија Ветаџокоска, с.р.
Машински факултет, УКИМ-Скопје
(редовен професор во пензија)

2. Проф. д-р Даме Коруноски, с.р.
Машински факултет, УКИМ-Скопје

3. Проф. д-р Кочо Анѓушев, с.р.
Машински факултет, УКИМ-Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО ЕИНТ:ТАКТИЛНО-КИНЕСТЕТИЧКА СТИМУЛАЦИЈА И НЕДОНОСЕНИ СО МНОГУ НИСКА РОДИЛНА ТЕЖИНА“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВАЛЕНТИНА ДУКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ - ИНСТИТУТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА

Со Одлука бр. 0903-1028/09, донесена на VII редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, одржана на 30.5.2014 година, беше формирана Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: „Рана интервенција во ЕИНТ: тактилно-кинестетичката стимулација и развојот кај недоносени со многу ниска родилна тежина“, поднесена од м-р Валентина Дуковска, во состав: проф. д-р Зора Јачова, проф. д-р Горан Ајдински, проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ, проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова и проф. д-р Филип Дума. Избраната Комисија до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Валентина Дуковска, со наслов „Рана интервенција во ЕИНТ: тактилно-кинестетичката стимулација и развојот кај недоносени со многу ниска родилна тежина”, третира актуелна проблематика од областа на високоризичните новородени, односно недоносените со многу ниска родилна тежина, поврзана со системот на рана интервенција, односно рана стимулација, при што анализира еден конкретен метод, кој има практично значење за подобрување на резултатите од системот на рана интервенција.

Докторската дисертација е презентирана на 248 страници, со 206 цитирани референтни единици. Трудот е структуриран во 6 дела: вовед, теоретски основи, методологија на истражување, анализа на резултати, заклучоци, дискусија и литература.

Во воведот, кандидатката го објаснува мотивот, целта и потребата за едно вакво истражување, кое би придонело кон поуспешни резултати во раната интервенција и развојната неврологија, преку подобрување на психомоторниот развој кај недоносените со многу ниска родилна тежина.

Теоретскиот пристап содржи 6 тематски подрачја, кои даваат јасен приказ за карактеристиките на недоносените со многу ниска родилна тежина, потребата од рана интервенција, рана стимулација и нејзиното влијание врз психомоторниот развој кај оваа група на високоризични новородени.

Во првото тематско подрачје, кандидатката ги обработува карактеристиките на недоносените со многу ниска родилна тежина, од физичко, биолошки и физиолошки аспект, кои имаат влијание врз психомоторниот развој кај оваа група

новородени. При тоа, кандидатката истакнува дека процентот на преживување на недоносените се зголемува, со што оваа група на високоризични новородени заслужува сериозен пристап и особено детално го обработува централниот нервен систем и влијанието на ризиците и стимулацијата врз неговиот развој, што има директно влијание врз невроразвојниот исход. Во второто и третото тематско подрачје, кандидатката детално го обработува психомоторниот развој, како уредниот, така и (а што е од особено значење ги обработува специфичните карактеристики на психомоторниот развој кај недоносените) развојните одложувања и последици. Кандидатката м-р Валентина Дуковска дава јасен приказ на сите области од развојот, моторен развој, сензорен развој, однесување и социјален развој, когнитивен развој, со што се утврдуваат причините и потребата за рана интервенција, како и потребата за ова истражување. Во четвртото тематско подрачје, кандидатката го дефинира поимот рана интервенција, давајќи увид во дефеници од повеќе истакнати светски истражувачи во ова поле, ги претставува моделите на рана интервенција како и клучните аспекти и принципи на успешно организиран систем на рана интервенција. Кандидатката обработува неколку програми за рана интервенција, кои во светски рамки се докажани како програми со позитивно дејствување врз психомоторниот развој кај недоносените.

Во петтото тематско подрачје кандидатката се задржува на потесно и поспецифично подрачје, а тоа е раната интервенција во ЕИНТ. Давајќи приказ на развојот на раната интервенција во ЕИНТ во последните 30 години во светски рамки, дава увид во  еден пат кој треба да се следи за развој на истата на наши простори. Анализирајќи ги резултатите од програмите за рана интервенција во ЕИНТ, кандидатката заклучува дека развојната програма во ЕИНТ, која има холистички пристап кон поединецот-пациентот и семејството, преставува комбинација од медицинска и развојна грижа и ги почитува развојните потреби на новороденото, со што води кон намалување на ризиците и оптимализација на невроразвојниот исход кај недоносените.

Во шестото тематско подрачје кандидатката дава приказ на повеќе методи за рана стимулација. Таа врши нивна длабока теоретска обработка  и преку преставување на повеќе релевантни истражувања го потврдува нивното позитивно влијание врз психомоторниот развој кај недоносените со многу ниска родилна тежина. Докажано е нивното влијание врз моторниот, социјалниот и когнитивниот развој. Понатаму кандидатката прави детална обработка на тактилно – кинестетичката стимулација, која е и предмет на истражување во докторската дисертација. Кандидатката ја истакнува важноста на тактилната и кинестетичката стимулација во најраниот развоен период која се базира на најразвиените сензорни системи во моментот на предвременото породување, а тоа се системот за тактилна и кинестетичка дразба. Овие дразби аплицирани со правилен интензитет делуваат на развојот и структурата на ЦНС. Релевантните истражувања кои кандидатката ги преставува од почетокот на употребата на методот до истражувањата со најнов датум, го потврдуваат влијанието на тактилно – кинестетичката стимулација кај недоносените со многу ниска родилна тежина. Ефектите на тактилно – кинестетичката стимулација се краткотрајни, како влијание врз стабилизирање на медицинската состојба, побрз пораст на телесната

тежина и намалување на деновите на престој во ЕИНТ. Долготрајните ефекти на тактилно – кинестетичката стимулација се подобар моторен развој, подобар социјален и когнитивен развој.

Во третиот дел, кој се однесува на методологијата на истражување, кандидатката го дава предметот на истражувањето, а тоа е влијанието на тактилно–кинестетичката стимулација врз развојот кај недоносените со многу ниска родилна тежина, во единицата за интензивна нега и терапија. Истражувањето е експлоративна студија со карактеристики на применето, развојно и евалуациско истражување. Целта на истражувањето е утврдување на ефектите на тактилно–кинестетичката стимулација врз порастот на тежината и врз постигнувањата во психомоторниот развој кај недоносените со многу ниска родилна тежина. Примерокот се состои од 50 недоносени со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена тактилно – кинестетичка стимулација и 50 недоносени со многу ниска родилна тежина во контролната група. Хипотези на истражувањето се: Општа хипотеза: Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена тактилно–кинестетичка стимулација покажуваат подобар развоен исход во однос на контролната група на крајот на 24. месец КГВ.

Посебни хипотези:

1. Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена тактилно–кинестетичка стимулација покажуваат подобар моторен развој во однос на контролната група на крајот на 24. месец КГВ.
2. Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена тактилно–кинестетичка стимулација покажуваат подобар социјален развој во однос на контролната група на крајот на 24. месец КГВ.
3. Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена тактилно–кинестетичка стимулација покажуваат подобар когнитивен развој во однос на контролната група на крајот на 24. месец КГВ.
4. Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена тактилно–кинестетичка стимулација покажуваат поголем пораст на тежината во однос на контролната група.

Зависните варијабли претставуваат квантитативни мерни единици добиени со примена на соодветни мерни инструменти, а кои воедно служат како мерка на ефектите од применетиот третман на тактилно-кинестетичка стимулација. Развојните постигнувања се добиваат со примена на Griffiths developmental tests. Психомоторниот развој е следен до крајот на 24. месец коригирана гестациска возраст.

Во четвртиот дел, кандидатката м-р Валентина Дуковска прави анализа на резултатите од статистичката обработка и верификација на хипотезите.
Во петтиот дел, кандидатката ги извлекува следниве заклучоци:

1) Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена тактилно–кинестетичка стимулација покажуваат подобар развоен исход во однос на контролната група на крајот на 24. месец КГВ.

2) Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена тактилно–кинестетичка стимулација покажуваат подобар моторен развој во однос на контролната група на крајот на 24. месец КГВ.
3) Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена тактилно–кинестетичка стимулација покажуваат подобар социјален развој во однос на контролната група на крајот на 24. месец КГВ.
4) Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена тактилно–кинестетичка стимулација покажуваат подобар когнитивен развој во однос на контролната група на крајот на 24. месец КГВ.
5) Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена тактилно–кинестетичка стимулација покажуваат поголем пораст на тежината во однос на контролната група, за време на спроведувањето на ТКС.
6) Лонгитудиналното следење на развојните способности и анализата на резултатите покажуваат дека постои значајна разлика во генералниот развоен исход помеѓу експерименталната и контролната група на крајот на сите развојни мерења, а разликата е најголема на крајот на 3. и на крајот на 24. месец КГВ.
7) Тактилно–кинестетичката стимулација прави значајна разлика во развојните постигнувања во локомоториката, помеѓу недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена ТКС и контролната група , и разликата е најголема на крајот на 3. месец КГВ, а најмала на крајот на 24. месец КГВ.
8) Тактилно–кинестетичката стимулација прави значајна разлика во развојните постигнувања во персонално-социјалните односи, помеѓу недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена ТКС и контролната група , а разликата е најголема на крајот на 3. и 6. месец КГВ.
9) Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена ТКС покажуваат значајно подобри развојни постигнувања во областа слух-говор, во однос на контролната група, а разликата е најголема на крајот на 24. месец КГВ.
10) Недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена ТКС, во однос на контролната група, во областа око-рака координација, покажуваат најголема разлика на крајот на 3. месец и на крајот на 18. месец КГВ.
11) Тактилно–кинестетичката стимулација прави значајна разлика во развојните постигнувања во областа способности, помеѓу недоносените со многу ниска родилна тежина кај кои е спроведена ТКС и контролната група, а разликата е најголема на крајот на 24. месец КГВ.
12) Резултатите од мултиваријантната поврзаност помеѓу генералниот развоен коефициент како зависна варијабла и развојните коефициенти од различни развојни области како независни параметри, покажуваат дека најголемо влијание врз генералниот развоен исход во 3., 6. и 9. месец има локомоториката.
13) На крајот на 12. месец најголемо влијание врз генералниот развоен исход имаат развојните постигнувања во областа способности.
14) На крајот на 18. месец најголемо влијание врз генералниот развоен исход имаат развојните постигнувања во областа слух-говор.

15) На крајот на 24. месец најголемо влијание врз генералниот развоен исход имаат развојните постигнувања во областа око-рака координација.
16) При анализа на резултатите од развојните постигнувања во одредена развојна област во одделните развојни периоди, во рамките на експерименталната група, се заклучува дека во областа локомоторика не постои статистички значајна разлика помеѓу развојните способности на крајот на 3. и 24. месец.
17) При анализа на резултатите од развојните постигнувања во одредена развојна област во одделните развојни периоди, во рамките на експерименталната група, се заклучува дека во областа персонално-социјални односи постои статистички значајна разлика помеѓу развојните способности на крајот на 3. и 24. месец. Просечните вредности се поголеми на крајот на 3. месец.
18) Во рамките на експерименталната група, во областа слух-говор постои значајна разлика помеѓу развојните способности на крајот на 3. и 24. месец.
19) На крајот на 3. месец, ТКС прави најголема разлика помеѓу недоносените со многу ниска родилна тежина и контролната група во развојот на крупната моторика и способностите, односно когнитивните способности кои во овој период се на ниво на сензомоторна активност.
20) На крајот на 6. месец, ТКС прави најголема разлика помеѓу недоносените со многу ниска родилна тежина и контролната група во развојот на персонално-социјалните односи.
21) На крајот на 9. месец, ТКС прави најголема разлика помеѓу недоносените со многу ниска родилна тежина и контролната група во развојот на крупната моторика.
22) На крајот на 12. месец, ТКС прави најголема разлика помеѓу недоносените со многу ниска родилна тежина и контролната група во развојот на областа способности.
23) На крајот на 18. месец, ТКС прави најголема разлика помеѓу недоносените со многу ниска родилна тежина и контролната група во развојот на говорот.
24) На крајот на 24. месец, ТКС прави најголема разлика помеѓу недоносените со многу ниска родилна тежина и контролната група во развојот на когнитивните способности.
25) Резултатите на Kendall Coeff, односно просечната ранг-корелација меѓу просечните вредности на телесната тежина по денови, укажуваат на јака корелација во порастот на телесната тежина помеѓу деновите во експерименталната група и слаба корелација во контролната група.

Во шестиот дел, м-р Валентина Дуковска во дискусијата прави паралела на резултатите и заклучоците со релевантни светски истражувања. Главните препораки на кандидатката се:

- менување на филозофијата за третманот на високоризичните новородени;
- SEISMIC TEST-QUALIFICATION by Time History Shaking Table Testing of Current Transformer AGU–123 with rubber bearings, Manufactured by KONČAR Instrument transformers Inc., IZIIS 2014 – 03;
- АНАЛИЗА НА ДИНАМИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДЕСЕТ КАТНА СТАМБЕНА ЗГРАДА СО ПРИМЕНА НА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА ТЕХНИКА НА ПРИНУДНИ ВИБРАЦИИ И МЕРЕЊЕ НА АМБИЕНТАЛНИ ВИБРАЦИИ, февруари 2014;
- Мерење на амбиентални вибрации на зграда на OBSE/OSCE во Приштина, март 2014;
- SEISMIC TEST-QUALIFICATION by Time History Shaking Table Testing of Current Transformer AGU–245, Manufactured by KONČAR Instrument transformers Inc., IZIIS 2014 – 32;
- Мерење на амбиентални вибрации на црквата ,,Св. Ѓорѓи" , с. Курбиново, Ресен, мај 2014.

## ЗАКЛУЧОК

Од претходно изнесените активности на кандидатот може да се заклучи дека се работи за трудољубив, исполнителен и одговорен истражувач кој има постигнато забележителни резултати во стручната и научноистражувачката дејност со постојан стремеж кон понатамошен напредок и усовршување.

Врз основа на приложената документација, познавањето на кандидатот и неговите досега постигнати резултати во апликативната и научноистражувачката активност, ни претставува чест и задоволство на Научниот совет на ИЗИИС при УКИМ да му предложиме кандидатот м-р Никола Наумовски да биде избран во звањето асистент од областа на земјотресното инженерство.

Рецензентска комисија

Д-р Михаил Гаревски,
редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Зоран Ракичевиќ,
редовен професор, член, с.р.

Д-р Голубка Нечевска-Цветановска,
редовен професор, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА “ЖИВОТНО И КАПИТАЛНО-ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ” ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ ИГОР ИВАНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.64/00,49/03, 113/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а според Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, бр. 09031433/2, донесена на седницата одржана на 30.5.2014 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: “Животно и капитално-пензиско осигурување и економскиот развој”, поднесена од кандидатот м-р Игор Ивановски. По прегледувањето на трудот, Комисијата пред членовите на Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација под наслов “Животно и капитално-пензиско осигурување и економскиот развој”, изработена од кандидатот м-р Игор Ивановски, претставува самостоен научен труд претставен на 359 страници, 344 страници основен текст и 15 страници литература. Докторската дисертација е проверена преку електронскиот систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудовите при Министерството за образование и наука и покажува 5,94% совпаѓање со други трудови.

Докторскиот труд е конципиран и изработен во неколку засебни и методолошко поврзани целини, и тоа: вовед, пет глави, заклучок и користена литература. Општата структура на докторската дисертација е следна:

Вовед

Глава I УЛОГАТА НА ЖИВОТНО И КАПИТАЛНО-ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СОВРЕМЕНАТА ЕКОНОМИЈА

Глава II АКТУАРСКИТЕ ОСНОВИ НА ЖИВОТНО И КАПИТАЛНО-ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Глава III УПРАВУВАЊЕ СО ОСИГУРИТЕЛНИТЕ ФОНДОВИ

Глава IV ЗНАЧЕЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ОСИГУРИТЕЛНИТЕ ФОНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Глава V КВАНТИТАТИВНИ МОДЕЛИ ЗА КОРЕЛАЦИЈА НА ЖИВОТНО И КАПИТАЛНО-ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ СО ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ

Заклучни согледувања

Користена литература

Во воведот на докторската дисертација, кандидатот дава кус преглед на предметот и целта на истражувањето, заедно со применетата методологија и изворите на податоци користени при истражувањето. Исто така, во овој дел, кандидатот дава и кусо образложение на тезите поставени во докторската дисертација.

Во првата глава насловена „УЛОГАТА НА ЖИВОТНО И КАПИТАЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СОВРЕМЕНАТА ЕКОНОМИЈА", кандидатот врши одделна и паралелна длабинска, сеопфатна и детална анализа за фундаменталните карактеристики, функции, улога и влијание на животно осигурување и капитално финансираното пензиско осигурување во современата економија. Во таа анализа, кандидатот врши засебна евалуација на улогата на двата сектора во акумулацијата, алокацијата и супституцијата на заштедите и во нивното функционирање како најголеми и најзначајни институционални инвеститори во современата економија. Притоа, тој се осврнува и на еволутивниот развој на животното и капитално финансираното пензиско осигурување, заклучно со предизвиците и проблемите со кои се соочуваат двата сектора во актуелниот временски период, по последната светска финансиска криза. Кандидатот, преку елаборацијата на перформансите на секторите во идентичните концептуални улоги во рамките на финанскиот систем, врши нивна компаративна анализа, но во исто време се осврнува и на одредените дистинктивни елементи и разлики. Со оглед на фактот, што животното и капитално финансираното пензиско осигурување се сигнификантни делови на финансискиот систем, кандидатот во првата глава врши дополнителна компарација на животното и капитално финансираното пензиско осигурување со банкарскиот сектор, како доминантен сегмент на финансискиот систем, нивните сличности, разлики и интеракции како што ги нотира и бројните елементи кои ги детерминираат побарувачката и функционалните карактеристики на секторите. Во таа анализа, кандидатот спроведува опсежна и актуелна анализа на теоретските и емпириските истражувања за двата сектора, во поновата релевантна и академска литература, со што дополнително ја збогатува авторската анализа која ја спроведува во првата глава.

Во втората глава, „АКТУАРСКИТЕ ОСНОВИ НА ЖИВОТНО И КАПИТАЛНО-ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ„, кандидатот најнапред ги проучува техничките основи на животното и капитално финансираното пензиско осигурување. Имено, тој се осврнува детално и прецизно на апликацијата на актуарските методи и модели во основата на функционирањето на двата сектора, како посебна функционална карактеристика, која ги разликува од останатите финансиски сектори. Во таа анализа, кандидатот, покрај освртот на морталитетните таблици и каматниот фактор како доминантни актуарски претпоставки, спроведува детален приказ на актуарските пресметки на премијата како цена на ризикот, во бројни модели иманентни за животното осигурување, со што дополнително навлегува во самата операционализација на актуарското моделирање, како што ги нотира и актуарските основи на капитално финансираното пензиско осигурување, кои во најголема мера се идентични со животното осигурување, особено во процесот на исплата на пензиите-ануитетите, како резултат на конвергенцијата на двата сектора, имајќи ја предвид реформата на пензиските системи и нивната транзиција кон системите на капитално финансирано пензиско осигурување.

Во главата „УПРАВУВАЊЕ СО ОСИГУРИТЕЛНИТЕ ФОНДОВИ”, кандидатот, по претходно извршената теоретска и актуарска анализа на секторите, се концентрира на истражување на процесот на апликација на менаџментот со ризикот, како фундаментален дел од бизнис-моделот на животното и капитално финансираното пензиско осигурување. Во оваа глава, покрај генералните карактеристики на ризикот и управувањето со него, кандидатот врши опширна евалуација на базичниот концепт и моделите на корпоративното управување, како доминантен систем на управување во финансиските системи, и го дефинира, преку актуелни примери во академската дебата, односот на корпоративното управување со финансиските пазари и институционалните инвеститори. По тој вовед во третата глава, кандидатот особено се осврнува на моделите, начините на апликација и актуелните проблеми на корпоративното управување со животното и капитално финансираното пензиско осигурување, со што се добива заокружена слика на концептот и идниот развој на моделите на управување со двата сектора. Анализата во оваа глава, кандидатот ја завршува со авторска анализа на модалитетите на регулација и супервизија на двата сектора, и со лично видување на елементите на екстерното окружување кои влијаат на функционирањето и развојот на животното и капитално финансираното пензиско осигурување.

Во четвртата глава „ЗНАЧЕЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ОСИГУРИТЕЛНИТЕ ФОНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, кандидатот се концентрира на специфична и многу значајна анализа на животното и капитално финансираното пензиско осигурување во Република Македонија. Тој на опширен начин го сецира вкупниот осигурителен пазар во државата за да продолжи со конкретна анализа на пазарот на животното осигурување, преку нотирање на најзначајните елементи и параметри. Во таа анализа, кандидатот дава и свои видувања за факторите кои го детерминираат досегашниот развој на животното осигурување и понудува мислење за идните очекувања. На идентичен начин, кандидатот врши генерална анализа на пензискиот систем во државата, неговата архитектура, проблеми и тековна реформа со воведувањето на капитално финансираното пензиско

осигурување. Преку детален приказ на најважните показатели, тој врши пресек на досегашното функционирање на вториот и третиот столб на капитално финансирано пензиско осигурување, посочувајќи ги сите конкретни позитивни и ограничувачки елементи кои влијаат и на системот во целина и на работењето на постојните пензиски фондови, како основа за препораките кои ги презентира на крајот на трудот. Ваквиот пристап го збогатува трудот, и го прави од особена важност за научната анализа на двата сектора, имајќи предвид дека тие се уште се во развој, и се соочуваат со сериозни предизвици, за чие надминување е нужен и академски придонес, интегриран со институционалната и регулативна активност и акција, за што кандидатот дава и авторско мислење на крајот од оваа глава.

Во последната глава, „КВАНТИТАТИВНИ МОДЕЛИ ЗА КОРЕЛАЦИЈА НА ЖИВОТНО И КАПИТАЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ СО ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ”, кандидатот ги заокружува своите истражувања, преку оригинално емпириско истражување и проверка на теоретските модели за каузалната релација помеѓу животното и капитално финансираното пензиско осигурување со економскиот раст, како основна анализа на трудот. Емпириската анализа кандидатот ја спроведува на примерок на расположливите податоци за двата сектора во Република Македонија, користејќи современа и напредна квантитативна анализа и економетриски софтвер. Истражувањето на кандидатот е мултистепено, односно тој спроведува корелациона анализа со конкретни наоди, за врз основа на нив, да продолжи со регресиона анализа на две нивоа, преку конструкција на прости и сложени регресиони модели во кои се содржани индикаторите на растот, животното и капитално финансираното пензиско осигурување, но и дополнителни варијабли, за кои се испитува меѓусебното влијание. За секој од моделите, кандидатот дава и соодветна експликација и графички приказ на резултатите. Кандидатот продолжува со истражувањето, преку креирање и користење на векторските авторегресивни модели (VAR), за што овозможува и детална теоретска елаборација, и се задржува на моделот на коинтеграција, преку која врши проверка на суштинската поврзаност и каузалност помеѓу секторите и економскиот раст во Република Македонија, на ова ниво, а со цел да се открие потенцијалната каузалност која е основа за начинот на развој на секторите и нивното влијание на растот на БДП. Тестирањето на контеграцијата кандидатот го спроведува преку светски признатиот и користен Грејнџеров тест на каузалност, имајќи ги предвид наодите на VAR-моделите. Во тој тест, кандидатот поставува хипотези за каузалната релација меѓу нотираните варијабли, чии статистички значајни резултати соодветно ги интерпретира, и извлекува заклучоци од истражувањето.

Конечно, во ЗАКЛУЧОКОТ, кандидатот дава финален пресек на теоретско-емпириските наоди за генералната и конкретната улога, функционирање и влијание на животното и капитално финансираното пензиско осигурување во современата економија, содржани во првата, втората и третата глава. Многу повеќе, во детална анализа, тој се задржува на конкретни и бројни препораки за функционирањето, управувањето и институционално-супервизорските елементи на животното и капитално финансираното пензиско осигурување во Република Македонија. На тој начин, имајќи ја предвид квалитативната анализа во четвртата

глава и резултатите од корелационите, регресионите и коинтеграционите модели од квантитативното истражување во петтата глава, кандидатот овозможува авторско и научно фундирано видување за сопствените препораки за понатамошното функционирање на животното и капитално финансираното пензиско осигурување, особено во делот на зајакнување на осигурителната пенетрација и густина на животното осигурување и зајакнување на капацитетот на капитално финансираните пензиски фондови во генерирањето на повисок принос на средствата на осигурениците, како и во подобрување на инвестициониот менаџмент на двата сектора, со што би се овозможило и повратно влијание на животното и капитално финансираното пензиско осигурување во развојот на финансискиот систем и зголемување на економскиот раст на Република Македонија.

## ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Иако, во економијата, како што е впрочем и во сите општествени науки, законите дејствуваат како тенденција, значи низ бројни отстапувања и исклучоци, сепак таа се вбројува во доменот на најквантитативните општествени науки. Оттука, голем број економски проблеми, низ користење на адекватна математичко-статистичка апаратура, можат да се моделираат, односно квантитативно да се дефинираат. Овие карактеристики се посебно иманентни за животно и капитално финансирано пензиско осигурување, бидејќи со примена на одредени модели од теоријата на веројатноста, теоријата на игри, теоријата на ризикот, со голема извесност може да се предвиди износот на: веројатните дисконтирани идни уплати или исплати, премиските резерви, резервираните штети, маргините на солветноста, максималната веројатна штета и тн. Кандидатот во своите истражувања ги аплицира методите и моделите на регресионата и дискриминационата анализа со цел да го утврди интензитетот на меѓузависноста помеѓу животното и капитално финансираното пензиско осигурување и економскиот развој. Овие истражувања, дали овие економски процеси се компатабилни или не, односно дали динамиката или рецесијата на економскиот развој директно се рефлектира врз развојот на животното и капиталното финансирано пензиско осигурување во нашите научни простори, било маргинално проучувано.

Интегрален дел на докторската дисертација претставуваат и заклучните согледувања, во кои се синтетизирани завршните согледувања од целокупното истражување во докторската дисертација. Во тие рамки, кандидатот укажува на тоа дека проблематиката поврзана со животно и капитално финансираното пензиско осигурување и економскиот развој е мошне актуелна, комплексна и суптилна материја, која е недоволно научно третирана во нашата економска литература.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Игор Ивановски посебно ги потенцира следниве квалитети на трудот и придонеси на кандидатот во истражувањето на оваа проблематика: прво, конзистентен аналитички преглед на развојот и еволуцијата на животно и капитално пензиско осигурување; второ, повеќеслојна аналитичка рамка за постојното место, улога, значење на животното и капитално финансираното пензиско осигурување во рамките на финансискиот систем; трето, суштински и темелен осврт на состојбите

на животното и капитално финансираното пензиско осигурување во Република Македонија; четврто, значаен придонес во квантитативното дефинирање на меѓузависноста на животното и капитално финансираното пензиско осигурување и економскиот развој во Република Македонија; петто, заокружен, конкретен и оригинерен пристап во дефинирањето на перформансите и идното функционирање на животното и капитално финансираното пензиско осигурување и особено нивното влијание врз развојот на финансискиот систем и економскиот раст на Република Македонија.

Врз основа на погоре изнесените констатации и квалитативни особености на трудот, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: “Животно и капитално-пензиско осигурување и економскиот развој”, поднесена од м-р Игор Ивановски, заклучува дека кандидатот адекватно владее со истражуваната материја и дека поднесениот труд ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје:

1. да го прифати и усвои извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов, “Животно и капитално-пензиско осигурување и економскиот развој”;

2. да му дозволи на кандидатот м-р Игор Ивановски јавна одбрана на докторската дисертација.

Членови на Комисијата

1 Проф. д-р Драге Јанев с.р.

2. Проф. д-р Бобек Шуклев с.р.

3. Академик Таки Фити с.р.

4. Проф. д-р Славе Ристески с.р.

5. Проф. д-р Ристо Христов с.р.

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК / ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ**

На својата редовна седница, одржана на 5. 6. 2014 г., СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на доц. д-р Софија Грандаковска во звањето виш научен соработник / вонреден професор.

Откако ги прегледа материјалите, доставени по конкурсот објавен во „Утрински весник" на 16. 5.2014 г., број 4484, година XV, Рецензентската комисија, во согласност со предвидените пропозиции од *Законот за начноистражувачка дејност*, *Законот за високтоо образование* и *Правилникот за начинот и постапката за избор* во звањето виш научен соработник / вонреден професор, има чест до Советот на ИНИ, да му го предложи следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Доц. д-р Софија Грандаковска е родена на 13. 6.1973 г. Дипломирала на Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Р. Македонија, на тема: „Интермедијалните аспекти на иконата (во теолошки, семиотички и сликарски контекст)" (1999). На истата Катедра, Грандаковска ја одбранила магистерската теза: „Говорот на молитвата" (2007), како и докторската дисертација „Богородичниот акатист во контекст на византиската химнографија" (2009), со што се стекнала со звањето доктор на филолошки науки.

Добитник е на повеќе научни признанија, меѓу кои: „Вита Поп-Јорданова" за најдобар млад научник во областа на книжевната наука, според меѓународна класификација, доделено од Македонската академија на науките и уметностите (2006), Плакета во знак на афирмација на Универзитетот „Свв. Кирил и Методиј" во Скопје (2006), Национално признание од Владата на РМ во 2006 г., како носител на признанието „Најдобар млад научник", Специјално признание од Форд Грант и Музејот на Град Скопје (2004) за научноистражувачкиот проект „Историјата на женското монаштво во Македонија".

Доц. д-р Грандаковска има работно искуство на: Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан" како научен соработник (2009-2013 год), претходно, работела како професор во Гимназијата „Раде Јовчевски Корчагин" (1999-2000) и во Меѓународни училишта „Нова" (2004-2007) и како асистент-истражувач во Македонската академија на науките и уметностите (2000-2003 и 2007-9). Во моментов, д-р Грандаковска не е во редовен работен однос во ниту една институција.

**Опис и оцена на научноистражувачката работа на доц. д-р Софија Грандаковска**

Приложената био-библиографија на доц. д-р Софија Грандаковска покажува дека нејзината севкупна научноистражувачка работа им припаѓа на интердисциплинарните, компаративни книжевни и културни студии, со потесен интерес кон областите на византологијата и студиите на холокаустот. Втемелена врз принципите на културолошка интерпретација на историските факти и врз методолошкиот баланс со историјата,

нејзината научноистражувачка постапка е маркирана како методолошки повеќеслојна, оттука и интердисциплинарна. Оваа конститутивна одлика на истражувачката работа на доц. д-р Софија Грандаковска ја презентира и спецификата на нејзините индивидуални резултати во истражувачките теми и проекти со иманентен компаративен контекст, по однос и во врска со одделните културно-историски амбиенти и конкретните историски епохи кои до сега ги проучувала.

Како поткрепа на погоре кажаното, треба да се има предвид дека книжевноста е основната алката, со посредство на која се вкрстуваат повеќе хуманистички и општествени науки (како: историјата, историјата на уметноста, современите теории на културата, теологијата), потем, историските епохи и книжевните поетики (старо-еврејската, византиската, средновековната поетика и нејзините апликаци во фрескописот и современото сликарство, во модерната книжевност и современата историја).

Во тој контекст, како илустративни примери, ќе наведеме неколку наслови од нејзините објавени студии во Македонија и во странство: монографското научно дело „Портретот на сликата" (2010), составено од дванаесет поглавја, коавторската студија „Средновековна уметност, архитектура и архитектура" (во рамките на монографијата „Македонија: милениумски културноисториски факти", 2013), "Creating History: Early Byzantine Literature and its Presentment in XIVth Century Fresco-Painting" ("Nish and Byzantium", 2011), „Богородичниот Акатист и византиската химнографија" („Патримониум", 2011), "Multiplied Story: Biblical Text, Nerezi, Giotto and Contemporary Macedonian Poetry" ("Konštantinove listy", 2009), „Анонимното творештво во движниот археолошки материјал на територијата на Македонија" („Развојот на македонската литература",2011), "Curating the Culture" Spelling and Misspelling of the Balkans Towards EU," ("Integrating Differences", 2009) и 'Lightness of the Dissident, Brightness of the Critical Mind' ("Playing by the Rules: Alternative Thinking/Alternative Spaces", 2010).

Сите овие трудови се посветени на македонската книжевност и уметност, како интертекстуална придобивка од рановизантиската, византиската и поствизантиската епоха, а во контекст на историско-културните импликации кон современата култура и историја. Особено е значаен и фактот дека доц. д-р Грандаковска била раководител на меѓународниот научноистражувачки проект "The Universal Character of Saint Clement's Enlightenment and of Medieval Literature and Art in Macedonia" (2010), посветен на стратешкото толкување на македонското книжевно-културно наследство во рамките на историското византиско наследство, реализиран низ едукативна програма на постдипломско ниво. Покрај тоа, д-р Грандаковска била раководител и на научноистражувачкиот проект „Византискиот модел на жената и современото женско монашво и култура во Македонија" (2010-11), со фокус врз историските аспекти при проследувањето на монашкиот дискурс.

Конзистентноста на компаративната истражувачка постапка и општиот истражувачки профил на д-р Грандаковска се потврдува и во нејзините континуирани проучувања, кои се однесуваат на студиите на холокаустот и еврејските студии, со дистинктивно пројавен интерес токму кон Евреите од Македоија. Иако холокаустот е примарно историски ентитет, проучувањата и резултатите на доц. д-р Грандаковска во оваа област примарно се вбројуваат во епистемолошкиот контекст на компаративните културни студии, допирајќи ги битните прашања на пред- и постхолокаустниот период. Вклучувајќи ги интердисциплинарните сознанија и инструменти (на филозофијата, политичката теорија, културологијата, науката за јазикот, фолклористиката,

археологијата), како и комплементарните истражувачки методи (семиотичкиот, херменевтичкиот и др.), Грандаковска студиозно ги проследува поединечните искуства на холокаустот на Балканот и Европа, со Македонија, респективно. Со тоа, студиите на холокаустот, преку балансот со историјата, всушност добиваат своја интердисциплинарна широчина и компаративна димензија, која ги прави релевантни и надвор од нивниот непосреден историски и етно-национален контекст!

Како дистинктивен пример за погоре кажаното, најнапред би го истакнале **меѓународниот научноистражувачки проект„Евреите од Македонија и холокаустот**“, со кој раководела доц. д-р Грандаковска (2010-2011) , чиј раководител била токму д-р Грандаковска. Како непосреден резултат на овој проект треба да се спомене: објавувањето на двојазичната хрестоматија „Евреите од Македонија и холокаустот: историја, теорија, култура“ [The Jews from Macedonia and the Holocaust: History, Theory, Culture (English and Macedonian) (2011), (на македонски и англиски јазик), чијшто приредувач е одново доц. д-р Грандаковска, како и одржувањето на изложбата „Евреите од Македонија и холокаустот“, кадешто д-р Грандаковска се наоѓа во улогата на кокуратор на истата (Скопје, 2011, Белград, 2013).

Д-р Грандаковска, исто така, била раководител на меѓународниот научноистражувачки проект: “The Diverse Survival Strategies of Jewish and Roma Communities in Macedonia“ (2010-11), како резултат на кого се оформува/дизајнира **првата академска школа за холокауст студии во Македонија**, чијшто организатор, дизајнер на академската програма и еден од предавачите е доц. д-р Грандаковска. Во тие рамки спаѓа и организацијата и одржувањето на меѓународната работилница “Opening a civic dialogue of Jewish and Roma victimhood in Macedonia’s Holocaust Past”(2011). Од останатите истражувачки резултати на доц. д-р Грандаковска во доменот на холокауст студиите, треба да се споменат нејзините авторски текстови: “Hommage on the Irony of Evil and on the Historical, Cultural and Theoretic Memory of the Holocaust” (2011), “On Holocaust Photography: Or when the memory practice of the victims is empty” (2011), “Two colliding bodies: On the Holocaust in Macedonia and the politics of Bulgaria in World War II” (2013), „Рїзноманїтнї стратегїї виживання еврейських та ромських громад у Македонїї (2011). Нејзиниот придонес во областа на холокауст студиите во Македонија, потем е видлив и во нејзините академски ангажмани во меѓународните истражувачки проекти, а по покана на странски институции: д-р Грандаковска била професионален консултант/експерт како и претставник за Македонија, директно назначен од страна на Berenbaum Group (Los Angeles, California) за соработка во проектот „Постојаната изложба во Меморијалниот Центар на холокаустот на Евреите од Македонија“ (2011-2012), потем, била и стручен соработник при Музејот на жртвите на геноцидот во Белград за листите на Евреите од Македонија според пописот на Југославија од 1967 (2013). Д-р Грандаковска, исто така, била поканета да одржи свои предавања, предимно на странски универзитети/институции во Израел (Интернационален институт за холокауст истражувања „Јад Вашем“,Универзитетот Бар Илан), Белград (Рекс центар) и др.

Во наведениот период, доц. д-р Грандаковска остварила и неколку научни и стручни престои, посветени на натамошни научни истражувања и доедукација во полето на холокауст студиите, како што се: Интернационалната школа за холокауст едукатори во „Јад Вашем“ (Ерусалим, Израел, 2011), Интернационалната школа за еврејската култура, уметност и литература на Балканот (Филозофски факултет, Белград, Србија, 2011), престојот во културната институција Apexart (Њујорк, САД, 2010-11), престојот во

Градскиот архив на град Белград (Србија, 2013), потоа, во Историско-еврејскиот музеј во Белград (Србија, 2013), како и во Интернационалниот институт за холокауст истражувања „Јад Вашем"(Израел, 2011, 2012).

3. **Заклучок на Рецензентската комисија**

Согласно со погоре кажаното - севкупната научноистражувачка работа на доц. д-р Софија Грандаковска, нејзините темелни истражувачки квалитети како и нејзините истражувачки теми, се потврдуваат како неопходни за современата македонска наука, имајќи ги предвид особено пионерските студии на холокаустот и еврејските студии. Афирмацијата на истражувачките резултати на д-р Грандаковска на меѓународен план, користењето на иновативните истражувачки методи и вкрстувањето на различните методолошки стратегии и дисциплини, од друга страна, сведочат за сестраноста на нејзините научни амбиции и продлабочениот аналитички пристап кон истражувачката проблематика, оригиналноста и стручноста во научниот пристап, успешната апликација на интердисциплинарните искуства, како и видливо остварените научни резултати на нејзината истражувачка работа,

Со оглед на сите досега наведени аргументи, Рецензентската комисија има чест и задоволство, до Советот на ИНИ да го достави својот едногласен предлог - доц. д-р Софија Грандаковска да биде избрана во звањето **виш научен соработник / вонреден професор.**

**Рецензентска комисија**:

1. Проф. д-р Елизабета Шелева, с.р.

______________________________

2. Проф. д-р Марија Пандевска, с.р.

______________________________

3. Проф. д-р Анета Шукарова, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**„ГЕОМЕТРИСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ВО ИНТЕРАКТИВНА АУГМЕНТНА РЕАЛНОСТ“**
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТАШКО РИЗОВ, ДИПЛ.МАШ.ИНЖ., ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука бр.02-1140/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, донесена на 24.4.2014 година, формирана е Комисија за одбрана на докторската дисертација со наслов **Геометриско претставување на објекти во интерактивна аугментна реалност**, изработена од кандидатот м-р Ташко Ризов, дипл.маш.инж.

Врз основа на извршениот преглед и деталната анализа на докторската дисертација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### а) Содржина на трудот

Докторската дисертација под наслов **Геометриско претставување на објекти во интерактивна аугментна реалност**, изработена од кандидатот м-р Ташко Ризов, дипл.маш.инж., претставува самостоен и оригинален научен труд од областа на машинските науки, поточно од областа на инженерската графика, кој се фокусира на геометриското претставување на објектите од аспект на подобрување на приказот на виртуелните објекти во интерактивната аугментна реалност. Основниот текст на докторската дисертација е презентиран во вкупно седум (7) глави напишани на 194 страници, илустрирани со 116 слики, цртежи, шеми и дијаграми, содржина, листа на слики и список на користена литература со 98 релевантни референци на користена литература од меѓународни научни списанија, конференциски публикации, книги, интерни скрипти, дисертации и друго.

Докторската дисертација се состои од седум глави. Во Глава 1 е даден воведот; во Глава 2 е претставена методологијата на истражувањето; во Глава 3 се дефинирани основните поими и дадена е разработка и анализа на претходните истражувања; во Глава 4 се објаснети резултатите и дадено е толкување на сознанијата од истражувањето; во Глава 5 е претставен приказ на резултатите од истражувањето преку примери за примена на аугментната реалност изработени од кандидатот м-р Ташко Ризов и дадени се предностите од нејзината употреба; конечно, во Глава 6 се дадени заклучоците и препораките за идните истражувања и во Глава 7 е претставена листа на користена литература.

Во првата глава се дадени краток вовед за темата и очекуваниот научен придонес од истражувањето.

Во втората глава е претставена методологијата на истражувањето, каде што се прикажани целите на истражувањето, задачите и техниките, како и чекорите и текот на истражувањето.

Во третата глава се дефинирани основните поими и терминологија кои се користат во истражувањето, како и преглед, разработка и анализа на постојната литература и најновите истражувања од областа на геометриското проектирање и аугментната реалност. Презентирани се највлијателните трудови и нивните автори, кои во последните неколку години се презентирани во научните и стручните публикации, со цел да се даде детална и сеопфатна анализа на достигнувањата од областа на геометриското проектирање, но и од областа на аугментната реалност. Дополнително, во оваа глава е претставена главната хипотеза која кандидатот ја поставува во истражувањето. Исто така, претставени се и помошните хипотези кои придонесуваат кон попрецизно дефинирање на главната хипотеза.

Во четвртата глава се проучуваат и се анализираат резултатите од истражувањето. Исто така, претставено е толкување на сознанијата од истражувањето преку спроведување на анализа на графичките и аналитичко-геометриските техники на геометриско проектирање во интерактивна аугментна реалност. Во докторската дисертација е презентирана методологија за графичко претставување на објекти во перспектива врз база на придружени ортогонални проекции. Прикажаната техника резултира со голема прецизност. Понатаму, презентирана е методологија за претставување на објекти со употреба на аналитичко-геометриски техники, каде што кандидатот дава математички модел на процесот на конструирање на перспектива со три недолгеди. Дополнително, кандидатот во рамките на ова истражување изработил алгоритам за софтверско добивање на перспективата врз база на претходно анализираните аналитичко-геометриски техники. Исто така, во оваа глава е прикажана компаративна анализа на резултатите добиени од примената на графичките и аналитичко-геометриските техники, како и компаративна анализа на резултатите добиени од примената на аналитичко-геометриските техники и аналитичките техники користени во современите софтверски пакети за аугментна реалност, со што се добива јасна слика за квалитетот на спроведеното истражување и постигнатиот научен придонес.

Петтата глава дава приказ на резултатите од истражувањето преку примери за примена на аугментната реалност. Претставените примери се со различна сложеност и покриваат повеќе области на практична употреба. Поедноставните примери имаат за цел да ги илустрираат предностите од употребата на аугментната реалност и употребата на развиените техники за геометриско проектирање на објекти. Посложениот пример има за цел да ја демонстрира реалната употребна вредност на аугментната реалност и развиените техники за геометриско проектирање во процесот на одобрување на моторни возила.

Во шестата глава се изнесени заклучоците добиени од истражувањето и дадени се насоки за понатамошни истражувања. Од изнесените заклучоци јасно се гледа дека кандидатот во целост ги има реализирано поставените цели во

истражувањата на овој труд, како и во целост ги потврдува поставените научни тези.

**б) Публикација на резултатите од истражувањата**

Резултатите од истражувањата во докторската дисертација досега се објавени на две меѓународни конференции, во зборници на трудови на тие конференции, како и во две меѓународни списанија, и тоа:

[1] **T. Rizov**, R. Tashevski: Augmented Reality in Executing Practical Excercises in Engineering Graphics; 3rd International Conference moNGeometrija 2012, Novi Sad, Serbia, ISBN 978-86-7892-405-7, 21-24 June 2012.

[2] **T. Rizov**: Application of Augmented Reality in Interactive Pedestrian Navigation Systems; American Journal of Science and Technology, Wilmington, New Castle DE 19803 USA, Vol. 1, pages 11-31, March 2014.

[3] **T. Rizov**, R. Tashevski: Geo-based systems in Augmented Reality; Mechanical Engineering Scientific Journal, Skopje, Macedonia, ISSN 1857-5293 UDC 621, Vol. 31, Number 1-2, October 2013.

[4] **T. Rizov**, R. Tashevski: Technical Visualization in the Process of Vehicle Identification Using Augmented Reality; 4rd International Conference moNGeometrija 2014, Vlasina, Serbia, June 2014.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација со наслов **Геометриско претставување на објекти во интерактивна аугментна реалност**, изработена од кандидатот м-р Ташко Ризов, дипл.маш.инж., претставува висококвалитетен и оригинален научен труд, кој дава значаен научен придонес во областа на машинското инженерство, поточно од областа на инженерската графика со фокус на геометриско претставување на објекти во интерактивна аугментна реалност.

Развиените техники за геометриско проектирање имаат за цел да им помогнат на инженерите при употребата на аугментната реалност во разни области на нејзина примена. Основната цел на аугментната реалност е да го убеди корисникот дека реалните и виртуелните објекти коегзистираат во просторот. Резултатите од истражувањата во оваа докторска дисертација директно придонесуваат кон остварување на оваа цел, преку обезбедување на техники кои даваат прецизни резултати, а во исто време се едноставни за употреба. Дополнително, преку прикажаните примери кандидатот директно ги прикажува придобивките како од примената на развиените техники за геометриско проектирање, така и од примената на аугментната реалност.

Врз основа на претходната евалуација, Комисијата заклучува дека докторскиот труд со наслов **Геометриско претставување на објекти во**

**интерактивна аугментна реалност**, изработена од кандидатот м-р Ташко Ризов, дипл.маш.инж., претставува оригинален научен труд кој дава значаен научен придонес и во целост ги исполнува критериумите и барањата за успешно изработена докторска дисертација. Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Ристо Ташевски,

   Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Машински факултет – Скопје, с. р.
2. Проф. д-р Татјана Кандикјан,

   Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Машински факултет – Скопје, с. р.
3. Проф. д-р Софија Сидоренко,

   Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Машински факултет – Скопје, с. р.
4. Проф. д-р Атанас Кочов,

   Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Машински факултет – Скопје, с. р.
5. Проф. д-р Ратко Обрадовиќ,

   Универзитет во Нови Сад, Факултет за технички науки, Нови Сад, Република Србија, с. р.

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): СОЦИЈАЛНА РАБОТА (ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДРУГО), МЕТОДИКИ НА СОЦИЈАЛНА РАБОТА (ПОЕДИНЕЦ, ГРУПА И ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА) ТЕОРИЈА НА СОЦИЈАЛНА РАБОТА, СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ И МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ ВО ЗАЕДНИЦА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во в. „Нова Македонија“ на 20.5.2014 година, за избор на наставник во сите наставно научни звања во научните области (дисциплини): социјална работа (здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница), теорија на социјална работа, социјален развој и ментално здравје во заедница, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VII редовна седница одржана на 30.5.2014 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Сунчица Димитријоска, проф. д-р Маја Геровска Митев и проф. д-р Горан Ајдински.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријави само еден кандидат, доц. д-р Иван Трајков, досегашен доцент на Институтот за социјална работа и социјална политика на Филозофскиот факултет во Скопје. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Иван Трајков е роден на 18.3.1970 год. во Скопје. Студиите на Филозофскиот Факултет - Институт за психологија ги започнал во 1990 год., а дипломирал во 1995 год.

Во периодот 1998 - 2002 работел на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип како помлад асистент по предметите: општа психологија, развојна психологија и педагошка психологија.

Во 2003 година се вработил на Филозофскиот факултет - Институт за социјална работа и социјална политика како помлад асистент на предметите: социјална работа со поединец; подрачје на социјалната работа - социјална работа во здравство.

Истата година се запишал на постдипломски студии на Институтот за социјална работа и социјална политика. По успешното завршување на предвидените испити на 20.10. 2006 година магистрираше на тема со наслов:

*Професионален стрес кај социјални работници и психолози вработени во областа на здравство и социјална заштита.*

Од 2007 до декември 2009 год., д-р Иван Трајков работел како асистент на Институтот за социјална работа и социјална политика по предметите: превентивна социјална работа, социјална работа во социјална заштита, психосоцијална интервенција во заштита на менталното здравје, психосоцијален пристап во социјалната работа, социјална работа во здравство.

На 2.10.2009 докторира на Институтот за социјална работа и социјална политика на тема: *Социјална инклузија на лица со психички растројства*.

Во декември 2009 год., д-р Иван Трајков е избран за доцент на Институтот за социјална работа и социјална политика на Филозофскиот факултет на следнве научни области (дисциплини): социјална работа (здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница), теорија на социјална работа и ментална хигиена.

## Наставно-образовна дејност

Во периодот од декември 2009 до денес, д-р Иван Трајков успешно ги изведуваше предавањата и вежбите со студентите на прв циклус студии по предметите: психосоцијален развој, превентивна социјална работа, ментална хигиена (Институт за дефектологија), социјална работа во кризна ситуација, социјална работа со деца и млади во ризик, социјална работа во здравство, психосоцијален пристап во социјалната работа, терапевтски техники и вештини во социјалната работа, ментално здравје во заедница (Институт за социјална работа и социјална политика и Институт за дефектологија), социјална интервенција во криза и стрес и справување.

Кандидатот д-р Иван Трајков во периодот 2010/2014 беше ангажиран и во изработка и изведување на предметни програми и на втор циклус студии, и тоа на предметната програма социјална работа и социјална политика, социјален менаџмент и специјалистички студии по социјална работа во здравство. Кандидатот д-р Иван Трајков изведуваше настава на втор циклус студии по предметите: правци и пристапи во социјалната работа, современо родителство, евалуација и истражувачки методи, менаџмент на човечки ресурси во социјалната сфера, советување и кризна интервенција, третман на зависници и психосоцијална помош и поддршка.

Од изборот во звањето доцент до денот на пријавувањето на конкурсот, кандидатот е ментор на 96 дипломски работи, ментор на 3 специјалистички труда и бил член во комисии за оцена и одбрана на научни трудови (10 докторски дисертации, 33 магистерски тези и 107 дипломски работи).

Во поглед на педагошките аспекти на наставната дејност на кандидатот, приложени се резултатите од спроведената евалуација на Филозофскиот факултет. Во анкетата на студентите спроведена на четири предметни програми: Терапевтски техники и вештини во социјалната работа, Клиничка социјална работа, Ментално здравје во заедница и Стрес и справување учествувале вкупно 145 студенти добиена е просечна оценка 9,30.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Иван Трајков има остварено **218,2 поена од наставно-образовната дејност,** што значи го надминал потребниот минимум од 20 поени кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

## Научноистражувачка дејност

Во периодот од изборот за доцент до денот на пријавувањето на конкурсот, кандидатот д-р Иван Трајков е ментор на 3 докторски тези и 18 магистерски тези.

Во текот на изборниот период како доцент, д-р Иван Трајков ги има објавено следниве трудови:

***Социјална инклузија на лица со ментални растројства,*** Donbas State pedagogical University, Horlivka Institute for foreign languages, Koper, 2013 ( монографија објавена во странство). Во трудот се прикажани резултатите од сопственото истражување на начините и формите на заштита на лицата со ментални растројства во заедницата и успешноста на секоја од нив.

***Психологија на заедницата – Психологот пионер и професионалец*** *(2013) Меѓународен дијалог:Исток – Запад, 4. Меѓународна научна конференција, Свети Николе* (труд со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание). Во трудот се анализирани современи програми на работа на психологот во различни области од животот во заедницата, неговото учество во психосоцијалната поддршка на различни категории граѓани и во подобрување на животот во заедницата.

***Уметност у функции процене менталног стања код ксихијатриских пацијената,*** *(2013), Психологија и уметност, Косовска Митровица (коавтор Стаменкова – Трајкова, В. Белеска, Д.)* (труд со оригинални/стручни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор). Менталната состојба на пациентите во Психијатриската болница - Скопје, е испитувана и следена низ уметничкиот израз во нивните слики.

***Profesionalni stres kod psihologa i socijalnih radnika zaposleni u socijalnoj zastiti i zdravstvu,*** *(2013), International scientific conference, Pojedinac, porodica, drustvo u tranziciji, Kosovska Mitrovica* (труд со оригинални/стручни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор). Истражувањето на стресот кај помагателните професи во социјалната заштита и областа на здравството покажа дека психолозите и социјалните работници вработени во социјалната заштита се под поголем стрес од

вработените во здравството. Истражувани се и причините за појавата на овие разлики.

***The role of school readers in implementing the concept of inclusive education,*** 21st Annual conference, ENIRDELM, 27-29.09.2012, Antalya, Turkey (Co author N. Angelovska Galevska) (труд со оригинални/стручни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор). Во трудот е презентиран концептот на инклузивно образование како клучен аспект за надминување на поделеноста на учениците во училиштата и заедницата. Во поддршка на овој концепт, главен фактор се образовните лидери. Главна цел на трудот е да ги лоцира активностите на микро и макрониво кои што го олеснуваат процесот на инклузија и кои се клучните компетенции потребни за успешно лидерство, водство на едно инклузивно училиште.

***Socijalizacija dece sa rizicnim ponasanjem, Socijalizacija u uslovima drustvene krize,*** Thematic colelection of papers of international significance, Univerzitet u Prištini Faculty of Philosophy, 2012, Kosovska Mitrovica (труд со оригинални/стручни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор). Во трудот се прикажани проблемите во социјализацијата на децата со ризично однесување и начините на превенција на ризикот од појава на деликвентното однесување кај овие деца.

***Уметнички изражај као помочни дијагностички метод за процену менталног стања особа са менталним поремечајем*** *(2012), Психологија и уметност, Косовска Митровица (коавтор Стаменкова – Трајкова, В. Белеска, Д. Андонов, С.)* (труд со оригинални/стручни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор). Подобрувањето или влошувањето на менталната состојба на пациентите рефлектирана на платното се користи како помошна метода во дијагностицирањето на состојбата, како и за одредување на одреден вид терапија.

***Teachers self-evaluation at the Institute of Social work and social policy,*** 14th International Conference, (2011) Belgrad, Srbija (труд со оригинални/стручни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор).

***Value orientations at students in Faculty of Philosophy,*** (2011), Kosovska Mitrovica, Kosovo, Faculty of Philosophy (coauthor Trajkova, V. Denkova, F.) (труд со оригинални/стручни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор). Во трудот се прикажани резултатите од истражувањето на вредносните ориентации на студентите на Филозофскиот факултет, со примена на Шварцовиот инструмент.

***Crises identity in the period of adolescents,*** (2011), Kosovska Mitrovica, Kosovo, Faculty of Philosophy (coauthor Arnaudova, S.) (труд со оригинални/стручни

резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор). Во трудот се прикажани карактеристиките на периодот на адолесценција, формирањето на идентитетот и проблемите и кризите низ кои минува адолесцентот при формирањето на идентитетот.

***Психосоцијална рехабилитација – компонента на заштита на лицата со ментални растројства во заедницата*** *(2010),* Годишен зборник 63, Филозофски факултет, Скопје ( труд со оригинални научни резултати во стручно/научно списание). Во трудот се анализирани основните компоненти на заштитата на менталното здравје, со посебен акцент на психосоцијалната рехабилитација.

***Децентрализација на здравствената заштита во делот на менталното здравје – започнување на процесот на дехоспитализација****, (2010), Ревија за социјална политика бр. 5* (труд со оригинални научни резултати во стручно/научно списание). Низ компаративна анализа прикажан е процесот на децентрализација и деинституционализација во областа на менталното здравје во различни земји и кај нас.

***Incomplete inclusion of children of primary school age (7-14 years old) in primary education,*** (2009), Education and Values in the Balkan countries, No. 10 (coauthor Arnaudova, S. Denkova, F.) (труд со оригинални/стручни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор). Долгогодишните напори за инклузија на децата во основното училиште и проблемите во нивната реализација, се основен проблем кој се елаборира во овој труд.

***Професионален стрес кај социјални работници и психолози во социјална заштита и здравство*** *(2009), Годишен зборник 62, Филозофски факултет, Скопје* (труд со оригинални научни резултати во стручно/научно списание). Во трудот се прикажани дел од резултатите од магистерскот труд.

Кандидатот д-р Иван Трајков во периодот од 2009 до 2014 год. учествувал на следниве стручни и научни собири со реферат:

***-Stavovi mladih prema evro integraciji u R. Makedoniji,*** *International Scientific conference, Faculty of Philosophy,13-14 December 2013, Kosovska Mitrovica, Kosovo;*

***-Социјална инклузија на лица со ментални растројства,*** *Современи аспекти на специјалната едукација и рехабилитација на лица со инвалидност, 17-19 октомври 2013, Охрид;*

***-Profesionalni stress kod psihologa i socijalnih radnika zaposlenih u socijalnoj zastiti i zdravstvu,*** *International scientific conference, Pojedinac, porodica, drustvo u tranziciji, Kosovska Mitrovicica, 2013;*

***-Social skills and competences in primary and secondary school teachers,*** Educational reform in 21st Century in Balkan countries, 28.-30. June, 2012, Bucharest, Romania;

***-Dynamics of European Integration through Social Inclusion*** *The II-nd international Scientific Conference, 08-09.October 2012,Tirana, Albania;*

***-Violence against children in foster care,*** Days of applied psychology, 22-24.09.2011, Nis, Serbia;

***-Teachers self-evaluation at the Institute of Social work and social policy***, 14th International Conference, 16-18 june, 2011, Belgrad, Srbija;

***-Crises identity in the period of adolescents, Scientific meeting***, Faculty of Philosophy, 16-17.11.2010, Kosovska Mitrovica, Kosovo;

***-Cognitive development in early, middle and late ages,*** 16th October meetings in social protection, 28-29.10.2010, Nis, Serbia;

***-Extraversion, agreeableness, openness to experience and coping with stress on a sample of psychology students***, Days of applied psychology, 24-25.09.2010, Nis, Serbia;

***-Learning with computer and video games***, *13th International Conference- ICT in the education of the Balkan countries*, 17-19.06.2010, Varna, Bulgaria;

***-Siromastvo i stav roditelja – bazicini faktori za iskljucivanje romske dece iz obrazovanja***, *10th International Conference, Role of education in reduction of poverty on children in transitional countries*, 2009, Belgrad, Srbija;

***-Incomplete inclusion of children of primary school age (7-14 years old) in primary education***, *12th International Conference- Inclusive education in the Balkan countries: policy and practice,* 2009, Ohrid, Macedonia;

***-Exclusive education in secondary school***, *12th International Conference- Inclusive education in the Balkan countries: policy and practice,* 2009, Ohrid, Macedonia;

***-Quality of life at mentally ill person with a special accent of social inclusion,*** *South-East European Regional Conference of Psychology (SEERCP 2009) Paradigms, Schools, Needs and Achievements of Psychology in the Region, 2009, Софија, Бугарија;*

***-Using Art Therapy - a way to foster creativity and giftedness at chidlren,*** *Прва Меѓунардна конференција – Надарените и талентираните креатори на прогресот (теорија и практика), 2009, Охрид, Македонија;*

***-The relationship between assertiveness and motive of achievement at high school students***, *19th Ramiro and Zoran Bujas Days,2009, Загреб, Хрватска.*

Од анализата на активностите и трудовите на д-р Иван Трајков од изборот во звањето доцент, 2009-2014 година, заклучуваме дека кандидатот има истражувачки предизвик за суштинските прашања од областа на социјалната работа во домените здравство, образовоние и социјална заштита, психосоцијален

развој, работа со лица кој се под потенцијален социјален ризик, менталното здравје во заедница и социјалната инклузија на лицата со психички нарушувања.

Согласно со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Иван Трајков остварил вкупно **77 поени од научноистражувачката дејност,** со што го надминал минималниот број на поени (20) кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

**Стручно-апликативна активност**

Во периодот од изборот за доцент до пријавувањето на конкурсот, д-р Иван Трајков, во рамките на дејностите од поширок интерес, е член на Комисија за евалуација на Филозофскиот факултет и на поткомисии за евалуација на студиски програми во периодот 2010 - 2014. Исто така, д-р Иван Трајков е член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје во периодот 2009 – 2013 година, член на Комисија за користење и располагање со недвижни и движни предмети на Филозофскиот факултет 2010 – 2014 година и член на Комисија за избор во звање – доцент на Филозофскиот факултет.

Во рамките на својата стручна и апликативна активност, кандидатот д-р Иван Трајков има напишано поглавје: ***Професионално согорување Вurnout синдром***, во учебникот по психијатрија за студенти по медицина.

Како експертски активности, кандидатот д-р Иван Трајков има напишано две рецензии на трудови во стручни списанија, и тоа:

***-Prevalence of elder abuse and neglect: Findingform first Macedonian study***, (2014), Macedonian Jurnal of medical science;

***-Аспекти на идентитетот: односот помеѓу индивидуалниот и колективниот идентитет,*** (2014), Зборник на трудови, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социолошки и политичко – правни истражувања.

Кандидатот д-р Иван Трајков во периодот од изборот во звањето доцент до сега извршуваше неколку раководни функции:

-Координатор на ЕКТС за Институтот за социјална работа и социјална политика во периодот 2009 – 2013 година;

-раководител на специјалистичките студии по социјална работа во здравство од 2009 тековно;

раководител на втор циклус студии на програмата за социјална работа и социјална политика од 2013 до 2017 година.

Кандидатот д-р Иван Трајков зема активно учество во комисии и тела на државни органи и активно учествува во изготвување на документи од национален интерес, како што е изработка на ***Заеднички протокол за постапување во случај на семејно насилство*** (2010), Влада на Република Македонија, а исто така учествува и во изработка на Националната програма ***Акциски план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија,*** (2009– 2013), МТСП и ***Протокол за постапување во процесот на превенција и заштита на децата од злоупотреба и занемарување***, (2013), МТСП.

Д-р Иван Трајков е член на НКТ за борба против сексуална злоупотреба и педофилија, 2011 -2015 год., МТСП, член на НКТ за борба против сексуална злоупотреба и занемарување, 2012 -2014 год., МТСП, член на Управниот одбор на Комората на психолози на Република Македонија, како член е и на Надзорен одбор на Заводот за социјални дејности (2013 – 2017), МТСП.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Иван Трајков има освоено вкупно **25,7 поени од стручно-апликативната дејност,** со што го надминува потребниот минимум (5) поени кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

## Заклучок и предлог

Од наведените активности во извештајот констатиравме дека станува збор за кандидат кој покажува потврдени професионални квалитети и компентенции од наведените научноистражувачки области.

Според наведеното, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека доц. д-р Иван Трајков во целост ги исполнува условите на конкурсот и ги задоволува сите предуслови предвидени во Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година).

Имајќи ги предвид сите наведени квалитети на кандидатот, Комисијата има посебно задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, доц. д-р Иван Трајков да биде избран во звањето ***вонреден професор*** за научните области (дисциплини): социјална работа (здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница), теорија на социјална работа, социјален развој и ментално здравје во заедница.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р
2. Проф. д-р Маја Геровска Митев, с.р
3. Проф. д-р Горан Ајдински, с.р

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО – НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО – СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Иван Панде Трајков**

**Институција: Филозофски факултет, Институт за социјална работа и социјална политика**

**Научна област: социјална работа (здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница), теорија на социјална работа, социјален развој и ментално здравје во заедница.**

## НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување настава на прв циклус[6]<br>Настава по предметите:<br>- психосоцијален развој 1 и 2<br>- превентивна социјална работа<br>- ментална хигиена (дефектологија)<br>- социјална работа во кризна ситуација<br>- социјална работа со деца и млади во ризик<br>- социјална работа во здравство<br>- психосоцијален пристап во социјалната работа<br>- терапевтски техники и вештини во социјалната работа<br>- ментално здравје во заедница (ИСРСП и Дефектологија)<br>- социјална интервенција во криза<br>- стрес и справување | 70,8 |
| 2 | Одржување вежби на прв циклус[7]<br>Одржување вежби по предметите:<br>- клиничка социјална работа<br>- стрес и справување<br>- психосоцијален развој 1 и 2<br>- ментално здравје во заедница (ИСРСП и Дефектологија)<br>- социјална интервенција во криза<br>- превентивна социјална работа | 49,2 |
| 3 | Консултации со студенти во периодот 2009 - 2014 год.<br>1140 x 0,002[8] | 2,3 |

[6] Ангажираност со настава по семестри: учебна 2009/10 година: 9 +9; учебна 2010/11 година: 14 +14; учебна 2011/12 година: 15+15; учебна 2012/13 година: 8 +9; учебна 2013/14 година: 13+12

[7] Ангажираност со вежби по семестри: учебна 2009/10 година: 10+10; учебна 2010/11 година: 9+8; учебна 2011/12 година: 6+7; учебна 2012/13 година:8+8; учебна 2013/14 година: 8+8

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Автор на позитивно рецензиран универзитетски учебник: *Ментално здравје во заедница* | 8 |
| 5 | Коавтор на позитивно рецензиран универзитетски учебник: *Вештини и техники во социјалната работа* | 6 |
| 6 | Интерна скрипта од предавања: *Тераписки техники и вештини социјалната работа* | 4 |
| 7 | Интерна скрипта од предавања: *Стрес и справување* | 4 |
| 8 | Интерна скрипта од предавања: *Социјална интервенција во криза* | 4 |
| 9 | Интерна скрипта од предавања: *Ментално здравје во заедница* | 4 |
| 10 | Подготовка на нова предметна програма по: *Психосоцијален развој* - предавања | 1 |
| 11 | Подготовка на нова предметна програма по: *Превентивна социјална работа* – предавања | 1 |
| 12 | Подготовка на нова предметна програма по: *Клиничка социјална работа*- предавања | 1 |
| 13 | Подготовка на нова предметна програма по: *Стрес и справување* – предавања | 1 |
| 14 | Подготовка на нова предметна програма по: *Тераписки техники и вештини во социјалната работа* - предавања | 1 |
| 15 | Подготовка на нова предметна програма по: *Социјална интервенција во криза* – предавања | 1 |
| 16 | Подготовка на нова предметна програма по: *Ментално здравје во заедница* – предавања | 1 |
| 17 | Подготовка на нова предметна програма по: *Психосоцијален развој* - вежби | 0,5 |
| 18 | Подготовка на нова предметна програма по: *Превентивна социјална работа* – вежби | 0,5 |
| 19 | Подготовка на нова предметна програма по: *Клиничка социјална работа*- вежби | 0,5 |
| 20 | Подготовка на нова предметна програма по: *Стрес и справување* - вежби | 0,5 |
| 21 | Подготовка на нова предметна програма по: *Тераписки техники и вештини во социјалната работа* - вежби | 0,5 |
| 22 | Подготовка на нова предметна програма по: *Социјална интервенција во криза* – вежби | 0,5 |
| 23 | Подготовка на нова предметна програма по: *Ментално здравје во заедница* – вежби | 0,5 |
| 24 | Подготовка на нова предметна програма по: Правци и пристапи во социјалната работа – втор циклус студии | 1 |
| 25 | Подготовка на нова предметна програма по: Современо родителство – втор циклус студии | 1 |
| 26 | Подготовка на нова предметна програма по: Евалуација и истражувачки методи – втор циклус студии | 1 |
| 27 | Подготовка на нова предметна програма по: Менаџмент на човечки ресурси во социјалната сфера – втор циклус студии | 1 |
| 28 | Подготовка на нова предметна програма по: Советување и кризна | 1 |

[8] Број на студенти по семестар: учебна 2009/10 год. 150; учебна 2010/11 година: 150; учебната 2011/12 година: 150; учебна 2012/13 година 100; учебна 2013/14 година: 40

| | | |
|---|---|---|
| | интервенција – втор циклус студии | |
| 29 | Подготовка на нова предметна програма по: Третман на зависници – втор циклус студии | 1 |
| 30 | Подготовка на нова предметна програма по: Психосоцијална помош и поддршка – втор циклус студии | 1 |
| 31 | Ментор на дипломска работа - 96 | 19,2 |
| 32 | Ментор на специјалистичка работа - 3 | 3 |
| 33 | Член на комисија за оценка или одбрана на докторат -10 | 5 |
| 34 | Член на комисија за оценка или одбрана на магистратура - 33 | 9,9 |
| 35 | Член на комисија за оценка или одбрана на спец. работа -3 | 0,6 |
| 36 | Член на комисија за оценка или одбрана на дипломска работа - 107 | 10,7 |
| | **ВКУПНО** | **218,2** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. Бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација -3 | 9 |
| 2 | Ментор на магистерска работа -18 | 18 |
| 3 | **Дел од монографија објавен во странство** - ***Социјална инклузија на лица со ментални растројства,*** Donbas State pedagogical University, Horlivka Institute for foreign languages, Koper, 2013 | 6 |
| 4 | **Труд со оригинални научни резултати стручно/научно списание** ***Психологија на заедницата – Психологот пионер и професионалец,*** *(2013) Меѓународен дијалог:Исток – Запад, 4 та Меѓународна научна конференција, Свети Николе* | 4 |
| 5 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** ***Уметност у функцији процене менталног стањакод психијатриских пацијената,*** (2013), *Психологија и уметност, Косовска Митровица,(коавтор Стаменкова – Трајкова, В., Белеска, Д.)* | 2,4 |
| 6 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** ***Profesionalni stres kod psihologa I socijalnih radnika zaposleni u socijalnoj zastiti I zdravstvu,*** *(2013), International scientific conference, Pojedinac, porodica, drustvo u tranziciji, Kosovska Mitrovica* | 3 |
| 7 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** ***The role of school readers in implementing the concept of inclusive education,*** 21$^{st}$ Annual conference, ENIRDELM, 27- | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | 29.09.2012, Antalya, Turkey (Co author N. Angelovska Galevska) | |
| 8 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**<br>***Socijalizacija dece sa rizicnim ponasanjem, Socijalizacija u uslovima drustvene krize,*** Thematic colelection of papers of international significance, Faculty of Philosophy, 2012, Kosovska Mitrovica, Kosovo | 2,7 |
| 9 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**<br>***Уметнички изражај као помочни дијагностички метод за процену менталног стања особа са менталним поремечајем*** *(2012), Психологија и уметност, Косовска Митровица (коавтор Стаменкова – Трајкова, В. Белеска, Д. Андонов, С.)* | 1,8 |
| 10 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**<br>***Teachers self-evaluation at the Institute of Social work and social policy,*** 14th International Conference, (2011) Belgrad, Srbija | 3 |
| 11 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**<br>***Value orientations at students in Faculty of Philosophy,*** (2011), Kosovska Mitrovica, Kosovo, Faculty of Philosophy (coauthor Trajkova, V. Denkova, F.) | 2,4 |
| 12 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**<br>***Crises identity in the period of adolescents,*** (2011), Kosovska Mitrovica, Kosovo, Faculty of Philosophy (coauthor Arnaudova, S.) | 2,7 |
| 13 | **Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно списание**<br>***Психосоцијална рехабилитација – компонента на заштита на лицата со ментални растројства во заедницата****, Годишен зборник 63 (2010). Филозофски факултет, Скопје* | 4 |
| 14 | **Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно списание**<br>***Децентрализација на здравствената заштита во делот на менталното здравје – започнување на процесот на дехоспитализација****, Ревија за социјална политика бр. 5 јули, 2010* | 4 |
| 15 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**<br>***Incomplete inclusion of children of primary school age (7-14 years old) in primary education,*** **(2009)** In: *Education and Values in the Balkan countries, No. 10* (co author Arnaudova, S.., Denkova, F.) | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | **Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно списание**<br>***Професионален стрес кај социјални работници и психолози во социјална заштита и здравство***, *Годишен зборник 62 (2009). Филозофски факултет, Скопје* | 4 |
| 17 | **Учество на научни/стручни собири со реферат:**<br>1. ***Stavovi mladih prema evro integraciji u R. Makedoniji,*** *International Scientific conference, Faculty of Philosophy,13-14 December 2013, Kosovska Mitrovica, Kosovo*<br>2. ***Социјална инклузија на лица со ментални растројства,*** *Современи аспекти на специјалната едукација и рехабилитација на лица со инвалидност, 17-19 Октомври 2013 Охрид*<br>3. ***Profesionalni stres kod psihologa I socijalnih radnika zaposlenih u socijalnoj zastiti i zdravstvu,*** *International scientific conference, Pojedinac, porodica, drustvo u tranziciji, Kosovska Mitrovicica, 2013*<br>4. ***Dinamics of Europiean integration through Social Inclusion,*** *The II-nd international Scientific Conference, 08-09.October 2012,Tirana, Albania*<br>5. ***Social skills and competences in primary and secondary school teachers,*** *15 th International Conference – Educational Reform in the 21st Century in Balkan Countries, 28-30 June 2012 Bucharest*<br>6. **Social skills and competences in primary and secondary school teachers,** Educational reform in 21st Century in Balkan countries, 28.-30. June, 2012, Bucharest, Romania<br>7. **Teachers self-evaluation at the Institute of Social work and social policy,** 14th International Conference, 16-18 june, 2011, Belgrad, Srbija<br>8. **Violence against children in foster care**, Days of applied psychology, 22-24.09.2011, Nis, Serbia<br>9. **Crises identity in the period of adolescents, Scientific meeting,** Faculty of Philosophy, 16-17.11.2010, Kosovska Mitrovica, Kosovo<br>10. **Cognitive development in early, middle and late ages,** 16th October meetings in social protection, 28-29.10.2010, Nis, Serbia<br>11. **Extraversion, agreeableness, openness to experience and coping with stress on a sample of psychology students,** Days of applied psychology, 24-25.09.2010, Nis, Serbia<br>12. **Learning with computer and video games,** *13th International Conference- ICT in the education of the Balkan countries*, 17-19.06.2010, Varna, Bulgaria<br>13. **Siromastvo i stav roditelja – bazicini faktori za iskljucivanje romske dece iz obrazovanja**, *10th International Conference, Role of education in reduction of poverty on children in transitional countries*, 2009, Belgrad, | 18 x 1=18 |

| | | |
|---|---|---|
| | Srbija<br>14. **Incomplete inclusion of children of primary school age (7-14 years old) in primary education**, *12th International Conference- Inclusive education in the Balkan countries: policy and practice,*2009, Ohrid Macedonia<br>15. **Exclusive education in secondary school**, *12th International Conference- Inclusive education in the Balkan countries: policy and practice,*.2009, Ohrid, Macedonia<br>16. ***Quality of life at mentally ill person with a special accent of social inclusion,*** *South-East European Regional Conference of Psychology (SEERCP 2009) Paradigms, Schools, Needs and Achievements of Psychology in the Region, 2009, Софија, Бугарија*<br>17. ***Using Art Therapy- a way to foster creativity and giftedness at chidlren,*** *Прва Меѓународна конференција – Надарените и талентираните креатори на прогресот (теорија и практика), 2009, Охрид, Македонија*<br>18. ***The relationship between assertiveness and motive of achievement at high school students****, 19th Ramiro and Zoran Bujas Days,2009, Загреб, Хрватска* | |
| | **ВКУПНО** | 77 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Поглавје во книга**<br>Учебник по психијатрија за студенти по медицина, Професионално согорување Burnout синдром | 3 |
| 2 | **Експертски активности: рецензија**<br>**Prevalence of elder abuse and neglect: Findingform first Macedonian study,** (2014), Macedonian Jurnal of medical science и **Аспекти на идентитетот: односот помеѓу индивидуалниот и колективниот идентитет,** (2014), Зборник на трудови Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социолошки и политичко – правни истражувања | 2 x1=2 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 3 | **Член на факултетска комисија:**<br>• Комисија за евалуација на Филозофскиот факултет и поткомисии за евалуација на студиски програми 2010-2014 | 3x0,5= 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Комисија за користење и располагање со недвижни и движни ствари на Филозофскиот факултет, 2010-2014<br>• Член на комисија за Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 2009-2013 | |
| 4 | **Член на комисија за избор во звање -** доцент | 0.2 |
| 5 | • **координатор на студиска програма**<br>• **координатор на КТС за Институт за социјална работа и социјална политика период 2009-2013** | 4 |
| 6 | **Раководител на постдипломски или докторски студии 2013-2017** | 2 |
| 7 | • **подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл)**<br>• **изработка на Заеднички протокол за постапување во случај на семејно насилство** (2010), Влада на Република Македонија | 2 |
| 8 | **Учество во комисии и тела на државни и други органи:**<br>• **член на Национално координативно тело за борба против сексуална злоупотреба и педофилија,** 2011-2015,Министерство за труд и социјална политика<br>• **член на Национално координативно тело за борба против сексуална злоупотреба и занемарување**, 2012-2014**,**Министерство за труд и социјална политика<br>• **член на подгрупата за борба против трговија со деца,** Министерство за труд и социјална политика<br>• **член на Управен одбор на Комора на психолози на Република Македонија**<br>• **Член на Надзорен одбор на Завод за социјални дејности,** 2013-2017 Министерство за социјална работа и социјална политика | 5x1=5 |
| 9 | **Учество во изработка на национална програма од одредена област:**<br>• **Акционен план за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија,** 2009-2013, Министерство за труд и социјална политика<br>• **Протокол за постапување во процесот на превенција и заштита на децата од злоупотреба и занемарување,** 2013, Министерство за труд и социјална политика | 2x3=6 |
| | **ВКУПНО** | 25,7 |

| **Реден број** | **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 218,2 |
| 2 | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 77 |
| 3 | СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 25,7 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **ВКУПНО** | **320,9** |

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.
Проф. д-р Маја Геровска Митев, с.р.
Проф. д-р Горан Ајдински, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СТРУКТУРАТА И ЕПИСТЕМОЛОШКАТА ВРЕДНОСТ НА НАУЧНОТО ПОЗНАНИЕ ВО СОВРЕМЕНАТА ФИЛОЗОФИЈА НА НАУКАТА“ ОД М-Р МАРТИН ПОПОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на VI редовна седница од 30. 4. 2014 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација **Структурата и епистемолошката вредност на научното познание во современата филозофија на науката,** поднесена од **м-р Мартин Поповски.** Откако го проучи текстот на поднесената докторска дисертација, Комисијата има чест да му го достави на Наставно-научниот совет следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Опис на дисертацијата

Докторската дисертација **Структурата и епистемолошката вредност на научното познание во современата филозофија на науката,** поднесена од м-р Мартин Поповски, изложена е 264 страници авторски текст со стандареден формат А4 и проред 1,5. Текстот ги опфаќа следниве содржини: вовед (5-11); пет поглавја со повеќе оддели и пододдели (12-249); заклучок (249-258); библиографија(259-264) со 104 референцијални единици (книги и статии) претежно на англиски, а потоа на македонски, српски и хрватски јазик. Во составот на трудот влегуваат и 302 фусноти, главно, како податоци за цитираната литература, но и како кратки коментари, критички забелешки и појаснувања на одредени ставови на цитираните и споменуваните автори во текстот.

### Анализа на содржините

*Воведот* ги содржи неопходните појаснувања на тезата, ги утврдува главните цели на трудот и ги определува основните чекори на стратегијата со која, според м-р Поповски, треба да се обезбеди структурната рамка која ќе овозможи оптимални услови за да се даде придонес кон промените кои треба да ги доживее филозофијата на науката за да се справи со проблемите. Сложеноста на тезата е видлива и од самата нејзина формулација, па кандидатот ветува дека ќе ја развие и образложи така што најнапред ќе ги издвои и дефинира најзначајните проблемски пунктови на современата филозофија на науката, потоа за секој од овие пунктови ќе ги изложи најистакнатите концепции во современата филозофија на науката кои се обидуваат да ги надминат, а по секоја од направените анализи ќе понуди критички осврти кон неуспесите и креирањето на новите проблеми. Посебен акцент кандидатот става врз потребата да се издвојат оние идеи и елементи на анализираните концепции кои нудат продуктивни алтернативни решенија на основните проблеми заради кои и се поттикнати, бидејќи со нивното сумирање ќе се формулираат општите насоки, препораки и перспективи за натамошното справување со проблемите на современата филозофија на науката. Конечно, поентата на својата стратегија кандидатот м-р

Поповски ни ја соопштува преку својата намера да „понуди основна епистемолошка платформа која ќе одговри на барањата од претходно определените насоки, препораки и перспективи“, па врз нејзина основа да се гради филозофска концепција која ќе даде конзистентни алтернативни решенија за издвоените најзначајни проблеми во современата филозофија на науката. Со овој амбициозен потфат кандидатот експлицитно ја отфрла лажната скромност, поентирајќи со ставот дека филозофијата по својата интринсична природа е нескромна, бидејќи се стреми кон познанието на смислата и суштината на нештата. Ветеното во овој *Вовед* кандидатот м-р Поповски го реализира низ текстот на петте поглавја кои следуваат.

Развивањето и аргументирањето на тезата истакната во насловот кандидатот го почнува со поглавјето: *Научното заклучување и класичниот проблем на индукцијата*. Судовите - ставови со одредена вистинитосна и информативна вредност се структурни елементи на секое научно познание. Затоа, кандидатот избира правилна стратегија кога прашањето за структурата и епистемичката вредност на научното познание го почнува со испитувањето на методите на заклучувањето. Тој овде потсетува на повеќевековната дискусија која се води меѓу спротивставените гледишта на индуктивистите и дедуктивистите за тоа кој метод на заклучувањето води кон валидното научно заклучување.

Моментот кој има пресвртничко влијание во проблематиката на научното заклучување, кандидатот, со право, го врзува за Хјумовото формулирање на т.н. проблем на индукцијата. Се работи за проблемот со кој се соочуваме кога од искуството кое го имаме за дел од одредена група на предмети заклучуваме за целата група, т.е. заклучуваме за останатите предмети од групата за кои немаме непосредно искуство. Покрај оваа општа формулација на проблемот и дефиницијата на непотполната индукција, за илустрација на Хјумовиот пристап кандидатот одбира извонредно илустративен и соодветен цитат од изворното дело на овој силно влијателен филозоф. Консеквенците на овој проблем м-р Поповски ги мултиплицира во прашањата: „Како науката доаѓа до своите заклучоци?; Дали научниот метод е рационално оправдан?; Дали науката дава извесно знаење?; Каква е епистемолошката вредност на научното познание?“ (15). Според него, низ обидите за решавање или заобиколување на проблемот на индукцијата, всушност, можеме да го проследиме историјатот на филозофските концепции на научното заклучување и проверување во современата филозофија на науката. Конечно, Хјумовата формулација ја определува како „класичен проблем на индукцијата“.

Одделот за „оправданоста на индуктивното заклучување“ кандидатот го разработува понатаму низ двата пододдела: „Миловиот принцип на униформноста“ и „Самоподржувачките индуктивни аргументации на Макс Блек“.

За Џон Стјуарт Мил индукцијата е најзначајниот и единствениот метод кој доведува до валидни научни заклучоци, па затоа, како што констатира и кандидатот, тој настојува да понуди решение за проблемот кое понатаму ќе претставува основа за формулирање на методите за откривање на каузалните врски во природата. Поаѓајќи од дефиницијата на индукцијата („генерализацијата

од искуството“) која ја дава самиот Мил, м-р Поповски суптилно го екстрахира во неа клучниот поим означен со терминот – „слични“ со што преминува кон темелниот Милов став за оправданоста на индукцијата – принципот на униформноста на природата. Но, овој онтолошки став, како што уверливо елаборира и кандидатот, и самиот претставува индуктивна генерализација, па останува на сила главниот критички приговор кон Миловото решение на проблемот на индукцијата: циркуларноста во докажувањето или нужноста од бесконечниот регрес.

Како еден од најистакнатите автори, кои, поттикнати од неуспешноста на Миловиот обид, сметаат дека индукцијата може да се оправда без да се западне во circulus vitiosus, м-р Поповски го посочува Макс Блек, поради неговата концепција на „самоподдржувачките индуктивни аргументации“. Овде треба да се истакне дека кандидатот се впушта во детална и прецизна елаборација на апаратурата со која се служи авторот на споменатата концепција. Оваа идеја за „самоподдржување на индуктивното заклучување“ м-р Поповски ја оценува како „свеж пристап“ во морето обиди да се изнајде оправдување за индуктивното заклучување и да се надмине проблемот формулиран од Хјум. Но, како главен проблем во Блековиот пристап кандидатот го смета токму тоа што во него не е погодена суштината на проблемот на индукцијата како што е формулиран од страна на Хјум. Бидејќи, самоподдржувачките индукции воопшто не го даваат одговорот на прашањето: зошто од ограничен број на случаи за кои имаме емпириско познание можеме да донесеме општ заклучок за целата класа на која овие припаѓаат? – критички заклучува кандидатот.

Разгледот на научното заклучување не може да биде комплетно без изложувањето на логичката постапка спротивна на индукцијата – дедукцијата. Затоа, кандидатот м-р Поповски вториот оддел на ова поглвје му го посветува на дедуктивизмот. Поточно, се работи за дедуктивистичкиот пристап на еден од водечките претставници на современата филозофија на науката – Карл Попер. Наспроти пролиферацијата на голем број пристапи кои се обидуваат да го надминат проблемот на индукцијата, според Попер, нагласува кандидатот, овој проблем во суштина е ненадминлив, бидејќи доколку настојуваме да го надминеме со некој универзален став, тогаш е неизбежна логичката недоследност. Затоа, методот кој претставува основа за научното заклучување можел да биде единствено – „методот на дедуктивното проверување“. Поперовиот пристап м-р Поповски го определува според формата како „хипотетичко-дедуктивен“, пристап кој кореспондира со Аристотеловите погледи, а бил подоцна втемелен во концепциите за науката на Галилео, Њутн, Хершел, Џевонс и многу други. Кандидатот особено го нагласува Поперовото воведување на новиот критериум на разграничување на научното од ненаучното познание. А тоа не може да биде можноста за верификација, туку можноста за побивање на една теорија – „постоењето на можноста за нејзино побивање“. Поперовиот начин на побивањето, всушност, оценува кандидатот, претставува примена на правилото modus tollens од класичната логика, при што таквата примена давала несомнени резултати единствено во поглед на отфрлањето на теориите. Затоа, како што објаснува кандидатот, Поперовиот принцип на побивањето, односно

фалсификацијата на теориите не е доволен за разбирањето на научното познание, па Попер морал да го воведе и поимот „поткрепување“ и да говори за „степенот на поткрепеност на хипотезите“. Со повеќе критички забелешки за сметка на овој пристап, Поповски поентира во завршницата на овој оддел.

Во одделот „Априоризам“, м-р Поповски искажува интересна оцнеа дека како резултат на импактот на Хјумовата емпиристичко-скептичка филозфија и неговата формулација на проблемот на индукцијата било напишано едно од најзначајните дела во историјата на филозофијата – *Критиката на чистиот ум* на Имануел Кант. Објаснувањето на Кантовиот пристап кон проблемот на индукцијата, кандидатот го започнува со елаборација на неговите епистемолошки погледи, изложени во споменатото дело. Одмерено дозирано, прецизно и поучно, м-р Поповски ги објаснува и воведува клучните поими на Кантовата епистемологија, поентирајќи со суштинската разлика меѓу аналитичките и синтетичките судови априори. Кантовиот обид за истакнување и објаснување на синтетичките судови априори е оценет како почетна позиција за оправдувањето на индуктивното заклучување. Бидејќи во овие судови на субјектот му се додава предикат кој не е инхеретно содржан во него, тие не можеле да се изведат од постојното искуство. Нивната оправданост не е заснована искуствено и мора да се бара на друго место. Поради тоа, оправдувачката улога автоматски се пренасочува кон априорноста на овие судови. Самиот принцип на индукцијата е еден априорен синтетички суд. Кантовиот клучен аргумент за постоењето на синтетичките судови априори, Поповски го оценува во најмала рака како проблематичен. Тој се повикува на развојот на науката кој директно ја отповикува вистинитоста на оние судови кои за Кант се неспорно вистинити – синтетичките судови априори. Се покажало дека и тие се подложни на промени и отфрлања. Сепак, тоа не го обезвредува Кантовиот пристап, бидејќи тој е еден од иницијалните поттици за разгорување на дискусијата за односот на научните тврдења и реалноста, која се води во современата филозофија, заклучува м-р Поповски.

Со самото воведување на одделот за „индукцијата и дедукцијата во дијалектичкиот материјализам“, м-р Поповски заслужува признание за покажаната ригорозна научна совест и демонстирање на интелектуална автономност, наспроти априорните отфрлања и игнорирања на оваа филозофија во општествено-политичките и идеолошките превирања во последниве две-три децении. Тој смета дека во рамките на дијалектичкиот материјализам „среќаваме едно специфично сфаќање на индукцијата и дедукцијата како дијалектички соединети постапки на научното заклучување“. Овде, главно, кандидатот се повикува на Енгелсовите критички искажувања за индукцијата, како и на обидите на Богдан Шешиќ за систематизирање и дијалектичко посредување на спротивставените постапки на индукцијата и дедукцијата. Во својот критички осврт, м-р Поповски покажува дека ниту во овој пристап не е пронајден клучот за логичката оправданост на индукцијата, сепак, позитивно ја оценува идејата на дијалектичкиот материјализам за нераскинливата поврзаност на индуктивниот и дедуктивниот метод во рамките на научното заклучување.

Според својата екстензивност, петтиот оддел на ова поглавје – „Веројатност“, со петте пододдели, го претставува тежиштето во третманот на научното заклучување. Но, тоа не е случајно, ниту арбитрарен избор на м-р Поповски, туку одговор на задачата: да кореспондира критички со најновите текови во оваа проблемска област на современата филозофија на науката. Тој согледува две основни причини за интензивното воведување на поимот на веројатноста во современата филозофија на науката. Првата е во самиот развој на совремините науки (физиката и биологијата) во кои интензивно се користи овој поим и, втората, епистемолошки позначајната причина, е директната консеквенца на бројните неуспешни обиди да се оправда индукцијата како метод на заклучување кој доведува до извесни заклучоци. Во кратки црти, овој содржински доминантен оддел кандидатот го обработува со изложувањето и поентирањето на следниве интерпретации на веројатноста: 1) Класичната интерпретација на веројатноста врзана за името на францускиот математичар и астроном – Пјер Симон Лаплас, каде штоверојатноста е сфатена во стриктно епистемичка смисла, бидејќи не им е својствена на природните феномени, туку на човековите несовршени знаења за нив; 2) фреквентната интерпретација не ја фундира веројатноста како епистемички поим, туку како реална карактеристика на објектите или настаните на кои се однесува, овде веројатноста е „гранична вредност на релативната зачестеност на одредено својство“; 3) теоријата на склоност настојува да ја утврди веројатноста на сингуларните случаи, која не е опфатена во фрекфентната интерпретација, особено е практикувана од Попер, со цел да се справи со проблемите на веројатноста на единечните случаи во квантната механика; 4) субјективистичка интерпретација е втемелена на ставот дека „веројатноста претставува степен на увереност на субјектот во одреден исход, врз база на достапните емпириски податоци“; 5) според логичката интерпретација - веројатноста претставува логички однос помеѓу два исказа: едниот се однесува на дадено емпириско сведоштво, а вториот на една хипотеза. Во краткиот критички осврт по направените детални анализи на поентираните интерпретации, м-р Поповски констатира дека, сепак, е исклучително проблематично, проблемот на индукцијата да се решава со воводување на веројатноста како вистинитосна вредност.

Шестиот оддел му е посветен на „прагматичкото оправдување на индукцијата“ – едно од највлијателните и најраспространетите решенија на проблемот на индукцијата. М-р Поповски овде, со полно право, најголемо внимание му посветува на изложувањето на пристапот и решението кои кон проблемот на индукцијата ги изградил Ханс Рајхенбах – еден од корифеите на современата филозофија на науката. Неговата фреквентна интерпретација на веројатноста, која се нуди како решение за проблемот на индукцијата е заснована врз поинакви аргументи. Имено, Рајхенбах примената на индукцијата во донесување на рационални заклучоци ја оправдува прагматички, констатира кандидатот. Решението на Рајхенбах се сведува на констатацијата дека индукцијата, иако не е совршен метод (таков не постои), сепак е најдоброто орудие на научното познание. Неговата аргументација освојува со генијална филозофска префинетост, критичка прецизност, но и со сеопфатноста, оценува м-р Поповски.

Елаборираните и критички проследените решенија на проблемот на оправдувањето на индукцијата, м-р Поповски ги завршува со изложување на „Заклучувањето кон најдоброто објаснување“, кое го тематизира во седмиот оддел. Овој модел на заклучување е специфичен поради вклучувањето и на неговите објаснувачки аспекти. А тој, според кандидатот, се состои главно во идејата дека објаснувачките карактеристики на добиениот заклучок се показател на правилноста на заклучувањето.

Конечно, првото поглавје м-р Поповски го заокружува со осмиот оддел – „Перспективи за концепциите за научното заклучување“. Откако констатира дека проблемот на научното заклучување е еден од централните проблеми во современата филзофија на науката, кандидатот исполнува уште еден значителен дел од ветувањата дадени во воведот на дисертацијата: прави критичко резиме на сите изложени пристапи кон проблемите на логичката и епистемолошката оправданост на научното заклучување. Подлабоките филозофски корени на овој проблем м-р Поповски смета дека потекнуваат од примарната „онтолошко-епистемолошка претпоставка според која научното познание треба да ја отсликува реалната состојба на стварите во светот, кој се смета за независен од познавателниот субјект“ (66). Отука и произлегувала некомпатибилноста на индуктивните заклучоци со поимот на „вистината“ сфатена како некаков одраз на стварноста. Патот кон решението на проблемот м-р Поповски го гледа во „една филозофска концепција која ќе ги вклучи познанието и познаеното во една интегрирана целина“.

Втората суштинска структурна компонента на научното познание, која истовремено е од пресудна важност и за неговата епистемолошка вредност, е формулирана во насловот на второто поглавје: *Проверка на научните заклучоци*.

Излагањето во ова поглавје започнува со одделот посветен на „Хемпеловата конфирмациона концепција и парадоксите на индуктивната конфирмација“. Уште на самите почетоци на филозофијата на науката како посебна филозофска дисциплина како едно од поважните прашања околу кое биле водени опстојни дискусии било токму прашањето за проверувањето на научните теории и хипотези, констатира м-р Поповски. Зачетоците на ваквите дискусии се среќаваат и кај авторите како Бекон, Вивел, Мил и Дуем. Но, првата детално елаборирана и егзактно структурирана теорија на конфирмацијата била формулирана дури кон средината на минатиот век во делата на Карл Густав Хемпел, истакнува кандидатот. На Хемпеловата теорија на индуктивната конфирмација тој и ги посветува пододделите: „Логиката на Хемпеловата конфирмација“ и „Парадоксот на гавранот“. Следува опстојно излагање и опишување на Хемпеловата теориjска апаратура и тешкотиите на кои таа наидува и со кои се обидува да се справи. Со описот и критичката елаборација на Гудменовиот „парадокс на зелсиноста“, како нова загатка на индукцијата, завршува овој прв оддел. Она што посебно го одликува ова излагање не е само во прецизните и детални описи на сложената и технички компликувана теориска апаратура, туку и вешто одбраните илустрации на спомнатите парадокси, со што овие делови на дисертацијата сами по себе се интересно логичко-филозофско четиво.

„Хипотетичко-дедуктивната конфирмација" е предмет на вториот оддел од ова поглавје. Таа, како што оценува авторот на дисертацијата, се јавува како противтежа на индуктивистичките квантитативни конфирмациони концепции во филозофијата на науката. За оваа концепција е карактеристично отфрлањето на тезата дека позитивните инстанции давале индуктивна подршка на испитуваната хипотеза. Специфичноста на хипотетичко-дедуктивистичката конфирмациона концепција м-р Поповски ја согледува во тоа дека според оваа концепција хипотезата бидува потврдена од сведоштвото кое логички го имплицира, а таа импликација најчесто е посредувана од одредено заднинско знаење (80).

„Пробабилистичката конфирмација" резултира од непремостливите тешкотии со кои се соочиле претходните теории на конфирмацијата. Суштината на оваа концепција м-р Поповски ја согледува во тоа дека таа се засновува врз ставот дека емпириските опсервации не ја потврдуваат или побиваат испитуваната хипотеза/теорија во апсолутна смисла, туку тоа го прават само во одредена мера – според одреден степен на веројатност.

„Поперовиот фалсификационизам" е неодминлив и во ова поглавје, бидејќи, како што констатира авторот на овој труд, во Поперовата филозофија на науката процесот на добивање на научни заклучоци и процесот на нивното проверување се еквивалетни. Следува опстојно испитување на валидноста на Поперовиот пристап и во решавањето на парадоксите на индуктивната конфирмација.

Од останатите алтернативни теории на научното проверување, м-р Поповски ја одбира „теоријата на самопоткревањето" на Кларк Глимор. Смислата на оваа теорија на конфирмација авторот на дисертацијата ја согледува во „идејата дека понекогаш одредени научни хипотези добиваат поткрепа од искуството преку процесот во кој еден дел од одредена теорија (чиј дел е хипотезата) во корелација со одредено емпириско сведоштво, е ангажиран во потврдување на друг дел од истата теорија (хипотезата)". (97). Според авторот на оваа концепција – Глимор, историјата на науката изобилувала со примери во кои една теорија се „самопоткрева".

Во духот на даденото ветување од воведот, круната и на ова поглавје е во изложувањето на „Критичките согледби и перспективи за концепциите на научното проверување". Со ова излагање, м-р Поповски дава силна потврда не само за квалитетната елаборација и коректната интерпретација на концепциите и теориите на проверувањето во современата филозофија на науката, туку и за неговата критичка проникливост со која отвора и нови перспективи за решенија на проблемите.

*Промените во науката и нејзиниот прогрес* е насловот на третото поглавје на дисертацијата. Овде кандидатот м-р Поповски со вклучувањето на најзначајните автори од современата филозофија на науката настојува да ги пронајде соодветните одговори на прашањата за бурните и коренити промени кои

се случуваат во сферата на научното познание. Науката е подрачје изложено на постојани темелни промени и ревизии. Затоа, веднаш се поставувале и прашањата: Зошто и како се случуваат овие промени во науката? Дали овие промени можат да бидат шематизирани, па да се создаат правила со чие следење ќе се продуцираат новини? Дали постои научен прогрес?

Во своите обиди да одговори на овие и слични прашања, кандидатот се повикува најнапред на „континенталниот предзнак на револуционерните промени во современата филозофија на науката“ за да потоа премине кон, условно кажано, гледиштата и концепциите на претставниците на аналитичката филозофија на науката. „Континенталната природа“ на познатиот историски пресврт во аналитичката филозофија на науката, станувала најочигледна при споредбата со филозофските погледи на францускиот филозоф Гастон Башлар. Како значаен факт овде се подвлекува неговиот концепт за т.н. „епистемолошки прекини“ со кој се означуваат дисконтинуираните промени во развојот на науката. Со тоа, како што е истакнато во овој труд, овој филозоф триесетина години порано го антиципира Куновото решение за „револуционерните“ промени во науката.

Следуваат излагањата и критичките разгледувања на тројката еминетни претставници на современата филозофија на науката: Томас Кун, Имре Лакатош и Паул Фајерабенд.

Одделот под наслов „Куновите ‚револуции'“ е мошне инструктивен текст бидејќи ги содржи сите клучни поими и објаснувања за разбирањето на коренитите промени во науката. Со нему својствениот манир на прецизност во доловувањето на клучните елементи, м-р Поповски ги елаборира и ги експлицира сите релевантни поими и концепции на Куновите епистемолошки погледи, какви што се поимите: „нормална наука“; „аномалија или криза во нормалната наука“; „парадигма“: „научна револуција“. Темелот на својата концепција на научните промени Кун го гради врз поимите „парадигма“ и „научна револуција“ – поентира кандидатот.

„Методологијата на истражувачките програми“ е препознатливиот наслов во кој се изложуваат филозофските погледи за промените и развојот на научното познание на Имре Лакатош. Овој филозоф на науката, по сопствено признание, своето гледиште го засновува врз Поперовата фалсификационистичка концепција, но со оценка дека неговото гледиште ги надминувало недостатоците на концепцијата на Попер, утврдува м-р Поповски. Истовремено неговото гледиште било и реакција на Куновата филозофија во која се пренагласени ирационалните моменти во промените на научното познание. Всушност, според оцените на кандидатот, Лакатош прави обид за рационална реконструкција на процесот на научните промени и научниот прогрес, втемелени врз секвенци на кои е поделена историјата на науката, кои ги нарекува: „истражувачки програми“. При екпликацијата на концептот на истражувачките програми, како што елаборира кандидатот, значајно е дека за Лакатош секоја ваква програма има два конститутивни дела: „цврсто јадро“ и „помошен (заштитен) појас“. Истражувачките програми подлежат на проверки. Како се случуваат промените во

релативно непроменливото цврсто јадро и флуидните ставови на заштитниот појас е предмет на детална разработка и критичка опсервација кои ги спроведува авторот на дисертацијата.

„Епистемолошкиот анархизам“ на Пол Фајерабенд произлегол како резултат на одредени Кунови идеи, но и како контрапункт на рационалистичкиот концепт на Лакатош, констатира м-р Поповски. Овој креативен, бунтовен филозоф на науката, критичар на позитивизмот и на самата филозофија на науката, како што се наведува во една позната оценка, според м-р Поповски се обидува да ја симне науката од „престолот„ кој незаслужено и бил доделен. Всушност тоа што науката се наметнувала како доминатна свест на нашето доба не е нејзина предност, туку хендикеп кој го попречува нејзиниот прогрес, сметал Фајерабенд. Интерпретациите на кандидатот м-р Поповски одат токму во насоката на клучните ставови на овој необичен мислител. А тука првенствено се мисли на неговото оспорување на научниот метод како единствена рационална владеачка структура. Нема никаквов општоважечки метод, нема никакви правила, треба да се поттикнува секое мислење, отаде и максимата на овој филозоф – „Сè може да мине!“. Радикализмот на Фајерабендовото оспорување на научниот метод и научната методологија, бидејќи науката напредувала секогаш кога ги уривала методолошките правила и принципи, м-р Поповски го засилува интепретативно со трансформацијата на наведената максима во: „Сè треба да мине!“ И токму низ призмата на овој став се градела анархистичката теорија на познанието на овој своевиден филозоф.

Во завршниот оддел на ова поглавје – „Иницијални насоки за развој на идните концепции на научните промени и научниот прогрес“ треба да се истакне заклучниот став на м-р Поповски дека: „...не треба да се инсистира на конципирање на чисто објективни критериуми на научните промени и научниот прогрес, туку една адекватна концепција на научното познанние мора ди ги земе предвид сите релеватни фактори во процесите на научните промени и прогрес – фактори кои покрај епистемолошки и методолошки елементи, опфаќаат и метафизички аспекти, како и социо-психолошки параметри“. (147).

*Проблем на демаркација* е наслов на четвртото поглавје. Како една од неодминливите теми во филозофијата на науката сосем е примерено што добива висок третман и во овој докторски труд. Всушност, таа е во функција на развивањето, објаснувањето и аргументирањето на тезата истакната во насловот на дисертацијата. Најнапред е неоходна дистинкцијата меѓу ненаучното и квазинаучното познание, смета кандидатот. Поимот ненаучно познание, очигледно, е поширок, бидејќи го опфаќа и квазинаучното, те. познанието кое се обидува да се прикаже како научно. Демаркацијата, т.е. разграничувањето на научното од ненаучното познание, како што се укажува во дисертацијата, има не само теориjско, туку и практично значење. Бидејќи, во теориjски поглед демаркацијата има расветлувачка моќ, а во практика е потребна заради тоа што науката е водилка во секојдневниот јавен и приватен живот, се подвлекува во воведниот дел од ова поглавје.

Следува излагањето на „Демаркационите концепции на некои од до сега изложените гледишта“. На почетокот, со право, се укажува на тематизирањето на демаркацијата од страна на логичкиот позитивизам. Бидејќи токму во овој филозофски правец се покренува оваа проблематика со цел да се разграничат исказите на науката од метафизичките искази на филозофијата. Овде се воведува ригидниот конфирмационен критериум, според кој еден исказ е семантички смислен доколку го задоволува критериумот на емпириската проверливост.

Во поновата филозофија на науката овој критериум бидува напуштен. Така, како што истакнува м-р Поповски, Попер во дефинирањето на демаркационите критериуми се потпира на својата фалсификационистичка концепција. Имено, според Попер основен критериум на разграничување на научното од ненаучното познание е побивливоста на хипотезите/теориите, т.е. постоењето на можноста од нивното побивање.

Наспроти Попер, Кун истакнувал дека проверливоста не е она што ја одвојува науката од ненауката, туку способноста за решавање на загатките во рамките на она што тој го подразбира под поимот „нормална наука“.

Согласно со негвиот епистемолошки анархизам, за Фајерабенд, всушност, не постои вистински проблемот на демаркацијата меѓу она што се нарекува научно и ненаучно. Изворот на проблемите бил токму во тоа што такви критериуми не е можно да се утврдат, бидејќи просто не постојат. Ако „Сѐ може да мине“ тогаш тоа автоматски значи дека не е можно да се утврдат стандарди за доделување на епитетот „научно“ – ја поентира својата интерпретација м-р Поповски.

Од другите гледишта изложени и интерпретирани во ова поглавје заслужува внимание и признание напорот на кандидатот да го прикаже „концептуалниот профил“ на псевдонауката на Тагард. Вниманието го привлекува Тагардовото сумирање на критериумите за демаркацијата на науката од псевдонауката, критериуми кои опфаќале логички, историски и психолошки карактеристики.

Во духот да се остане доследен на ветеното од Воведот и ова поглавје е критички поентирано со завршниот оддел:„Демаркациониот профил за идните демаркациони концепции“. Актуелноста на овој централен проблем на филозофијата на науката м-р Поповски го гледа во постојаното наталожување на неговото значење кое има и епистемолошко-теориска и практична природа. По критичките забелешки кон изложените демаркационистички гледишта, авторот преминува кон формулациите на основните одредници на демаркациониот профил за идните демаркациони концепции. Без завлегување во нивната анализа овде е доволно да се истакнат двата основни заклучока врз кои авторот м-р Поповски ги поставува овие одредници. А тоа се: 1)постоењето на одредени заеднички карактеристики околу кои се здружени научните теории и области и 2) проблемот на демаркацијата не може да се префрли на товар на научниците. Тој останува генуино филозофски проблем, аргументирано тврди м-р Поповски.

*Епистемологија на научно-познавателните призми* е насловот на петото последно поглавје на овој докторски труд. Оваа формулација не е никаде спомената во претходниот текст, ниту може да се пронајде во изложените и критички елаборирани гледишта, концепции и теории во делата на бројните автори кои се спомнуваат во текстот на дисертацијата. Ова поглавје е вистинско крешчендо на овој значаен труд од филозофијата на науката. Иако м-р Поповски инсистира на некој вид конклузивна или импликативна врзаност на ова поглавје со сите претходни, сепак, силно се наметнува впечатокот дека тоа е доволно самостојно и дека претставува оглед или студија која по начинот и обемот на реализацијата, по степенот на оригиналноста, всушност, е самостоен труд. Сепак, поглавјето е тематски врзано со претходниот текст па може да се оквалификува како крунска завршница на еден долг и тешко изминат пат низ проблемските лавиринти на современата филозофија на науката.

Во своите интелектуални напори да внесе сопствени видувања во расветлувањето на структурните компоненти и вреднувањето на епистемолошката вредност на научното познание ова иновативно поглавје м-р Поповски го изложува низ следниве оддели: 1) „Познавателните основи на науката“; 2) „Научното заклучување и проблемот на индукцијата ‚ново светло“; 3) „Справување со проблемите и парадоксите на научното проверување“; 4) „Научно-познавателните призми, научните промени и научниот прогрес“ и 5) „Познавателните призми и демаркациониот профил на науката“.

Од самите наслови на одделите видлива е основната интенција на авторот на тезата: да се справи со сите претходно нашироко елаборирани проблеми и, кон изложените и коментираните решенија, да ги изложи на свој начин и сопствените видувања и предлог-решенија. Овде нема екстензивно да бидат излагани и коментирани тие решенија. Само ќе биде истакната оценката дека кандидатот е на висината на поставените задачи и дека во ова поглавје, како по содржина, така и по форма, го засилува аргументативното поентирање на тезата на трудот.

**Карактеристики на дисертацијата**

Докторската дисертација **Структурата и епистемолошката вредност на научното познание во современата филозофија на науката,** поднесена од кандидатот м-р Мартин Поповски, се одликува со следниве карактеристики:

1. сложената теза, како што се гледа и од самата нејзина формулација, кандидатот детално и прецизно ја разви низ содржините на текстот, давајќи силни и издржани аргументи за нераскинливата врзаност на структурираноста и епистемолошката вредност на научното познание во современата филозофија на науката;

2. експозициите на гледиштата, концепциите, теориите и ставовите на авторите се филигрански прецизно изведени, коректно интерпретирани и соодветно компонирани во главната замисла и стратегиските цели на дисертацијата;

3. препознатлив белег на текстот на оваа дисертација се завршните оддели на првите четири поглавја во кои кандидатот не само што ги резимира изложените сфаќања, туку критички се осврнува кон нив со јасна цел да ја изгради сопствената концепција што се гледа во петтото поглавје.

4. кандидатот не само што покажува висок степен на владеење со материјата, туку дава бројни и уверливи докази дека има развиени способности за продуктивна и иновативна надградба на најзначајните проблемски пунктови, за сопствена визура и решенија, со што на активен и креативен начин се вклучува во тековите на современата филозофија на науката;

5. дисертацијата е пишувана со поимниот јазик и терминологијата на современата филозофија на науката, со јасна мисла и соодветно артикулиран реченички израз, со завидна акрибија и научна строгост и економичност на излагањето;

6. со излагањето, толкувањето и критичките елаборации на делата на бројните релвантни автори, текстот на оваа дисертација има значаен придонес за збогатување на македонската филозофска терминологија, и тоа од областите на филозофијата на науката, методологијата, теоријата на познанието и логиката.

**Оцена и предлог**

Докторската дисертација **Структурата и епистемолошката вредност на научното познанние во современата филозофија на науката,** поднесена од м-р Мартин Поповски, ги исполнува сите квалитативно-содржински и формално-технички стандарди предвидени за ваков вид на трудови. Врз основа на изложените анализи и карактеристики, може да се оцени дека оваа дисертација поседува високи научни вредности и дека не е само од академско, туку е и од пошироко општествено значење. Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го усвои овој извештај, да го определи датумот за усна одбрана и да ја избере Комисијата за одбрана на докторската дисертација.

К о м и с и ј а

1. Проф. д-р Мирко Ѓошевски, с.р.
2. Проф. д-р Виолета Панзова, с.р.
3. Проф. д-р Ана Димишковска, с.р.
4. Проф. д-р Иван Џепароски, с.р.
5. Доц. д-р Ристо Солунчев, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕКОХИДРОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИНТЕГРАЛНОТО УПРАВУВАЊЕ СО РЕЧНИТЕ СЛИВОВИ” ОД М-Р ДИМИТРИЈА СЕКОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, донесена на неговата 411. седница одржана на 29.5.2014 година, беше именувана Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов: *Екохидролошки пристап во интегралното управување со речните сливови,* изработена од кандидатот м-р Димитрија Сековски. Комисијата беше именувана во состав: проф. д-р Цветанка Поповска, проф. д-р Петко Пеливаноски, проф. д-р Милорад Јовановски, проф. д-р Иван Блинков и проф. д-р Сузана Патчева. Комисијата, по извршениот преглед на доставената докторска дисертација, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет му го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација **Екохидролошки пристап во интегралното управување со речните сливови** од кандидатот Димитрија Сековски е презентиран на 216 страници. Содржински е конципиран во 7 поглавја, со 63 слики, 32 табели и 127 библиографски единици. Во текстуалниот дел од докторската дисертација е приложен и краток екохидролошки терминолошки речник.

### 1.Предмет на истражувањето

Предметот на истражување во дисертацијата е поврзан со многу актуелниот момент во светот – интегралното управување со речните сливови. Што е уште позначајно, овој проблем се анализира користејќи екохидролошки пристап, каде што се анализираат глобалните социо-економски и еколошки предизвици и потребата од мерки за одржливо управување со поплавите, сушите и недостатокот на вода. Тука се истакнува дека современите истражувања покажуваат дека промените кај водните екосистеми предизвикани од комбинирано дејство на антропогени притисоци и глобални промени достигнале ниво на кое тие веќе не зависат исклучиво од природните процеси како климата, релјефот и вегетацијата. Ваквите состојби се клучни показатели дека примената на традиционалниот технички пристап фокусиран единствено на отстранување на заканите, е еднострана и несоодветен.

Предметот на истражување се заснова на ставот дека трендот на интегрирање на различните научни области во интердисциплинарни и трансдисциплинарни управувачки пристапи претставува соодветен одговор на високоваријабилните предизвици на животната средина.

Согласно со овој факт, се цени дека овој аспект заслужува висок приоритет за научни и практични анализи, и дека предметот на истражување е исклучително значаен за сегашноста.

**2. Содржина на дисертацијата**

Во воведниот дел најнапред се дискутирани глобалните социо-економски и еколошки предизвици и потребата од мерки за одржливо управување со поплавите, сушите и недостатокот на вода. Во воведот се истакнува дека современите истражувања покажуваат дека промените кај водните екосистеми предизвикани од комбинирано дејство на антропогени притисоци и глобални промени достигнале ниво на кое тие веќе не зависат исклучиво од природните процеси како климата, релјефот и вегетацијата.

Ваквите состојби се клучни показатели дека примената на традиционалниот технички пристап, фокусиран единствено на отстранување на заканите, е едностран и несоодветен. Трендот на интегрирање на различните научни области во интердисциплинарни и трансдисциплинарни управувачки пристапи претставува соодветен одговор на високоваријабилните предизвици на животната средина. Понатаму, во овој воведен дел се изнесени детално предметот и целите на истражувањето, методологијата, структурата и содржината на предметната докторска дисертација.

Во второто поглавје *Интегрално управување со водните ресурси на ниво на речен слив*, презентирани се основните поими, дефиниции и принципи на интегралното управување со водните ресурси (ИУВР). Оваа управувачка парадигма со универзално значење е прикажана како основа на новата генерација на пристапи засновани на принципите на одржливиот развој. Токму појавата на ИУВР ги дава насоките за развој на современите управувачки пристапи и политики за водите.

Третото поглавје со наслов *Екохидрологија – нова парадигма во управувањето и реставрација на водните ресурси,* е всушност, еден од носечките делови на дисертацијата. Тука е презентиран научниот концепт на екохидрологијата, основните хипотези, дефиниции и принципи. Дискутирани се хидролошките и биогеохемиските циклуси и пределската структура на сливните подрачја, како и нивните промени како резултат на притисоците од загадувањето, внесот на нутриентите и хидроморфолошките модификации. Систематизирани се клучните еколошки и социо – економски придобивки од подобрувањето на хидролошкиот режим, циклусот на нутриентите (главно фосфорот) со примената на различните екохидролошки решенија (на пр. вегетациски појаси, екотони, природни и вештачки блатни системи и сл.). Преку преглед на примери од светот, презентирана е и сеопфатна методологија за формулирање на системски екохидролошки решенија. Дополнително, во ова поглавје се образложени основните претпоставки на екохидролошки заснован мониторинг систем, со цел, меѓу другото, да се обезбеди основа за разработка на предлог-мониторинг системот во рамките на студијата на случај опфатена во шестото поглавје.

Во четвртото поглавје *Екохидролошко моделирање: поддршка на развојот и евалуацијата на стратегиите за управување со водните ресурси,*

презентирани се основната структура, функциите и досегашните искуства од користењето на SWIM (Soil and Water Integrated Model), еден од најнапредните екохидролошки модели. Станува збор за GIS (Geographic Information System) базирана алатка за моделирање на хидролошките процеси и квалитетот на водите. Моделот е развиен во Европа во подрачја со умерена клима, па како таков е релевантен за Р. Македонија. Тој ги интегрира хидролошките процеси, вегетацијата, ерозијата и нутриентите на ниво на сливно подрачје. Од анализите во ова поглавје, произлегуваат препораки за идно зголемено користење на екохидролошките модели како корисни алатки во управувањето со комплексните хидролошки и еколошки процеси во сливните подрачја.

Петтото поглавје *Рамковна директива за водите: Управувачки аспекти*“ се однесува на Рамковната директива за водите (РДВ). Тука се систематизирани нејзиниот еволутивен пат, клучните елементи и главните карактеристики на управувачкиот пристап на ниво на сливно подрачје. Опишана е методологијата на изработка на плановите за управување со сливните подрачја, низ нејзини клучни фази (пр. делинеација и типологија на водните тела, класификација на еколошкиот статус и референтните услови, поставување на цели на животната средина и дефинирањето на програмата на мерки). Посебен осврт е даден на важноста и типовите на мониторинг што со РДВ се воведуваат како клучна алка во комплексниот управувачки систем. Врз основа на презентираното во оваа и претходната тематска единица, предложен е концепт за интегрирање на екохидролошкиот пристап во системот за управување со водите согласно со РДВ.

Во наредното поглавје *Студија на случај: екохидролошки пристап во интегралното управување со сливот на Преспанското Езеро*, опфатена е студијата на случај која вклучува примена на екохидролошкиот пристап во интегралното управување со сливот на Голема Река – најголемата и најмногу деградираната притока на Преспанското Езеро. За таа цел, во дисертацијата е опфатена анализа на најновите сознанија, состојби и предизвици со кои се соочува екосистемот на Преспанското Езеро. Направена е подетална карактеризација на сливот на Голема Река, следејќи ја методологијата на РДВ и најновите сознанија систематизирани во Планот за управување со сливот на Преспанското Езеро (УНДП, 2011). Предложени се екохидролошки решенија за главните притисоци и влијанија во разгледуваниот речен слив. Посебен фокус е ставен на предлозите за обновување на речниот коридор и блатните површини во сливот на Голема Река, заради регулирање на хидролошкиот режим и биогеохемиските циклуси. Предложените екохидролошки методи се групирани според изворите на притисоци врз водите (точкести извори, дифузни извори и хидроморфолошки притисоци).

Од овој концепт, издиференцирани се три можни екохидролошки засновани технички решенија, за чијашто оценка и рангирање предложен е систем на мултикритериумска анализа. Врз основа на анализа на други слични примери и директни искуства на авторот од спроведување на реставрациски проекти, категоризирани се главните ограничувања за

примена на екохидролошкиот пристап со оглед на карактеристиките на локалниот контекст. И покрај ограничувањата, од презентираното во студијата на случај, изведена е аргументација со која се оправдува поголем удел на екохидролошките

решенија во идните планови за управување со сливот, како надградба (или понекогаш замена) на конвенционалните, главно хидротехнички мерки.

Со цел да се насочат потенцијалните идни истражувачки или апликативни проекти, за разгледуваното сливно подрачје, предложена е сеопфатна екохидролошка мониторинг програма. Предлогот во себе вклучува надградба на постоејната мониторинг-мрежа со дополнителни мерни места и мониторинг-параметри, врз основа на повеќе критериуми и барања, вклучително и обезбедување на доверливи податоци при ниска цена.

Последното, седмо поглавје со наслов *Научен придонес, актуелност на истражувањето, заклучоци и препораки* ги презентира главните заклучоци и анализа на научниот придонес на истражувањето. Дополнително, дадени се насоки за идни истражувања на теми поврзани со екохидрологијата, со цел нејзино понатамошно промовирање и поголема практична примена.

Во два анекса, врз основа на истражувања на литературата, пренесени се основните параметри за примена на вообичаените типови на вегетација во контролата на циклусот на нутриентите (пр. стапка на прираст на биомаса, стапка на асимилација на нутриентите од страна на различните видови растенија и уделот не нутриентите во растителната биомаса), како и критериумите за проектирање на различните типови на вештачки блатни системи за третман. Со оглед на тоа што овие параметри произлегуваат од истражувања во други земји, постои можност од нивно тестирање, преку дополнителни истражувања, во условите на Р. Македонија. Тие можат да се користат како ориентациони параметри за проектирање на екохидролошки решенија кои предвидуваат примена на вегетација и вештачки блатни системи.

На крајот, со оглед на тоа што ова е прво истражување на оваа тема кај нас, се наметна потребата од систематизирање и приспособување на основните поими и дефиниции кои се користат или произлегуваат од екохидролошката наука. Тоа е направено во рамките на екохидролошкиот терминолошки речник, на крајот на дисертацијата. Целта е дополнително да се зајакне појдовната основа за идните истражувања на оваа или други сродни теми.

## 3.Придонес на докторската дисертација

Придонесот на дисертацијата може јасно да се согледа и од приказот на неговата содржина. Комисиијата цени дека трудот е систематизиран многу успешно, методите и техниките се иновативни и презентирани детално и со висок степен на разбирање дури и за допирните дисциплини кои не се од потесната специјалност на кандидатот.

Трудот претставува многу успешна синтеза на фундаменталните поставки за интердисциплинарен пристап во користењето на водните

ресурси и управувањето со речните сливови. Спроведените истражувања се придонес кон транспонирањето на основните принципи и концепти на екохидрологијата во оперативна рамка за примена на специфични методи и решенија.

Поврзувајќи ги екохидрологијата и политиката за управување со водите дефинирана со РДВ, ова истражување ја поттикнува еволуцијата на управувачката

парадигма, од моментално единствено правна рамка, кон научно заснован пристап во надминувањето на актуелните предизвици во управувањето со водите. На ваков начин со овој труд се поддржуваат напорите за исполнување на обврските како од домашното законодавство, така и од евроинтеграцискиот процес на државата.

Истражувањата во овој труд покажуваат дека најуспешни примери на заштита и обновување на водните екосистеми се засновани на примена на комбинација на мерки во рамките на системски решенија, наспроти вообичаените ad-hoc интервенции. Екохидролошкиот приод е, всушност, надградба на едностраните, чисто технички решенија за управување, кои историски ги игнорирале или потценувале природните и општествени процеси во сливните подрачја.

## З А К Л У Ч О К

Од изнесеното во овој извештај може да се констатира дека докторската дисертација под наслов ***Екохидролошки пристап во интегралсното управување со речните сливови*** изработен од Димитрија Сековски, ги исполнува предвидените цели и задачи и ги презентира очекуваните резултати. Покрај *Прирачникот за реставрација на реки* финансиран и публикуван од Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) и Глобалниот фонд за животна средина (GEF), овој труд е прв од ваков вид на истражување не само во нашата земја туку и во регионот и демонстрира успешно изучени и совладани техники и методи за екохидролошки пристап на управување и реставрација на речни сливови, кои и во светски рамки се релативно нов приод во користењето, заштитата и управувањето со акватичните екосистеми. Списокот на библиографски единици е импресивен и од понов датум, а приложените графички прикази и логички дијаграми се репрезентативни и многу успешно коментирани. Посебно е значајно што со трудот се поддржуваат напорите за исполнување на обврските како од домашното законодавство, така и од евроинтеграцискиот процес на државата. Истражувањата во овој труд покажуваат дека најуспешни примери на заштита и обновување на водните екосистеми се засновани на примена на комбинација на мерки во рамките на системски решенија, наспроти вообичаените ad-hoc интервенции кои генерално не водат сметка за хидролошките и биолошките процеси во сливот.

Придонесот на дисертацијата се рефлектира и низ елаборираната студија за сливот на Голема река, во рамките на која, со примена на екохидролошкиот пристап, се предложени неколку алтернативни решенија за обновување на функциите на овој речен екосистем, како важен чекор во заштита на Преспанското Езеро од притисоците во сливот. Разработен е флексибилен систем на мултикритериумска оценка на алтернатините решенија, кој со мали приспособувања може да се применува и за други слични реставрациски потфати. Анализата на можностите, но и ограничувањата за примена на екохидролошкиот пристап, им овозможува на идните истражувачи и професионалци од релевантните области да ги надградуваат методите, подобрувајќи го на таков начин планирањето и имплементацијата на проектите за реставрација.

Врз основа на гореизнесеното, како и во согласност со Законот за високото образование на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломските и докторски студии и зддобивање со докторат на науки на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, да ***го прифати*** извештајот од прегледот и оценката на докторскиот труд под наслов *Екохидролошки пристап во интегралното управување со речните сливови* изработен од Димитрија Сековски, и да закаже јавна одбрана.

***КОМИСИЈА***

1. Проф. д-р Цветанка Поповска с.р

2. Проф. д-р Петко Пеливаноски с.р

3. Проф. д-р Милорад Јовановски с.р

4. Проф. д-р Иван Блинков с.р

5. Проф. д-р Сузана Патчева с.р

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР-ПРЕИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА ГРУПА НАСТАВНА ПРОГРАМА БОТАНИКА И ДЕНДРОЛОГИЈА НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Согласно со член 44 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје- пречистен текст (Универзитетски гласник бр.274 од 31.XII 2013 година), Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје, на III седница одржана на 14.IV 2014 година, донесе Одлука број 0201-275/2 со која избра Рецензентска комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор-преизбор во соработничко звање - асистент на група наставна програма/област ботаника и дендрологија, научно подрачје: 4.10 шумарство и хортикултура, во состав: д-р Јане Ацевски, редовен професор, д-р Коле Василевски, редовен професор и д-р Никола Николов, редовен професор, сите од Шумарскиот факултет во Скопје.

Согласно со конкурсот распишан од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предлог на Шумарскиот факултет во Скопје, објавен на 26.III 2014 година во дневните весници „Дневник“ и „Љајм (Lajm)“, се пријави само кандидатот м-р Бојан Симовски, асистент на Шумарскиот факултет во Скопје, за избор-преизбор во соработничко звање - асистент на група наставна програма/област ботаника и дендрологија, научно подрачје: 4.10 шумарство и хортикултура, на предметите ботаника, дендрологија, фитоценологија, урбана дендрологија, отровни, лековити и јадливи растенија (пријава со арх. бр. 04-234/1 од 26.III 2014 година).

По разгледувањето на поднесената пријава и придружните документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Кандидатот м-р Бојан Симовски е роден на 4.X 1982 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование. Во учебната 2001/2002 година се запишал на Шумарскиот факултет во Скопје, на насоката озеленување и унапредување на животната средина. На 3.V 2007 година дипломирал со среден успех на студии 9,02 како најдобар студент на Шумарскиот факултет во Скопје во учебната 2006/2007 година и се стекнал со звањето дипломиран инженер по озеленување и унапредување на животната средина. Добитник е на пофалница од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на признанието „Инженерски прстен“ од Инженерската институција на Македонија за постигнатиот најдобар успех во студирањето на Шумарскиот факултет во Скопје во академската 2006/2007 година. Во летниот семестар 2006/2007 година е демонстратор по предметот дендрологија, а од октомври 2007 година е помлад асистент-приправник на наставната програма ботаника и дендрологија. Во учебната 2007/2008 година се запишал на постдипломски студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на научната област дендрологија и фитоценологија. Од октомври 2009

година е помлад асистент на наставната програма ботаника и дендрологија. Со научно звање магистер на шумарски науки се стекнал на 16.V 2011 година со јавна одбрана на магистерската работа со наслов „Дендрофлористички карактеристики на Националниот парк 'Маврово'", со среден просек на студии 10,00. Од октомври 2011 година е избран во соработничко звање - асистент на наставната програма ботаника и дендрологија. Во декември 2014 година, кандидатот ја пријавува докторската дисертација со наслов „Природни сукцесии во шумите од Националниот парк 'Маврово'".

Неговата досегашна работа во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност е посочена при неговиот избор во соработничко звање - помлад асистент-приправник, помлад асистент и асистент во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.922 од 15 јуни 2007 година, бр.965 од 1 јули 2009 година и бр.1012 од 15 јули 2011 година. Кандидатот самостојно или со други автори учествувал во подготвувањето и изработката на повеќе наставно-образовни, научноистражувачки и стручно-апликативни активности, како и активно учество во национални и меѓународни проекти, конгреси, конференции, семинари, симпозиуми, работилници и обуки.

Кандидатот м-р Бојан Симовски учествувал во повеќе комисии на Шумарскиот факултет во Скопје и во комисии и тела од стручната област во други организации.

Кандидатот активно го познава англискиот јазик, пасивно германскиот јазик, има основни познавања од албанскиот јазик, а во рамките на наставно-научната дејност се служи и со латинскиот јазик. Исто така, одлично се користи со современи компјутерски вештини, Microsoft office-пакетот и интернет, како и Corel Draw.

**Наставно-образовна дејност**

Досега, кандидатот м-р Бојан Симовски успешно ја изведува наставно-образовната дејност на додипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиските програми озеленување и унапредување на животната средина (ОУЖС) и шумарство по предметите ботаника, дендрологија и фитоценологија, на студиската програма ОУЖС по предметот урбана дендрологија, а како соработник на студиските програми проектирање и технологија на мебел и ентериер и механичка технологија на дрвото по предметот основи на дендрологија на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

Кандидатот е ангажиран и како соработник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на студиската програма градинарство и цвеќарство, по предметот декоративни растенија.

Од учебната 2013/2014 година кандидатот успешно ја изведува наставно-образовната дејност на додипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиските програми шумарство, пејзажно дизајнирање и екоинженеринг и екоменаџмент по предметите ботаника, дендрологија, фитоценологија и отровни, лековити и јадливи растенија, како и на студиската програма пејзажно дизајнирање по предметот урбана дендрологија. Исто така, од учебната 2013/2014 година кандидатот е вклучен и во наставата за предметот дендрологија од УКИМ-Шумарскиот факултет во Скопје на листата на универзитетски изборни предмети.

Од изборот во звањето асистент до сега, кандидатот остварил голем број на консултации со студенти и подготвил пакет материјали по предметите ботаника, дендрологија, фитоценологија и урбана дендрологија. Исто така, кандидатот е коавтор на една брошура и објавил 6 научно-популарни статии во стручно списание, а активно учествувал како ментор во 3 студентски проекти поврзани со наставно-образовната дејност.

Наставата ја изведувал на завидно педагошко рамниште, ползувајќи ги стекнатите искуства во научноистражувачката и апликативната работа и бројните контакти што ги остварил кај нас и во меѓународни рамки. Притоа, со дел од стручните лица извел и повеќе заеднички часови, претставувајќи им ги на неговите студенти успешните професионалци.

Досегашната ангажираност на кандидатот како асистент на наставната програма ботаника и дендрологија се огледа во трудољубивоста и целосната посветеност кон студентите и истражувањата, како и во солидната подготовка и презентација на наставната материја. Кандидатот е поттикнувач на повеќе иницијативи за соодветно спроведување на европскиот кредит-трансфер систем во наставата.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Бојан Симовски од изборот во звањето асистент до сега изготвил како соработник со други автори 5 меѓународни научни и стручни трудови, од кои за нагласување е трудот со наслов „The fir as a destructor of the forest communities in the Republic of Macedonia“, презентиран на XIV меѓународен симпозиум за елата во Кастамону, Турција, во 2012 година, а потоа објавен во посебното издание на научното списание на Шумарскиот факултет при Универзитетот во Кастамону, Турција.

Кандидатот бил стручен редактор на македонски превод на енциклопедија со наслов „Растенија“. Од 2012 година е член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание Шумарски преглед во издаваштво на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје.

Кандидатот е учесник во 7 меѓународни, национални и локални проекти, од кои за истакнување е научноистражувачкиот проект „Библиографија на хербарската збирка на Шумарскиот факултет во Скопје (Херба ШФ)“, реализиран со Програмата на УКИМ за финансирање на научноистражувачки проекти во 2012 година.

**Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот м-р Бојан Симовски од изборот во звањето асистент до сега изготвил самостојно или како соработник со други автори 8 стручно-апликативни трудови, односно студии, елаборати, проекти, програми, стручни рецензии, решенија и еколошки акциски планови.

Исто така, за одбележување се и неговите промотивни активности на Факултетот како координатор и член.

Во однос на неговата дејност од поширок интерес, за истакнување се активностите поврзани со струката, потоа организациски, фотографски, техничко/технолошки активности (коавтор и администратор на интернет-

страницата на Шумарскиот факултет во Скопје), член на Центарот за кариера на Факултетот, како и членства во тела на струкови организации.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Комисијата со внимание ги разгледа пријавата и приложените документи на кандидатот. Врз основа на погоре изнесеното, односно стручно-научните и педагошки квалитети, Рецензентската комисија констатира дека м-р Бојан Симовски ги исполнува сите услови за стекнување на соработничко звање - асистент на група наставна програма ботаника и дендрологија.

Согласно со тоа, членовите на Комисијата имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет при УКИМ во Скопје на својата наредна седница да го промовира во соработничко звање - АСИСТЕНТ кандидатот М-Р БОЈАН СИМОВСКИ.

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Јане Ацевски, редовен професор, с.р.

2. Д-р Коле Василевски, редовен професор, с.р.

3. Д-р Никола Николов, редовен професор, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

На пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје

| Ред.бр. | Кандидат | Наслов на тема за изработка на магистерски труд | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Дипл.инж.Виктор Вулгаракис | „Булеварското зеленило во град Скопје во корелација со системите за наводнување | Проф.д-р Јасминка Ризовска-Атанасовска |
| 1. | Eng. Viktor Vulgarakis | Boulevard greenery in the city of Skopje in correlation with the irrigation systems | Prof. JasminkaRizovskaAtanasovska |